# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ (2026 – 2036)

Кавадарци, Мај 2026.

## ➢ Предговор



Почитувани,

Стратегијата за локален економски развој на Општина Кавадарци за периодот 2026-2036 година претставува клучен развоен документ со кој општината ги дефинира своите приоритети, цели и насоки за наредната деценија. Овој документ е резултат на широк партиципативен процес во кој беа вклучени локалната администрација, деловниот сектор, граѓанските организации и жителите на општината. Верувам дека само заедно — институциите, бизнис заедницата и граѓаните — можеме да го изградиме Кавадарци каков што го сакаме: современ, економски силен и атрактивен за живот и инвестиции.

Стратегијата ја градиме врз реалните состојби, поуките од претходниот стратешки период 2014-2020 и новите можности кои ни ги нудат процесите на европска интеграција, дигитализација и зелена транзиција. Пред нас е деценија на одговорност, работа и конкретни резултати за сите жители на нашата општина.

***Градоначалник на Општина Кавадарци* д-р.*Митко Јанчев***

**СОДРЖИНА:**

1. Вовед
1.1 Структура на Стратегијата
1.1 Вертикална и хоризонтална интеграција на стратегијата со другите развојни политики
1.1.1 Вертикално поврзување
1.1.2 Хоризонтална поврзување
2. Профил на Општина Кавадарци
3. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТ И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА
4. Мисија и Визија на Општина Кавадарци
5. Стратешки развојни цели на Општина Кавадарци
5.1 Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште
5.2 Анализа на состојбата
5.3 Заштита на животната средина и природата
5.4 Локален економски развој
5.5 Комунални дејности
5.6 Култура
5.7 Спорт и рекреација.
5.8 Социјална заштита и заштита на децата
5.9 Образование
5.10 Здравствена заштита.
5.11 Заштита и спасување
5.12 Противпожарна заштита
6. Развојни приоритети.
СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ 2026-2036.
Столб 1: Урбана и транспортна инфраструктура.
Столб 2:Економски развој и инвестиции.
Столб 3:Животна средина, одржлив развој и дигитализација.
Столб 4:Квалитет на живот
СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА.
6.1 Развојни програми, цели на програмите, мерки, активности и портфолио на проекти.
6.2 Програма за култура
6.3 Програма за противпожарна заштита
6.4 Програма за спорт и рекреација
6.5 Програма за образование
6.6 Програма за заштита на животна средина и природа
6.7 Програма за унапредување на здравствена заштита
6.8 Програма за Локален Економски Развој
Потпрограма за поттикнување на развојот на туризмот
Потпрограма за изградба на комерцијални објекти
7. Буџет со динамика на финансирање и извори на финансирање
8.План за спроведување
9. План за мониторинг и евалуација
Анекс 1Социо економска и еколошка анализа
Анекс 2 Демографски развој
Анекс 3 Пазар на трудот
Анекс 4 Економски аспект
Комунална инфраструктура и планирање
Безбедност и сигурност во заедницата
Урбанизам

# 1. ВОВЕД

## 1.1Структура на Стратегијата

Стратегијата за локален развој на Општина Кавадарци е составена од девет поглавја.

На почеток на Стратегијата е вградено воведно обраќање на градоначалникот на општината. Потоа како делови од првото – воведно поглавје опишана е структурата на стратегијата, односно вертикалната и хоризонтална интеграција со други развојни политики.

Второто поглавје се состои од вовед, профил на општината, третото поглавје ни дава опис на клучните наоди од социо-економската и еколошка анализа како и swot анализата.

Во четвртото поглавје опишана е мисијата и визијата на општината, додека во петото поглавје се опишани стратешките развојни цели на општината со вклучена анализа на состојбата од повеќе аспекти,

Во шестото поглавје, врз основа на претходните анализи, е формулирана развојната визија на општина Кавадарци и за секоја област на надлежност се дефинирани развојните стратешки цели. Во продолжение на планот е направена приоретизација на стратешките цели  и врз нивна основа се развиени програми со голем број мерки, активности и проекти, чијашто реализација цели кон надминување на голем број предизвици кои имаат директно влијание врз севкупниот развој на општина Кавадарци и истовремено искористување на споредбениот развоен потенцијал на општината.

Седмото поглавје ја определува динамиката на финансирање и извори на финансирање на проектите кои ги реализира општината заедно со централната власт и други извори на финансирање.

Осмото поглавје го опфаќа планот за спроведување на активностите како иразвојните програми на општината за секоја област на надлежност, согласно последниот буџетски циркулар . За секоја област на надлежност се наведени развојните програми, специфичните цели за секоја развојна програма, мерките поврзани со развојната програма, активностите поврзани со секоја развојна програма, а кои немаат финансиски импликации или имаат мали финансиски имликации и на крај се наведени подпрограми/проекти поврзани со секоја развојна програма. На тој начин поблиску се поврзува со буџетскиот процес и структурата на Буџетот на општината.

Во деветото поглавје е опишан планот за мониторинг и евалуација проследен со четири анекси во делот на социо-економската и еколошка анализа, демографски развој, пазар на трудот и дел од економски аспект, комунална инфраструктура, безбедност, сигурсност во заедницата како и урбанизам.

## 1.2 Вертикална и хоризонтална интеграција на стратегијата со другите развојни политики

При изработката на Стратегијата за развој на општина Кавадарци,а со цел вертикална и хоризонтална усогласеност, беа консултирани и земени предвид целите за одржлив развој утврдени од страна на Обединетите нации, клучните развојни документи на ЕУ, стратешките развојни документи на национално и регионално ниво,како и секторските развојни документи на општината.

### 1.2.1 Вертикално поврзување

- **Допирни точки на развојниот со глобалните цели за одржлив развој (ЦОР) и клучните развојни документи на ЕУ**

Цели за одржлив развој (скратено ЦОР) — е група од 17 цели во врска со меѓународниот развој во иднина. Целите биле утврдени од страна на Обединетите нации и се промовирани како „Глобални цели за одржлив развој“. Тие ги замениле Милениумските развојни цели, чијшто временски период на исполнување завршил на крајот од 2015 година. Целите за одржлив развој се спроведуваат од 2015 до 2030 година. Се состојат од 169 потцели и 247 показатели за мерење на напредокот кон нивното постигнување.

Оваа стратегија се поврзува со следниве глобални цели за одржлив развој:

- Цел 1: Нема сиромаштија, да се стави крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде;
- Цел 2: Нема глад - да се стави крај на гладувањето, да се постигне безбедност на храната и подобрување на исхраната и да се промовира одржливо земјоделство;
- Цел 3: Добро здравје - да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојба за сите од секоја возраст;
- Цел 4: Квалитетно образование - да се обезбеди инклузивно и еднакво квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите;
- Цел 5: Родова еднаквост - да се постигне родова еднаквост и да се охрабрат жените и девојчињата;

- Цел 6: Чиста вода и санитарни услови - да се обезбеди пристап до и одржливо управување со вода и санитарни услови за сите;
- Цел 7: Обновлива и достапна енергија - да се обезбеди пристап до прифатлива, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите;
- Цел 8: Добри работни места и економија - промовирање на инклузивен и одржлив економски раст, вработување и пристојна работа за сите;
- Цел 9:Иновативност и добра инфраструктура - изградба на прилагодлива инфраструктура, промовирање на одржлива индустријализација и поттикнување на иновации;
- Цел 10: Намалена нееднаквост - намалување на нееднаквоста во и меѓу земјите;
- Цел 11: Одржливи градови и заедници -остварување на инклузивни градови и населби, безбедни, прилагодливи и одржливи;
- Цел 12: Одговорно користење на ресурсите - да се обезбеди одржлива потрошувачка и производство;
- Цел 13: Преземање мерки за климата - да се преземат итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание;
- Цел 15: Одржливо искористување на земјата - заштита, обновување и промовирање на одржливото користење на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, борба против опустинувањето и спречување на и повлекување на земјишната деградација и спречување на намалувањето на биолошката разновидност;
- Цел 16: Мир и правда - промоција на мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, пристап до правда за сите и изградба на ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа;
- Цел 17: Партнерство за одржлив развој - зајакнување на средства за спроведување и ревитализација на глобалното партнерство за одржлив развој

Документот е усогласен со целите на регионалните политики на ЕУ за постигнување рамномерен развој и социјална, економска и територијална кохезија, притоа имплементирајќи мерки кои се однесуваат на растот и вработувањето, противмерки за климатските промени и енергетските прашања и намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост.

По 2020 година, новата кохезиона политика на ЕУ настојува сите држави да учествуваат во зелената и дигиталната транзиција.

Кохезионата политика на ЕУ од своја страна придонесува за зајакнување на економската, социјалната и територијалната кохезија на Европската Унија. Таа има за цел да ја поправи нерамнотежата помеѓу земјите и регионите. Таа ги исполнува политичките приоритети на Унијата, особено зелената и дигиталната транзиција. Кохезионата политика е главната инвестициска политика на ЕУ и еден од нејзините најконкретни изрази на солидарност.

Петте главни цели на политиката се:

1) Попаметна Европа, преку иновации, дигитализација, економска трансформација и поддршка на малите и средни бизниси;

2) Позелена Европа без јаглерод, спроведување на Парискиот договор и инвестирање во енергетската транзиција, обновливите извори на енергија и борбата против климатските промени;

3) Поповрзана Европа, со стратешки транспорт и дигитални мрежи;

4) Посоцијална Европа, обезбедувајќи го европскиот столб за социјални права и поддржувајќи квалитетно вработување, образование, вештини, социјална вклученост и еднаков пристап до здравствена заштита;

5) Европа поблиску до граѓаните, преку поддршка на локални стратегии за развој и одржлив урбан развој низ ЕУ.

При подготовката на стратешкиот документ за општината беа земени предвид и целите на Европскиот зелен договор (ЕЗД) за трансформација на ЕУ во модерна, ресурсно ефикасна и конкурентна економија која планира да биде првиот климатски неутрален континент, обезбедувајќи:

- дека нема да има нето емисии на стакленички гасови до 2050 година;
- економски раст одвоен од користењето на ресурсите;
- дека ниту една личност ниту место нема да биде заборавено.

### ➢ Допирни точки со националните стратегии

При консултирање на релевантните национални стратешки документи, основна појдовна точка беше дека националните стратегии и останатите документи се во согласност со горенаведените цели и иницијативи на Европската Унија.

При подготовката на овој документ за општина Кавадарци, особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[1];
- Акционен план за 2021 - 2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[2];
- Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[3];
- Национална стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година[4];
- План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година[5];
- План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[6];
- Национална стратегија за заштита на природата[7];
- Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година[8];
- Национален план за енергија и клима[9];
- Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година[10];
- Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[11];
- Стратегија за индустриски развој 2018 - 2027 година, со Акционен план[12];
- Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 - 2023 година[13];
- Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година[14];
- Национална стратегија за МСП 2018 - 2023 година[15];
- Национална стратегија за млади 2016 - 2025 година[16];
- Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027 година[17];
- Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година[18];
- Стратегија за образование 2018 - 2025 година[19];
- Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 - 2024 година (со перспектива до 2026 година)[20];
- Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година[21] и
- Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.
- 

- [1]https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
  [2]https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
  [3]https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
- [4]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
  [5]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
  [6]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
- [7]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
- [8]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
  [9]https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf

---

[10]https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
[11]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30d e0a2.pdf
[12]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strate gija.pdf [13]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf
[14]https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021. pdf [15]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf
[16]https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[17]https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf
[18]https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[19]https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[20]https://finance.gov.mk/
2 [1]https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

## ➢ Допирни точки со регионалните стратегии

*Програма за развој на Вардарскиот плански регион 2021-2026 година*

Општина Кавадарци припаѓа на Вардарскиот плански регион и како предмет на анализа се земени документите од овој регион, а првенствено Програмата за развој на Вардарскиот плански регион.

Вредно е да се спомене дека во изработката на овој, како и на другите регионални документи, редовно и во континуитет учествуваат заинтересирани страни од општина Кавадарци.

Стратегијата на општина Кавадарци е во согласност со следните цели:

**Среднорочна цел бр. 1**: Унапредување на инфраструктуратаво регионот;
**Среднорочна цел бр. 2:** Унапредување на економскиот развој во регионот;
**Среднорочна цел бр. 3:** Заштита на животната средина во регионот;
**Среднорочна цел бр. 4:** Зајакнување на човечките потенцијали;
**Среднорочна цел бр. 5**: Задржување на младите во регионот;

### 1.2.2 Хоризонтално поврзување

Ако при анализата на меѓународните, националните и регионалните документи зборувавме за директна врска и за напор да се постават цели кои означуваат и овозможуваат одржлив и инклузивен развој, усогласено секаде каде што е тоа е можно, при анализата на локалните документи целта беше да се идентификуваат и интегрираат

сите поединечни секторски цели кои се наведени во постоечките - тематски развојни документи на општината, во еден стратешки документ.

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки документ во предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на општината на локално ниво, како на пример Стратегијата за родова еднаквост на Општина Кавадарци 2024-2027, Стартегија за управување со ризиците на Општина Кавадарци, како и план за превенција од корупција, Интегриран локален развоен план за општина Кавадарци, Енергетски план за општина Кавадарци.

## 2. Профил на Општина Кавадарци

### ❖ Историјат

Постојат голем број историски натписи, артефакти и археолошки ископини кои говорат за постоење населби во поширокиот регион на Кавадарци уште во античко време и во средниот век. Како сведоци од средниот век се многуте прекрасни средновековни цркви и манастири во околината особено околу пештерите на бреговите на Тиквешкото Езеро.

Со доаѓањето на Турците и започнувањето на окупацијата од Отоманската империја во 14 век,се уништени сите постојни села, а населението бегало и се населило на нова локација, со што е означен зачетокот на новата населба Кавадарци.
Според најстарите писмени записи, Кавадарци првпат се споменува во 1519 година како населба која брои 28 семејства. Подоцна, населбата Кавадарци се споменува во турски документи од 1823 година. Во документот Кавадарци е спомнат како мала населба („касаба") со околу 2.000 жителиво крајниот источен дел на тогашниот Битолски вилает. Кавадарци бил главен стопански, трговски и административен центар на Тиквешката каза, но и покрај тоа основна карактеристика на неговото стопанство било земјоделието. Лозарството и производството на грозје, вино и ракија со векови биле најпрепознатливиот белег на Кавадарци и Тиквешијата. Кон крајот на 19 век само во градот било регистрирано годишно производство наповеќе од 2 милиони оки грозје. Освен грозјето во Кавадарци и околината се произведувал многуквалитетен афион, сусам, памук, анасон, тутун, рж, јачмен, пченица, просо и др., а на пазарите восреда и петок се носеле голем број крупен и ситен добиток и живина. Во чаршиското маало билераспоредени сите трговски и занаетчиски дуќани кои ги имало повеќе од 200, а најмногубројнибиле: казанџии, ортомари, столари, опинчари, шивачи, ковачи, клинчари, налбати, аҳџилници, фурнаџии, бербери и др. Првата мануфактурна работилница ја

отворил Евреинот Беџо, а имало и шарлагалници и еден млин кој работел на водена пара. Од поголемите преработувачки претпријатија во градот ќе го споменеме отворањето на Тутуновиот монопол во 1928 година, во кое работа нашле голем број граѓани. По втората светска војна Кавадарци се развива во модерна општина која ја негува традицијата напроизводство на грозје, вино и ракија, а подоцна и како индустриски центар.

Денешната Општина Кавадарци претставува модерен урбан град со развиена индустрија и земјоделство, пред се производство на грозје, а потоа и производство на вино. Градот е познат на светската мапа по квалитетното вино и ракија, бројните винарии, гостопримливите жители. Покрајтоа, Кавадарци е познат и како производител на квалитетна амбалажирана вода за пиење. Од индустриските капацитети, Кавадарци е препознатлив по фабриката Еуроникел Индустри, фабриката за производство на челични профили ИГМ Трејд-Кавадарци,Фабрика за производството на квалитетен тутун Алијанс Оне, а во последнитегодини и по новоотворените индустриски капацитети, пред се германскиот Дрекслермаер кој апсорбира голем дел од работната сила од Кавадарци и од околните градови.

## ❖ Културно наследство

Образованието во кавадаречко има длабоки корени и богата традиција. Првите ќелијни училишта се отвораат во просториите на Моклишкиот, Полошкиот и Бошавскиот манастир во текот на 18 и19 век. Првото световно училиште во Тиквешијата е отворено во с.Ваташа во 1830 година, а во Кавадарци во 1838 година, во нив се учело до четврто одделение. Првата нижа трикласна гимназија е отворена во 1897 година, а во 1919 година прераснала во четирикласна. Со отворањето на гимназијата во градот се јавуваат театарска група, пеачка група, соколско друштво итн.

Во 1838 година во с.Ваташа по иницијатива на Даскал Камче, учител од Ваташа е отворена првата печатница во Македонија. Во истото село во 1869 година е отворено и првото читалиште воТиквешијата. Од културните институции во триесеттите години во Тиквешијата започнува даработи подвижната библиотека, а во Кавадарци во 1935 година библиотека – читалиште.

## ❖ Природно-географски карактеристики



Општина Кавадарци е со добри геостратегиски карактеристики, добра местоположба, поволни рејлефни

карактеристики, комуникациска поврзаност со другите региони, добра и развиена инфраструктура и сл. Подрачјето на општина Кавадарци се наоѓа во централниот дел од Република Северна Македонија, областа на Повардариeто и Тиквеш (Тиквешка котлина). Општина Кавадарци е поврзана со општина Прилеп од Пелагонискиот регион, општините Велес, Росоман, Демир Капија и Неготино од Вардарскиот регион и општина Гевгелија од Струмичкиот регион.

Општина Кавадарци зафаќа рамничарски дел од Тиквешката котлина, висорамнината Витачево, Вишешница, Кожув планина и Тиквешкиот дел од областа Мариово. Градот Кавадарци е најголемо населено место и се наоѓа во рамничарскиот дел на надморска висина од 230 до 270 мнв. Подрачјето на Општина Кавадарци се наоѓа на 41° 26′ 0″ N, 22° 0′ 0″ E географска ширина и должина. Подрачјето на општината зафаќа површина од 992,44 km2 . Густина на населеност 39,04 жители / km2 . Географски подрачјето на општина Кавадарци се наоѓа од двете страни на реките Црна Река, Раец, Бошавица и Луда Мара, висорамнината Витачево и на југ планината Кожуф.

Според националната структура доминира македонското население со 96,79% додека останатите се Роми, Срби, Турци, Власи и други.

Во рамките на Општина Кавадарци постојат вкупно 40 населени места, градот Кавадарци и селата: Бегниште, Бојанчиште, Бохула, Брушани, Бунарче, Ваташа, Возарци, Галиште, Гарниково, Глишиќ, Горна Бошава, Грбовец, Дабниште, Добротино, Долна Бошава, Драгожел, Драдња, Дреново, Кесендре, Клиново, Конопиште, Кошани, Крњево, Куманичево, Мајден, Марена, Мрежичко, Праведник, Р,жаново, Радња, Раец, Ресава, Рожден, Сопот, Страгово, Фариш, Чемерско, Шешково и Шивец.

### ❖ Земјишна структура

Во геолошката градба застапени се карпи од најстариот геолошки период доденес кои се настанати од многу активни тектонски процеси каде доминираатиздигнати и расфрлани форми (квартни, седиментни, езерски, глацијални, делувијални и алувијални карпи). Морфолошката структура на почвата е следна: еродирана и ридеста 50%, смолница 20 % и 30% обработлива.

Најзастапени почвени типови на подрачјето на општината се: алувијални, делувијални, алувијално-делувијални, еродирани, скелетни, смолници, варовнички, кафеава почва и др. Поедини делови од земјиштето се трусни и ерозивни

### ❖ Минерални и рудни богатства

Во близина на кавадаречката општина нема позначајни наоѓалишта на метални минерални суровини, додека состојбата со неметалните суровини е многу

поповолна.Карактеристично за Кавадарци е наоѓалиштето на Лорандит - талиумов арсенитен сулфат. Тој е откриен за прв пат во рудникот Алшар кај Кавадарци во 1894 и е именуван по Е. Лоранд, физичарод универзитетот во Будимпешта. За Лорандитот vo Македонија го испитувале и научници од НАСА. Станува збор за многу редок минерал за кој е утврдено дека во целиот свет го им аединствено во Македонија или можеби уште на Шри Ланка. Неговата моќ експертите ја гледаат вотоа што единствено тој природен елемент во светот ги препознава реакциите кои доаѓаатдиректно од јадрото на сонцето.

## ❖ Климатски карактеристики

Во рамничарскиот и падинскиот дел доаѓа до судир помеѓу двете различни климатски влијанија и се создава модифицирана медитеранска клима. Во ридско планинскиот дел поголемо влијание има планинската и континенталната клима. Температурата на воздухот е климатски фактор кој ги дава основните карактеристики на климатските услови. Средно годишната температура на воздухот во општина Кавадарци изнесува 13,6 °C, најтопол месец во годината е јули со средна месечна температура од 24,7 °C, а најладен месец е јануари со средна месечна температура од1,5°C. Средната годишна максимална температура е –7,9 °C, апсолутната годишна максимална температура е 41,8 °C а апсолутната годишнаминимална температура е – 23 °C. Средниот годишен број на летни денови со температура над 25°C изнесува 126 дена. Средниот годишен број на тропски денови температура над 30 °C изнесува 68 дена, а средниот годишен број на мразни денови со температура пониска од нула изнесува 65 дена. На подрачјето на општината честа е појавата на рани есенски и касни пролетни мразеви.

Средната годишна количина на врнежи изнесува 461 l/m2 со граници од 280 до 695 mm. Просечното количество на врнежи е 490 mm. Врнежите имаат големовлијание врз земјоделската вегетација и водниот баланс. Најсушен месец во годината е август со 25,2 mm, а највлажен месец во годината е ноември со 55,8 mm. Просечно годишно врнежливи денови се 96 во граници од 63 до 112 mm. На подрачјето на општината почесто има појава на град од месец април до месец октомври, а најмногу паѓа во месеците април и мај. Средно годишната влажност на воздухот изнесува 68 %, максимална влажност е 80% и тоа во месец декември, а минималната влажност на воздухот е 30 % во месец јули. Средната годишна облачност изнесува 4,7 десетини, со максимум од 6,7 во месец јануари и минимум од 2,1 десетини во месец август. Средно годишното траење на сончевиот зрак изнесува 2.426 часови. Просечен број на ведри денови се 130.

Од ветровите на подрачјето на општината претежно се јавуваат вардарецот од северен правец со максимална брзина од 30 m/s односно со 85,8 km/h и југот со максимална

брзина од 22,5 m/s односно со 62,3 km/h. Климата и климатските фактори имаат големо влијание на изложеноста на ризици од природни несреќи и катастрофи кои можат да предизвикаат посериозни последици по животот на луѓето,материјалните и природните богатства. Посебно влијание имаат климатските промени и глобалното затоплување.

## ❖ Хидрографија

Подрачјето на општината располага со задоволителни водени ресурси подземни, површински и атмосферски. Хидрографската мрежа ја сочинуваат реките, езерата и каналската мрежа. Позначајни реки кои располагаат со поголем воден потенцијал се Црна Река, Бошавица, Раечка, Дошница и Луда Мара и истите припаѓаат на сливното подрачје на река Вардар. Покрај овие поголеми реки постојат и помали реки кои имаат воден потенцијал во текот на целата година и тоа: Радњанска, Бохулска, Ништаица, Стара Река, Жарница, Мрежичка, Прашничка, Мајданска, Дабов Дол, Блашница, Сушица, Драчевска, Каменица, Дреновица, Праведничка, Дабнишка, Радобилска и др. Низ вековите па се до крајот на Втората светска војна, домашните бунари, како и повеќето градски чешми биле главните снабдувачи на Кавадарчани со здрава вода за пиење. Во Кавадарци секоја куќа имала свој бунар, а на јавниот простор имало над десетина чешми од каде непрекинато течела питка вода. Најпознати чешми биле: Кривата чешма, Шакалица, Чаршиската чешма, Дарданелска, Поланската, Солинарчешма кај Глишичките бавчи, потоа Маѓирска, Парковата, Белка, Домовица, како и неколку други маалски чешми.

Првиот водовод за град Кавадарци е зафаќањето на каптираните извори во месноста Моклиште со вкупна количина од 91л/сек. Неговата изградба е започната во 1948 година, а во употреба е пуштен во 1952 година. Изграден е водовод до градот во должина од 9 километри. Водата се собирала во стариот резервоар со капацитет V-300. Таа вода се дистрибуирала низ градот до градските јавни чешми. Во 1958 година почната е изградбата за зафаќање на водата од „Бошавскиот канал“, со пумпна станица за испумпување на водата до старата филтер станица со капацитет од 50л/сек. Во употреба е пуштен во 1962 година и е експлоатиран се до 1974 година.Во 1974 година Општината го гради капиталниот објект водоводот Лукар на Кожуф планина над селото Конопиште. Со проект се зафатени водите од високоиздашните извори „Лукар I“ и „Лукар II“ со капацитет од 150 до 250 L/сек вода. Изграден е цевковод до градот во должина од 30 километри.

Во 1976 година кон овој довод е приклучен изворот „Косматец“ со издашност од 80л/сек. Последното надополнување на капацитетот на водоводот е извршено во 1984 година кога е изграден Тиролскиот зафат на „Стара река“ со филтер станици 4x50 л/сек.

Сегашниот максимален доток на вода е 350л/сек од кои 90л/сек се дистрибуираат за Неготино, а 260л/сек користи градот Кавадарци заедно со околните села, како и општина Росоман. За подобрување на перформансите на „Лукар“ изградени се два резервоара за акумулирање на водата за ниска и средна зона со зафатнина од 5000 м3како и за висока зона со зафатнина од 1400 м3. За подобар квалитет водата од „Лукар“ автоматски се хлорира во хлорната станица која е лоцирана на висорамнината Витачево. Вкупната должина на градската разводна мрежа е 90 километри. Доводната мрежа до приградските и селските населби е во должина од 40 километри. Мрежата е градена и надградувана децении наназад во зависност од ширењето на градот, и е со различна старост и дотраеност. Во 2015 година ЈП Комуналец воведе електронски систем за следење и регулирање на притисокот во градската водоводна мрежа. Со воведувањето на Скада системот се врши автоматска регулација на притисокот во системот, а постојано се следат и влезот на вода и потрошувачката. Секој дефект навреме е откриен благодарение на овој компјутерски систем, а водоснабдувањето на потрошувачите е редовно и непречено без рестрикции.Исто така постојат поголем број на долови и суводолици кои располагаат со воден потенцијал во текот на целата година или повремено.Од особено значење се изворите за производство на газирана и негазирана минерална вода Горска во Конопиште со годишна испорака на 30 000 000 литри вода и Кожувчанка во с. Мрежичко од кои во кризни ситуации може да се обезбеди вода за пиење за населението во загрозеното подрачје.

- **Екосистеми (Флора и фауна)**

Во Општина Кавадарци постои богатство на флора и фауна. Карактеристична е Алшарска темјанушка (Виола аллцхариенсис), која е повеќегодишно тревесто растение и се среќава само во околината на рудникот Алшар, 40 км јужно од Кавадарци. Цветовите на ова растение сетемновиолетови без мирис со големина од 2,2 до 3 см. Цвета во периодот од април до октомври, а може да се сретне и во западните делови на Македонија - Гостиварско, Мавровско.

Исклучително убаво растение е Кајмакчаланскиот каранфил (Dianthus Kajmaktzaianicus). Тоа е многугодишно високо-планинско растение прилегнато кон почвата или малку исправено, така штообразува многубројни гранчиња кои на врвот завршуваат со цветови. Се наоѓа на планинските врвови на околу 2.500 м, а овој јужно- балкански ендемит е познат само за врвот Кајмакчалан на планината Ниџе. Во контекст на овие раритетни растенија ќе ги спомeнеме и Маријанино лале, Емова мајчина душичка, Македонска муза, Хорватиќев чистец и др.

Од фауната за споменување е дивечот на планинарските предели како и големиот број видови риба: крап, караш, црвеноперка, клен, скобал (бојник), белвица, линјак, мрена,перкија и костреж, сом.

## ❖ Културно - историско наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на Република Македонија, оставила значајни траги од вонредни култури, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на Македонскиот народ на овие простори. Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на
пазарно стопанство. Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство од посебно значење. Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните параметри со утврдено својство споменик на култура, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците. Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%) се наоѓа во руралните населби и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

## ❖ Природно наследство

Од областа на заштита на природата (природно наследство и биолошката и пределската разновидност), урбанистичките планови и проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што, врз основа на режимот за заштита ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштита. Посебно внимание при заштитата на природата, треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции.

За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на

природните богатства;

- зачувување на доминантните карактеристики на постојаната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата;
- оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
- правилен избор на соодветна локација.

Во спомениците на природата и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се прогласени за споменици на природата. Субјектот кој согласно со актот за прогласување е задолжен за управување со споменикот на природата, донесува план за управување со споменикот на природата во кој се утврдени посебните мерки и активности за заштита. Со споменикот на природата се управува на начин со кој се обезбедува:

• трајно зачувување и заштита на природните карактеристики и специфичните, загрозените или ретките обележја, својства или форми;

• услови за спроведување на научни истражувања и воспитно-образовни активности поврзани со нивните природни карактеристики и

• спречување на активности кои негативно влијаат врз неговите природни карактеристики

## ❖ Патна мрежа

Градот Кавадарци, некогаш град крстосница, каде се испреплетувале патиштата на трговците со вино, ракија и текстил кои патувале со богатите карвани од Далечниот Исток до Европа, и не само трговците, намерниците кои случајно патот ги водел до Кавадарци биле и се добредојдени во овој град домаќин.

Општина Кавадарци располага со разгранета локална патна мрежа која се надоврзува на главните магистрални и регионални коридори. Патнатата поврзаност на општината во правец север-југ е преку коридорот Е-75 со автопатот и железничката пруга Скопје-Гевгелија, кои се на оддалеченост од 14 км од градот Кавадарци преку регионалните патни правци Кавадарци - Неготино и Кавадарци - Росоман Градско. Во правец исток-запад Кавадарци е поврзано преку регионалниот пат Градско-ПрилепБитола, оддалечен 11 км од центарот на градот. Најблиски аеродроми до општината се: Меѓународниот Аеродром Скопје на 90 км од Кавадарци и аеродромот во Солун, Република Грција, оддалечен 150 км од Кавадарци. Општината има директна комуникација и со аеродромот во Охрид кој е на 165 км од седиштето на општината.

Ридско планинскиот дел на подкожувјето со Кавадарци е поврзан преку регионалниот пат Кавадарци - Мушов гроб - с. Мрежичко. Ова е главната сообраќајна артерија која

води кон планината Кожуф каде се наоѓаат значајни стопански и туристички капацитети. Од Мушов гроб патот продолжува кон село Мрежичко и поранешната рударска населба „Св.Петре“ до рудникот Р'жаново.На регионалниот пат се надоврзуваат патните правци кон селата од Бошавијата.

Локалниот пат од м.в. Ладно Долче - с.Страгово - с.Крњево. Од тука еден крак води на југ кон с.Чемерско и с. Бохула, а другиот по течението на реката Бошавица ги поврзува селата: Долна Бошава - Горна Бошава-Конопиште, од каде се упатува кон месноста Мушов Гроб за да се спои со регионалниот пат. Од делницата Конопиште -Мушов Гроб се двои крак кон летувалиштето Михајлово.Во мрежата на локалните патни правци од Кавадарци кон селата се вбројува и патот Ресава Бегниште кој се протега по десниот брег на Тиквешкото езеро. Овој патен правец има посебно значење за развојот на туризмот на езерото, како и на ресавско-бегнишкиот предел, еден од најстарите вински региони во Тиквешијата и Северна Македонија. Овој патен правец овозможува зголемен економскиот развој на селата Ресава и Бегниште, а создава услови за ревитализација на селото Дабниште. Во пределот на езерото Тиквеш гравитира и локалниот пат с.Возарци - брана ХЕЦ Тиквеш - с.Брушани - спој со локален пат Кавадарци - с.Ресава. Локалната патна мрежа ја надополнуваат патните правци кон с.Раец и кон с.Фариш кои се споени со регионалниот пат Кавадарци - Прилеп. Стратешка цел на општината е изградбата на идниот меѓудржавен граничен премин „Пуљево“ на македонско-грчката граница. За таа цел е проектирана и треба да се гради нова асфалтна делница од регионалниот пат Кавадарци - Мушов гроб - с.Мрежичко, која би почнувала од поранешната рударска населба „Св.Петре“ во правец на с.Мајден до граничниот премин.

## ❖ Локална самоуправа

Локалната самоуправа претставува облик на управување на локалните заедници каде што граѓаните непосредно или директно преку нивните избрани претставници во локалната власт, или преку претставнички тела и други органи што самите ги избираат, одлучуваат за интересите и за работите што имаат локално значење од определени области во општествениот живот во локалната заедница. Заедно со централната власт, локалната самоуправа претставува важен сегмент од вкупната политичка власт на една држава.

Општините се самостојни да ги уредуваат и да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење. Општините ги извршуваат своите надлежности преку органи избрани непосредно од граѓаните, односно преку Советот на општината и градоначалникот

Според одредбите од Законот за локална самоуправа,со општината раководи

Градоначалник и Совет на општината,во чиј состав има 19 советници. Општинската администрација е раководена од страна на секретарот на Општина Кавадарци и таа е организирана во 10 Сектори и 2 одделенија,и тоа:

- Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина,
- Сектор за управување и располагање со градежно земјиште
- Сектор за правно-нормативни и општи работи
- Сектор за финансиски прашања
- Сектор за јавни набавки
- Сектор за локален економски развој
- Сектор за јавни дејности и култура
- Сектор за образование и спорт,
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Сектор за техничко логистичка поддршка и мониторинг
- Оделение за инспекциски надзор
- Одделение за внатрешна ревизија

Во рамките на Општина Кавадарци се и Територијалната противпожарна единица. Официјален јазик со кој општината и администрацијата комуницира со граѓаните и локалните институции е македонскиот јазик.

- **Табела: вработени во Општина Кавадарци по пол:**

| **Вработени во општина Кавадарци по пол** | **Број на жени** | **Број на мажи** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Вкупно вработени во општинска администрација | 83 | 61 | 144 |
| Раководители на сектор | 7 | 1 | 8 |
| Помошник раководител на сектор | 4 | 5 | 9 |
| Раководители на одделенија | 14 | 8 | 22 |

Во Општина Кавадарци вкупниот број на вработени изнесува 144 лица. Податоците од табелата покажуваат дека бројот на вработени жени е поголем во однос на мажи (58 %жени, и 42% мажи), исто така раководителите на одделениеја се во поголем број жени отколку мажи (36% мажи, 64%жени).




Под општина Кавадарци спаѓаат следните институции и јавни претпријатија:

- Основни и средни училишта:
    - ООУ „Тошо Велков Пепето“
    - ООУ„Гоце Делчев“
    - ООУ „Страшо Пинџур“
    - ООУ „Димката Ангелов Габерот“
    - ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“
    - СОУ „Добри Даскалов“
    - СОУ „Ѓорче Петров“
    - СОУ „Киро Спанџов-Брко“
    - ООМБУ „Лазо Мицев Рале“
- ЈГДУ „Рада Поцева“
- Локален музеј галерија
- Локален вински музеј за регион Тиквеш
- Библиотека „Феткин“
- Дом на култура „Иван Мазов Климе“
- ЈП Комуналец
- ЈП Паркинг

- ЈП Превоз
- МХЕЦ "Лукар"
- ЈП Спортски објекти "Мито Хаџивасилев - Јасмин"
- ОУД „Крсте П.Мисирков"



## 3. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општина Кавадарци. На тој начи е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски - економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на овој документ се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-еконмската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1,

додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување

*Табела 2: Клучни наоди*

| **1.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Демографска анализа** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| • Популација: Кавадарци има стабилна популација, со малку променливи стапки на раст. Популацијата во последните години покажува тренд на намалување. | • Планирање на населението: Развивање на стратегии за задржување на младите, како што се програми за поддршка на образованието и вработувањето.<br>• Подобрување на условите за живот: Инвестирање во инфраструктура и јавни услуги за подобрување на квалитетот на живот и задржување на населението. |

| | |
|---|---|
| • Старосна структура: Општина Кавадарци има мешавина на млади, работоспособни и постари луѓе. Статистиките често покажуваат поголем процент на лица во работоспособна возраст, но истовремено, со зголемување на староста, постои и потреба од соодветни услуги за стари лица. | • Со оглед на зголемената потреба за услуги за стари лица, како и за млади, вклучувајќи образовни и рекреативни програми, потребно е подобрување на квалитетот на социјални услуги<br>• Подобрување на здравствените услуги, особено во руралните области, за да се задоволат потребите на населението. |
| • Полова структура: Вообичаено, полната распределба е приближно изедначена, но често има повеќе жени од мажи, особено во постарите возрастни групи. | • Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на половата рамноправност |

| | |
|---|---|
| • Миграции: Миграцијата, особено младите што се иселуваат во поголеми градови или странство, е значаен фактор. Ова може да влијае на локалната економија и демографските промени. | • Развивање на програми за враќање на иселениците и ангажирање на локалната заедница во процесот на развој.<br>• Подобрување на условите за живот: Инвестирање во инфраструктура и јавни услуги за подобрување на квалитетот на живот и задржување на населението.<br>• Поддршка на локалната економија: Овозможување на услови за развој на малите и средни претпријатија, со цел зголемување на вработеноста. |
| • Образование и економија: Нивото на образование и економската активност на населението, вклучително и работа во земјоделството, индустријата и услугите, влијаат на демографските карактеристики. | • Подобрување на образовниот систем, со акцент на стручно образование и обука, за да се задоволат потребите на локалниот пазар на труд. |
| • Културни и етнички аспекти: Кавадарци е мултикултурно подрачје со различни етнички групи, што влијае на социјалната динамика и идентитетот на општината. | • Културна интеграција: Промовирање на соработка меѓу различните етнички групи и култури, со цел подобрување на социјалната кохезија. |
| **2.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА – Пазар на труд** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| • Пазарот на трудот во Кавадарци е доминиран од земјоделството, особено лозарството и овоштарството, следувани од индустријата и секторот на услуги. | • Подобрување на работните услови<br>- Обезбедување на здрави и безбедни работни услови, особено во земјоделството и индустријата. |

| | |
|---|---|
| • Најголемиот дел од работната сила е ангажирана во земјоделството, но и индустријата (особено преработувачката) игра важна улога.<br>• Дел од работниците се соочуваат со неповолни услови за работа, особено во секторот на земјоделството. | - Унапредување на правата и заштитата на работниците, особено во неформалниот сектор. |
| • Нивото на невработеност, особено кај младите, е значително, што укажува на недостаток од работни места и можности за вработување.<br>• Поголем дел од младите се образуваат со образовните програми, но многу од нив не успеваат да најдат вработување во својата област.<br>• Се забележува стареење на работната сила, со зголемен број на работници над 50 години. | • Подобрување на информациите за вработување<br>- Развој на онлајн платформи за поврзување на работодавци со потенцијални вработени, како и за објавување на слободни работни места и можности за обука.<br>- Јакнење на локалните служби за вработување, со акцент на советодавни услуги и помош при запишување на обуки. |
| • Образование и квалификации<br>- Голем дел од работниците имаат основно или средно образование, со недостаток на високообразовани лица во некои специјализирани сектори. | • Образование и обука<br>- Потреба за развој на програми за стручно образование во согласност со потребите на пазарот, за да се осигура дека младите добиваат вештини што се бараат.<br>- Континуирана обука и усовршување на вештини за работниците во секторите со побарувачка.<br>- Развој на вештини од области како што се информациски технологии, зелена економија и |

| | |
|---|---|
| | туристички услуги, за да се одговори на потребите на современите пазарни трендови.<br>- Развој на меки вештини: Обука за комуникација, тимска работа и решавање на конфликти, кои се важни за работниците во сите сектори. |
| • Миграции<br>- Млади и квалификувани работници се иселуваат во поголеми градови или во странство, што дополнително ја намалува работната сила. | • Подобрување на условите за работаи квалитетот на животот.<br>• Создавање нови работни места<br>- Потребна е интензивна поддршка за развој на МСП, што може да создаде нови работни места и да го поттикне економскиот раст.<br>- Привлекување инвестиции во преработувачката индустрија и услугите. |
| • Трендови во вработувањето<br>- Порасната побарувачка за флексибилни работни услови, како што се работата од дома или на скратено работно време.<br>- Постои потреба за континуирано усовршување на вештините на работниците за да се прилагодат на промените на пазарот. | • Насоки за развој<br>- Изработка на стратегија за развој на пазарот на труд<br>- Поддршка на стартапи и мали претпријатија преку инкубатори и акцелератори.<br>- Промоција на претприемачки дух преку обезбедување на обуки за развој на претприемачки вештини и знаења.<br>- Поттикнување на иновации и нови бизнис модели, особено во секторите со висок потенцијал. |

| | |
|---|---|
| | - Воспоставување на партнерства со училишта и универзитети за развој на програми кои ќе одговараат на потребите на пазарот на труд.<br>- Вклучување на локалната заедница во процесите на планирање и спроведување на програми за вработување. |
| **3.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Економски аспект** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| • Економска структура: Доминираат земјоделството (особено лозарството и овоштарството), преработувачката индустрија (особено винарските производи) и секторот на услуги.<br>• Потрошувачката во малопродажбата и услугите значително влијае на локалниот квалитет на живот, особено во руралните области. | Создавање нови работни места:<br>• Поддршка на малите и средни претпријатија (МСП) со финансиска и логистичка поддршка.<br>• Развивање на стратегии за привлекување домашни и странски инвестиции во преработувачката индустрија и туризмот.<br>Јавно-приватни партнерства и соработка:<br>• Формирање партнерства со локалниот бизнис сектор и образовните институции за подобра економска интеграција.<br>Социјална инклузија:<br>• Програми за вработување и поддршка на маргинализирани групи.<br>• Образование и обука за специфични потреби на различни целни групи. |

| | |
|---|---|
| • Инвестиции и претприемништво: Постојат можности за привлекување инвестиции во преработката и услугите, со потреба за поддршка на малите и средни претпријатија (МСП).<br>• Ниско ниво на иновации и технолошки развој | Поддршка за иновации:<br>• Создавање технолошки хабови и центри за развој на нови технологии и производи.<br>• Поттикнување на истражувања во соработка со универзитети и научни институции.<br>Развој на човечки ресурси:<br>• Обука за нови технологии, маркетинг и управување за да се одговара на потребите на модерниот пазар.<br>• Иницијативи за задржување на млади таленти, вклучувајќи можности за стажирање. |
| • Деловна клима: Потреба за пофлексибилна регулаторна рамка и поддршка за претприемачите и стартапи. | Подобрување на деловната клима:<br>• Регулаторни реформи за намалување на административните бариери и подобрување на правната рамка за бизнис.<br>• Развој на локални бизнис инкубатори и акцелератори за поттикнување на иновации и претприемништво. |
| • Инфраструктура: Добра поврзаност со соседните градови, со потреба за подобрување на патната и комуналната инфраструктура. | Инфраструктурни подобрувања:<br>• Подобрување на патната и комуналната инфраструктура за поттикнување на економски активности.<br>• Изградба на логистички центри и складишта за олеснување на дистрибуцијата на производи. |

| | |
|---|---|
| | • Соработка со соседните општини за заеднички проекти и инфраструктурни подобрувања. |
| • Туризам и зелена економија: Општината поседува потенцијал за развој на туризмот преку природните и културните ресурси, како и за одржливи проекти во обновливи извори на енергија. | Развој на секторот за туризам:<br>• Промоција на туристички атракции, културен и еколошки туризам.<br>• Обука на кадар за подобрување на услугите во угостителството и туризмот. |
| • Одржлив развој: Потребна е заштита на животната средина и културното наследство, со фокус на одржливи економски проекти и обновливи извори на енергија. | Управување со природните ресурси:<br>• Поддршка на одржливи земјоделски практики и иницијативи за органско производство.<br>• Заштита на животната средина преку стратегии за еколошка свест во заедницата. |
| **4.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Комунална инфраструктура и планирање** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| • Комунална хигиена: Основна дејност на ова одделение е собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад во Општина Кавадарци и околните села, со дополнителна дејност за управување со заловени кучиња преку специјализирана фирма. | • Подобрување на системот за водоснабдување: Потребно е инвестирање во доградба на капацитети за снабдување со вода и модернизација на инсталациите за покривање на зголемената побарувачка. |
| • Канализација: ЈП Комуналец се занимава со прифаќање и одведување на фекална и атмосферска вода, со одржување на канализационите линии и со | • Модернизација на канализационата мрежа: Доградување на главниот колектор и пречистителната станица за подобрување на системот за одведување и |

| | |
|---|---|
| доградба на главниот колектор и пречистителна станица. | третман на фекалните и атмосферските води. |
| • Управување со отпад: ЈП Комуналец врши собирање, транспортирање и депонирање на отпад во градската депонија Мелци, со покриеност на 99.5% од населението во општината и околните села. | • Решавање на проблемот со депонијата Мелци: Планирање за изградба на регионална депонија за одлагање на отпад, со цел подобрување на еколошките стандарди и управување со комуналниот отпад.<br>• Подобрување на услугите за собирање на отпад: Зголемување на бројот на реони и воведување на дополнителна опрема за собирање отпад, со цел подобрување на квалитетот на извршувањето на услугата. |
| • Патна инфраструктура: Регионалната и локалната патна мрежа се состои од магистрални и регионални патишта, како и локални патни правци до селата, кои се делумно асфалтирани, но потребна е реконструкција. | • Реконструкција на локалните патишта: Инвестирање во реконструкција на постоечките патишта и асфалтирање на земјаните патишта до руралните населби.<br>• Проширување на железничката мрежа: Продолжување на железничката линија до Кавадарци за подобрување на транспортната поврзаност и намалување на сообраќајниот притисок. |
| • Енергетска инфраструктура: Општина Кавадарци располага со стабилна електроенергетска инфраструктура која обезбедува сигурно снабдување и ги | |

| | |
|---|---|
| поддржува потребите на економскиот развој. | |
| | |
| **5.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| • Образование: Општина Кавадарци располага со развиен образовен систем, вклучувајќи предучилишно, основно и средно образование. Детската градинка „Рада Поцева“ ги покрива потребите за згрижување на децата во градските и руралните подрачја, додека основните и средните училишта нудат различни видови образование, вклучувајќи и дисперзирани студиски програми од Универзитетот „Гоце Делчев“. | • Подобрување на капацитетите за згрижување на деца: • Реконструкција и доградба на училишните објекти: Потребно е инвестирање во одржување, модернизација и проширување на основните и средните училишта за подобри услови за учење. |
| • Култура: Општина Кавадарци поддржува културни манифестации преку институции како Домот на културата „Иван Мазов - Климе,“ Музеј-Галеријата, градската библиотека „Феткин,“ и Винскиот музеј. | • Развој на инфраструктура за културни активности: Промоција и инвестирање во објекти и настани кои ќе го зголемат културниот потенцијал на општината. |
| • Здравствена заштита: Здравствениот систем вклучува јавни и приватни здравствени установи, како што се општата болница, приватните ординации и аптеки, кои обезбедуваат широк опсег на здравствени услуги. | |
| • Социјална заштита: Општина Кавадарци има активен систем за | • Изградба на старечки дом: Планирање и изградба на дом за |

| | |
|---|---|
| социјална заштита, со услуги за поддршка на семејствата во социјален ризик, доделување на еднократна парична помош и услуги за ранливи групи, вклучувајќи лица со попреченост и жртви на семејно насилство. | стари лица за да се задоволат потребите на стареењето население во општината.<br>• Зголемена поддршка за социјално ранливите категории: Потребно е зголемување на бројот на услуги за ранливите групи, особено за лицата со попреченост, и проширување на апартмани за социјално домување. |
| • Спорт: Во општината активно функционираат повеќе спортски клубови, спортски сали, скејт парк и велосипедско-пешачка патека, што овозможува богата спортска и рекреативна понуда. | • Проширување на спортските објекти: Зголемување на спортските капацитети и изградба на нови објекти за задоволување на спортските потреби на младите и промоција на здрав живот. |
| • Невладин сектор: Општината има активен невладин сектор, со организации кои работат во различни области за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. | • Поддршка на невладиниот сектор: Зголемување на финансиската поддршка за невладините организации за да продолжат со активности кои го подобруваат квалитетот на живот на населението. |
| **СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| • Заштита на животната средина: Општина Кавадарци спроведува активности за зачувување на природата, вклучувајќи иницијативи за управување со отпад и чистење на јавни површини. Активностите се насочени кон намалување на | • Подигнување на јавната свест: Организирање на едукативни кампањи за граѓаните со цел зголемување на свеста за заштита на животната средина и намалување на загадувањето.<br>• Подобрување на управувањето со отпад: Потребно е |

| | |
|---|---|
| загадувањето на водите, воздухот и почвата. | воспоставување на поефикасен систем за селекција и рециклирање на отпадот, како и изградба на нова депонија според еколошките стандарди за да се спречи понатамошното загадување.<br>• Регионална соработка: Воспоставување на соработка со соседните општини за заеднички проекти за управување со отпад, заштита на водите и зачувување на природата.<br>• Следење и анализа на еколошките индикатори: Воведување на систем за мониторинг на квалитетот на воздухот, водите и почвата, со редовни извештаи кои ќе помогнат во одредувањето на идни приоритетни мерки.<br>•  Поттикнување на инвестиции во зелени технологии: Обезбедување на финансиски стимулации и олеснувања за компании и домаќинства кои инвестираат во енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија. |
| • Енергетска ефикасност: Општината започнала со примена на мерки за енергетска ефикасност, како што се замената на уличното осветлување со LED светилки и подобрување на | • Зголемување на енергетската ефикасност: Применување на мерки за енергетска ефикасност во сите јавни објекти преку изолација на фасади, модернизација на системите за |

| | |
|---|---|
| енергетската изолација во јавните објекти.<br>• Општината работи во согласност со националните регулативи за заштита на животната средина и енергетска ефикасност и активно ги применува овие стандарди на локално ниво. | Греење. |
| • Обновливи извори на енергија: Општината има потенцијал за користење на обновливи извори на енергија, како што се сончева и ветерна енергија. Дел од јавните објекти имаат поставени соларни панели за производство на електрична енергија. | • Промоција на обновливи извори на енергија: Зголемено вложување во обновливи извори, како што се поставување на соларни панели на јавни и приватни згради и иницијативи за искористување на ветерната енергија. |
| **СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - БЕЗБЕДНОСТ И СИГУРНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| • Противпожарна заштита: Општината располага со противпожарна единица која ги покрива потребите на градот и околните населби, обезбедувајќи брзо и ефикасно справување со пожари и други итни ситуации. | • Унапредување на противпожарната опрема: Инвестирање во модерна противпожарна опрема и возила, како и обука на пожарникарите за побрза и поефикасна интервенција во случај на пожари и природни непогоди. |
| • Сообраќајна безбедност: Локалните патишта и сообраќајни услови во Кавадарци се под редовна контрола, а сообраќајната полиција се грижи за регулирање на сообраќајот и спречување на сообраќајни прекршоци. | • Подобрување на сообраќајната безбедност: Воведување на повеќе сообраќајни знаци, поставување на лежечки полицајци на критични локации, и обезбедување на подобра сигнализација за пешаците и велосипедистите. |

| | |
|---|---|
| • Систем за предупредување: Во општината постои систем за предупредување на населението за природни непогоди и итни случаи, со посебни процедури за комуникација со јавноста. | • Развој на систем за рано предупредување: Подобрување на постојниот систем за предупредување на населението за природни непогоди, со интегрирање на современи технологии за побрзо информирање.<br>• Едукација и подигнување на јавната свест: Организирање на работилници и кампањи за едукација на граѓаните за превентивни мерки и однесување во итни ситуации, како и подобрување на безбедносната култура во заедницата. |
| • Безбедносни патроли и видео надзор: Одредени делови од општината се покриени со видео надзор, а локалната власт организира редовни патроли со цел зголемување на јавната безбедност и превенција на криминални активности. | • Поставување на повеќе камери за видео надзор: Зголемување на видео надзорот на клучните локации во општината, особено во близина на училишта, паркови и јавни простори со висок ризик за инциденти. |
| | • Поддршка за жртви на насилство: Развој на центар за поддршка на жртви на насилство и обезбедување на психосоцијална помош и правна поддршка, како и соработка со невладини организации за превенција на насилство. |

При изработката на стратегијата се користеше SWOT анализата, како најчесто користен партиципативен метод за идентификување на најважните внатрешни фактори и надворешните околности важни заопштинскиот развој.

SWOT е кратенка на англиски јазик за: „силни страни, слаби страни, можности и закани“. Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се надворешни фактори, околности врз кои локалните чинители имаат мало влијание но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

Тематските **SWOT** анализи се изготвени на работилници при изготвување на стратегиските документи. На работилниците учествуваа засегнати страни за изготвување на стратегиски документи, кои се засегнати страни и во овој Интегриран локален развоен план. SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста.

Подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање, а во која е интегрирани и клучните наоди од тематските SWOT анализи.

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа на општина Кавадарци*

| **Локален економски развој (со вклучено земјоделство и туризам)** | |
|---|---|
| • Богатство на природни ресурси<br>• Стратешка локација<br>• Развитија на преработувачката индустрија<br>• Активно граѓанско општество<br>• Поддршка од локалната самоуправа<br>• Образовни институции<br>• Потенцијали за развој на вински и културен туризам<br>• Историско значење<br>• Географска положба со поволни климатски, земјоделски и природни карактеристики која овозможува | • Недостаток на квалификувана работна сила<br>• Недоволно развиени менаџерски вештини<br>• Инфраструктурни недостатоци<br>• Висок степен на зависност од земјоделството<br>• Ниска иновациона активност<br>• Недостаток на инвестициски проект<br>• Непостоење на стратешки планови |

| | |
|---|---|
| мултифункционален земјоделски развој и агробизнис<br>• Достапност на вода<br>• Богато културно и историско наследство<br>• Богата традиција во организирање на културни манифестации<br>• Традиција на занаетчиски производи<br>• Добра соработка со невладини организации<br>• Добар амбиент за развој на мали и средни претпријатија<br>• Ефикасна локална самоуправа<br>• Потполна дигитализација на комуникационата мрежа<br>• Препознатливост на општината по производствона висококвалитетно грозје и вино<br>• Традиција во лозарство и винарство<br>• Угостителски објекти со домашни производи<br>• Излетнички дестинации атрактивни за локалното население<br>• Високо квалитетни домашни производи – храна и пијалоци | • Ограничен маркетинг и промоција<br>• Ниска поддршка за иновации<br>• Недоволна соработка помеѓу бизнисите<br>• Ограничен пристап до финансии<br>• Недостаток на иницијативи за социјална инклузија<br>• Ниска заинтересираност кај вработените во приватен сектор за промени<br>• Намалување на производството на домашните земјоделски производи<br>• Недостаток на сопствени финансиски средства за вложување и скромна економска моќ на населението во руралните и периферните делови на општината<br>• Лоша диверзификација на земјоделието<br>• Мали и уситнети земјоделски стопанства со низок обем на производство<br>• Недоволна заштита на осетливите локалитетии заштитените подрачја како Тиквешкото езеро<br>• Неадекватна грижа за културното наследство лоцирано во руралните делови на општината<br>• Недоволна промоција на туристичкиот потенцијал |

| | |
|---|---|
| | • Изразена сезоналност и неинтегрирана туристичка понуда |
| **Пазар на трудот** | |
| • Ниска стапка на невработеност на локално ниво<br>• Постоечки интерес и мотивација за диверзификација на локалната екомономија<br>• Млад работен кадар<br>• Традиција во земјоделството<br>• Развиени образовни институции<br>• Локална поддршка за вработување<br>• Развој на малите и средни претпријатија (МСП)<br>• Соработка со приватниот сектор<br>• Постоење на програми за обука<br>• Флексибилен работен пазар | • Неусогласеност на побарувачката на пазарот на труд со образованието<br>• Депопулација на високо стручен кадар<br>• Недоволното искуство на вработените<br>• Мал број на пријавени компетентни кандидати за огласени работни места<br>• Недостаток на квалификувана работна сила<br>• Ниска мобилност на работниците<br>• Недостаток на поддршка за самовработување<br>• Ниска плата и работни услови<br>• Претежно сезонски работни места<br>• Ниска иновација во работењето<br>• Социјална и економска нееднаквост<br>• Недостаток на информации за можности за вработување |
| **Водовод и канализација, комунални услуги** | |
| • Висока покриеноста со канализациона мрежа на градот Кавадарци (95%) | • Големи технички губитоци на вода во водоводниот систем од 70% во зимскиот период и 60% во лето |

| | |
|---|---|
| • Редовно (два пати во текот на денот) испитувања на суровата, како и на чистата вода во нашата лабораторија на Филтер Станицата<br>• Редовно (еднаш неделно), испитување примероци од повеќе различни места од градот, во лабораторијата на Заводот за здравствена заштита од Кавадарци.<br>• Редовно (четири пати годишно) испитување на чистата вода во Републичкиот завод за здравствена заштита во Скопје<br>• Редовно (два пати годишно) фитопатолошки испитувања на сировата и чистата вода во Хидробиолошкиот завод од Охрид<br>• Покриеноста на територијата на општината со систем на јавно снабдување е скоро 100%<br>• Колектор и погон за третман на отпадни води<br>• Постоење на простор за собирање на отпад за рециклирање | • Високи притисоци во мрежата кои предизвикуваат голем број на дефекти<br>• Значителен број на септички јами во руралните делови на општината на обновливите извори на енергија |
| **Транспортни врски и сообраќајни решенија** | |
| • Близина до аеродромите во Скопје, Солун<br>• Постоечки планови за зајакнување на сообраќајната мрежа и поврзаност на национално и меѓународно ниво на кои Кавадарци се приклучува<br>• Поволни теренски услови како потенцијал за воспоставување трансферзални врски на | • Градби која не ја почитуваат функционалната врска: сообраќај - намена - изградба;<br>• Недоволен капацитет на постоечката сообраќајна мрежа<br>• Сообраќајна презагушеност за време на летната сезона<br>• Недоволен број на паркинзи<br>• Сообраќај преку централното градско подрачје |

| | |
|---|---|
| алтернативни средства за транспорт<br>• Добра сообраќајна поврзаност и достапност | |
| **Животна средина** | |
| • Искуство со меѓународни проекти, фондови и слично<br>• Економски силни и стабилни општинските јавни комунални претпријатија<br>• Соработка со НВО и граѓански сектор<br>• Воспоставени процедури и примена на закони<br>• Континуирано инвестирање во подобрување на квалитетот на животот во делот на воздух, вода,почва,заштита на биодиверзитетот<br>• Редовно обновување, збогатување и одржување на урбано и улично зеленило | • Скромен план за управување со отпад<br>• Непланско градење<br>• Недостиг на база на податоци<br>• Слаба и недоволна меѓусекторска комуникација и соработка<br>• Немање стратешка карта за бучава<br>• Загадување на животната средина од страна на физички и деловни субјекти<br>• Недоволно изградена свест за зачувување и одржување на материјалните, културните и природните добра,како и за заштитата на животната средина<br>• Непостоење на пречистителна станица за третман на отпадните води<br>• Недоизграденост на атмосферска и фекална канализација во руралните во одредени делови на општината и постоење на септички јами<br>• Недоволна искористеност на подземните води за полевање на зелените површини во Општина Кавадарци |

| | |
|---|---|
| | • Постоење на диви депонии во општината<br>• Исфрлање на отпадот од септички јами во отворени канали и управување на овој отпад на несоодветен начин |
| **Образование** | |
| • Солидна распореденост на образовните установи на територијата на општината<br>• Желба и интерес на жителите за унапредување на образовниот систем во општината<br>• Високо ниво на млади лица со високо образование<br>• Во наставната 2021/2022 во дел од средните училишта воведени се нови струки и нови образовни профили во соработка со кавадаречката бизнис заедница<br>• Успешно реализирана надлежноста во областа на образованието, спроведувајќи ги општинските образовни политики<br>• Навремено распределувње на финансиски средства од блок дотацијата и планирање и распределување финансиски средства од општинскиот буџет за основно и средно образование<br>• Редовно обезбедување финансиски средства за тековно одржување на училишните објекти | • Недоволен просторен капацитет на воспитно-образовните установи<br>• Недоволна опременост на кабинетите во сите училишта<br>• Ниска искористеност на капацитетите на надарените ученици (нивно стагнирање; пад на мотивацијата)<br>• Централизација во управување со образованието<br>• Влијание на политиката врз процесите во образованието<br>• Недоволна поврзаност на економијата и образованието<br>• Недоволно и несистематско вложување во дополнително образование на кадрите од образованието<br>• Мала стимулација и видливост на добри практики<br>• Неусклađеност на побарувачката на пазарот на труд со понудата<br>• Мал број квалитетни високо образовни установи признати во системот на ЕУ школство |

| | |
|---|---|
| • Обезбеден и организиран превоз и сместување на ученици во ученички дом<br>• Извршена гасификација во основни и средни училишта во градот за топловодно греење<br>• Редовна оцена и анализа на тековна поставеност на училишната мрежа и давање препораки за нејзина оптимизација<br>• Професионален и мотивиран административен кадар, стручен и едуциран наставен кадар<br>• Непосредна соработка со училишните раководства<br>• Успешна соработка со образовните институции и граѓанскиот сектор<br>• Соработка со надлежни министерства<br>• Постоење на овластен општински просветен инспектор, кој врши контрола на законитоста при спроведувањето на образовните процеси<br>• Соработка со Државен просветен инспекторат и спроведување на препораките од спроведени интегрални евалуации во училиштата<br>• Успешна соработка меѓу општинските училишта и локалните институции<br>• Меѓусебна координација и соработка на училиштата<br>• Добра инфраструктура на училишните објекти | • Недоволна вклученост на младите во креирање на образовни политики<br>• Недоволна заинтересираност на возрасните за програмите за неформално образование<br>• Недостаток на потребни високошколски установи<br>• Недостаток на напредни обуки, семинари, конференции<br>• Недоволна пристапност на училишните објекти и недостаток на асистивна технологија за ученици со попреченост<br>• Дефицитарен наставен кадар<br>• Недоволна соработка на родителите со училиштата<br>• Присуство на меѓуврсничко насилство во училиштата<br>• Недоволна сообраќајна безбедност околу училишните објекти<br>• Недоволен број на обуки за личен и професионален развој на наставниот кадар<br>• Недоволна вклученост на деца со надмината возраст во образовниот систем<br>• Недоволна реализација на воннаставни активности |

| | |
|---|---|
| • Реализација на проекти за подобрување на образовната инфраструктура преку надворешни извори<br>• Издвојување на финансиски средства од општинскиот буџет за капитални инвестиции во училиштата<br>• Издвојување на финансиски средства од буџетот на општината за реализација на активности и проекти во образованието<br>• Поддршка за учество и реализација на ЕРАЗМУС+ проекти<br>• Препознавање и интегрирање на потребите на ранливите категории ученици во општинските училишта<br>• Поддршка за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието | • Непостоење на верифицирано училиште за образование на возрасни<br>• Необезбеден превоз на учениците од средно образование за изведување на практична настава до компаниите надвор од градот<br>• Необезбеден училишен прибор за ученици од средните училишта кои потекнуваат од социјално загрозени семејства |
| **Здравство и социјална заштита** | |
| • Достапност на здравствени установи: Општината располага со општа болница и организирана мрежа на приватни доктори, стоматолози и аптеки, обезбедувајќи пристап до здравствени услуги за населението.<br>• Присуство на приватни здравствени установи - Повеќе приватни здравствени организации ја дополнуваат јавната здравствена инфраструктура, што овозможува покривање на различни здравствени потреби. | • Недоволен број на здравствени работници и специјалисти, што создава притисок на постојниот кадар и го ограничува пристапот до специјализирана грижа.<br>• Ограничени ресурси за социјална поддршка: И покрај постоењето на програми за социјална помош, средствата за овие програми се ограничени, што оневозможува целосна поддршка за сите потребни категории.<br>• Недостаток на специјализирани установи за стари лица и лица |

| | |
|---|---|
| • Општината има воспоставени програми за еднократна парична помош и поддршка на лица во социјален ризик, што придонесува за намалување на социјалните нееднакности.<br>• Обезбедени се услуги за лицата со попреченост, вклучувајќи дневни центри и лична асистенција, што ги подобрува условите за живот на ранливите групи. | со специфични здравствени потреби, што ги ограничува услугите за оваа демографска група.<br>• Неповолни услови во јавните здравствени установи: Некои јавни здравствени објекти имаат потреба од модернизација и подобрување на инфраструктурата за да обезбедат поквалитетна здравствена услуга. |
| **Култура** | |
| • Големо културно и споменичко богатство<br>• Одржување на бројни културни настани<br>• Голем број активни и надарени уметници<br>• Меѓународна препознатливост на Кавадарци како значаен културен центар<br>• Силна и независна културна сцена<br>• Висока посетеност на летни и есенски манифестации<br>• Концентрација на голем број културни случувања на мало растојание<br>• Интерес за културна мобилност и меѓукултурална соработка<br>• Традиција на уметничко и музичко творештво<br>• Интерес кај локалното население и туристите за сценска и театарска уметност | • Недостаток на средства, опрема за современ развој на културата во институциите<br>• Недостаток на уметнички и стручен кадар<br>• Послаба посетеност на културни настани со исклучок на Тиквешки гроздобер<br>• Недостаток на вмрежување на различни културни сектори<br>• Недоволна промоција на независната културна сцена<br>• Недоволна валоризација на културното наследство<br>• Недоволна поврзаност на споменичкото наследство и културниот туризам |

| | |
|---|---|
| | • Слабо развиени креативни и културни индустрии<br>• Недостаток на приватни вложувања во културата<br>• Непостоење единствена база на податоци во културата<br>• Културната понуда не ги задоволува потребите на младите и децата<br>• Непрепознатливост на проекти и програми на млади уметници<br>• Недостаток на инфраструктура за развој на аудиовизуелни дејности и нови медиуми<br>• Недостаток на инфраструктура и простор за театарска сцена<br>• Недоволна промоција на музеите |
| **Спорт** | |
| • Голем избор на клубови за различни спортови<br>• Голем интерес од страна на деца од сите возрасти за занимавање со спорт<br>• Талентирани деца за спорт<br>• Успешна традиција на спортските клубови | • Недостаток на финансиски ресурси<br>• Неадекватна спортска инфраструктура и недостаток на терени за рекреација на граѓаните<br>• Недостаток од квалитетен стручен кадар од областа на спортот<br>• Неадекватна поддршка за спортските сојузи |

| | |
|---|---|
| | • Отежнат пристап до поголемиот број спортски клубови, поради високи членарини |
| **Заштита и спасување** | |
| • Поседување квалитетни противпожарни возила и обучени пожарникари за успешен одговор на различни инциденти<br>• Добри работни услови и континуирана обука на пожарникари - спасувачи<br>• Постојана комуникација и поврзаност со соседните служби за заштита и спасување од соседните општини | • Недостаток на современа лична заштитна опрема за употреба од страна на волонтери (локално население) во одредени Инциденти |
| **Локална самоуправа** | |
| • Искуство во аплицирање на ЕУ Фондови<br>• Искуство во имплементација на проекти финансирани од ЕУ фондови<br>• Добра репутација кај тековни и идни проектни партнери<br>• Компетенции во клучни подрачја<br>• Добра мрежа на проектни партнери<br>• Редовно ажурирање и изработка на стратешки документ за развој на општината<br>• Подобрена наплата на даноци, надоместоци и такси<br>• Поврзаност со НВО во реализација на одредени програми и проекти<br>• Достапност на државна и ЕУ помош | • Недоволно финансиски средства за изработка на проектни документации и проекти |

| | |
|---|---|
| • Поддршка од канцеларијата за ЕУ интеграција во стручна и техничка смисла | |
| **Непрофитен сектор** | |
| • Голем број (повеќе од 20) на активни НВОи на територијата на општината<br>• Разноликост во дејностите на НВО за кои се регистрирани<br>• Развиена граѓанска свест<br>• Активно учество на НВО секторот во изработка на документите на локално ниво | • Неповолна старосната структура на членовите на НВОи (малку младинци и млади)<br>• Исти поединци во повеќе НВО-а<br>• Доминантна респонзивност на повици од англиско говорно подрачје<br>• Недоволна информираност за активни повици и грантови шеми<br>• Недостаток на сопствени средства и мал број на спонзори и донатори |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **Локален економски развој** | |
| • Пристап до финансиска и техничка поддршка од национални програми и ЕУ фондови (програми за поддршка на вработувањето за отворање на нови работни места, програми за едукација на жените и младите за претприемништво, повици за компаниите преку ФИТР, програми за култура, животна средина, итн.)<br>• Пристап до фондови за Прекугранична соработка<br>• Пристап до меѓународните фондови за унапредување на сообраќајната инфраструктура<br>• Ликвиден и солвентен банкарски систем | • Голема миграција и иселување на населението на државно ниво, особено на младите<br>• Глобални општествени кризи (економски, социјални, енергетски, епидемии/пандемии, политичка клима итн.)<br>• Климатски промени во земјоделието и шумарството, намалување на количина на вода, емисии на $CO_2$, итн.<br>• Висок степен на партизација во сите сфери –континуиран пораст на бројот на вработени во ЛС<br>• Користење на НВО секторот во политички цели на државно ниво |

| | |
|---|---|
| • Тенденција кон намалување на каматните стапки во комерцијалните банки<br>• Неискористен кредитен потенцијал на комерцијалните банки на државно ниво<br>• Можност за трансфер на технологии<br>• Растечки тренд за искористување на ОИЕ-изградба на фотонапонски централи<br>• Политичка волја за стимулирање користење на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност<br>• Постојна регулатива за заштита на локални брендови<br>• Зголемена побарувачка за органски производи на централно и светско ниво<br>• Зголемување на меѓународната побарувачка за туризам ориентиран кон автентична понуда од природно и културно наследство<br>• Нови туристички трендови и растечка меѓународна побарувачка за туризам ориентиран кон природата, органската храна и здравиот начин на живот<br>• Субвенционирање на летови од страна на владата<br>• Финансиска поддршка на земјоделството за единица произведена култура или нов посев (субвенции) | • Несоодветна политика за поддршка на земјоделството на централно ниво (нерегулиран увоз на земјоделски производи, итн.)<br>• Недоволна финансиска помош од централната власт<br>• Бавен процес на децентрализациија и симнување на надлежностите- немоќ на општината соодветно и навремно да постапува согласно нотираните-постоечките социјални ризици на локално ниво, проблеми и ризици надвор од општинските надлежности<br>• Недоволна вклученост на домашните научни и стручни институции во решавање на проблемите на енергетскиот сектор<br>• Недостаток на секундарна легислатива за животна средина и недоволна примена на регулативата за казнување<br>• Хиперпродукција на дипломи на државно ниво<br>• Неповолни демографски трендови (намален наталитет, зголемен морталитет, стареење на населението)<br>• Рестриктивна политика за нови вработувања во образованието од страна на надлежните институции на државно ниво |

| | |
|---|---|
| • Децентрализација на донесувањето одлуки за култура од локално и регионално значење<br>• Развој на современи противпожарни техники и опрема<br>• Реформа во стручното образование<br>• Поволна законска регулатива што дозволува модел на финансирање преку јавно-приватно партнерство (ЈПП)<br>• Растечки тренд на зголемување на свесноста за потребата од занимавање со спорт<br>• Добра законска регулатива, примарна и секундарна за развој на граѓанскиот центар | • Недоволен износ на финансиски средства од блок дотациите за училиштата |

| **Урбанизам** | |
|---|---|
| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
| • Постоење на Генерален и Детални урбанистички планови за дел од урбаното подрачје. | • Недоволна покриеност на руралните населби со урбанистичка документација. |
| • Централна локација со развиена инфраструктура и јавни услуги. | • Застарени и нецелосно усогласени урбанистички планови. |
| • Развиена индустриска и економска зона со потенцијал за понатамошен развој. | • Неконтролирана урбана експанзија и непланирани приклучоци. |
| • Истакнат интерес за ревизија и дигитализација на планската документација. | • Недостиг од паркинг-простори и јавни зелени површини. |
| | • Ограничена јавна транспарентност и учество во планирањето. |
| | • Недоволна интеграција на одржливи и климатски адаптибилни решенија. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Пристап до национални и европски фондови за урбанистички и инфраструктурни проекти. | • Нелегална градба и урбанизација која го нарушува планското уредување. |
| • Зголемување на јавната свест и учество на граѓаните преку дигитализација и транспарентност. | • Климатски промени и екстремни метеоролошки услови кои влијаат врз урбаниот простор. |

| | |
|---|---|
| • Воведување на паметни технологии и ГИС-систем за подобро просторно управување. | • Непредвидени економски флуктуации кои можат да го одложат инвестициите. |
| • Развој на одржлив транспорт, зелени површини и јавни простори. | • Недоволна координација меѓу локалната власт, инвеститорите и граѓаните. |
| • Јавен-приватен партнерски модел за подобрување на урбаната инфраструктура. | • Популациски миграции и демографски промени кои влијаат врз потребите за домување и услуги. |

## РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНАТА НИЗ ПЕРИОДОТ НА ПРЕТХОДНАТА СТРАТЕГИЈА 2015-2020

Стратегијата за локален економски развој на Општина Кавадарци за периодот 2015-2020 година беше изработена во октомври 2014 година од страна на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" — Скопје. Документот претставуваше прв сеопфатен стратешки плански документ за локален економски развој на општината и беше изработен во широк партиципативен процес со вклучување на јавниот, приватниот и невладиниот сектор.

Визијата зацртана во таа стратегија беше: **„Општина Кавадарци е современо организирана општина во која граѓаните живеат квалитетно, имаат модерна инфраструктура, а Општината претставува препознатлив вински и туристички центар со чиста животна средина."**

Стратегијата дефинираше четири стратешки цели: подобрување на условите за развој на земјоделската дејност и преработки; континуирано подобрување на условите за започнување бизнис и привлекување инвеститори; подобрување на комуналната и социјалната инфраструктура; и промовирање на развој на селективни форми на туризам.

---

### Состојба на општината во 2014 година — почетна основа

Во моментот на изработка на претходната стратегија, општини Кавадарци имаше следните клучни карактеристики:

**Население и домаќинства:** Според Пописот од 2002 година, општината броела 38.741 жители и 12.026 домаќинства, со 40 населени места. Веќе тогаш биле забележани трендови на внатрешна миграција и одлив на работоспособно население надвор од границите на Македонија.

**Стопанство и деловни субјекти:** Во 2013 година биле евидентирани вкупно 1.666 активни деловни субјекти, од кои 1.137 микро, 504 мали, 20 средни и само 9 големи претпријатија. Доминантна дејност по број на субјекти била трговијата на големо и мало (37%), следена од транспортот и складирањето (15%) и преработувачката индустрија (13%).

**Работна сила:** Невработеноста изнесувала 15% од работоспособното население — 2.917 невработени лица, со доминантно учество на лица со средно образование (40%) и нискоквалификувани работници (27%).

**Земјоделство:** Лозарството и винарството биле и останале основна стопанска гранка. Во 2007 година регистрирани биле 5.796 индивидуални земјоделски стопанства со вкупно расположливо земјоделско земјиште од 6.446 ха, од кои 4.588 ха под лозови насади — доминантно под сорти смедеревка, шардоне, каберне совињон, вранец и мерло.

**Индустрија:** Меѓу клучните индустриски субјекти во тој период се издвојувале: ФЕНИ (металургија и рударство), Дрекслермајер (германска компанија за авто-индустрија), Кожувчанка, Alliance One, ИГМ Трејд, Вардарградба и Универзалпромет.

**Туризам:** Сместувачките капацитети биле скромни — само 3 хотели, 1 мотел, 16 гостилници и 9 кафе-барови. Постоела определеност за развој на вински туризам, езерски туризам (Тиквешко Езеро) и зимски туризам (Михајлово — Кожуф).

**Инфраструктура:** Општина Кавадарци немала директно поврзување со автопатот Е-75. Патната мрежа вклучувала 231 улица со вкупна должина од 71 км. Атмосферската и фекалната канализација биле делумно изградени. Водоснабдувањето се вршело преку ЈП Комуналец преку системот „Лукар", но со евидентен проблем со застарена азбестна водоводна мрежа.

---

**Клучни наоди и предизвици идентификувани во стратегијата 2015-2020**

Во рамките на спроведените истражувања за изработка на претходната стратегија, граѓаните и бизнис заедницата ги идентификувале следните приоритетни проблеми:

Анкетираните граѓани за **сериозни проблеми** ги посочиле: здравството и животната средина (над 85%), земјоделието (85%), домувањето (87%), индустријата (82%), сообраќајот (75%) и комуналните услуги (66%). Патната инфраструктура со 66,7% незадоволство ја нагласил и бизнис секторот, додека 60% од компаниите биле незадоволни од обезбедувањето обуки и експертизи.

Граѓаните оцениле дека областите кои нудат **најголем потенцијал за развој** се земјоделието, туризмот и транспортот, а за **вработување** — индустријата и јавниот сектор.

---

**Стратешки приоритети и предлог-проекти 2015-2020**

Стратегијата предвидувала реализација на клучни проекти во четири области:

**Земјоделие и преработки:** Формирање на кластер за грозје и преработки, изработка на мапа на вински патишта, стручна поддршка за апликации по ИПАРД програмата, поттикнување на здружување помеѓу земјоделците.

**Бизнис клима и инвестиции:** Урбанизирање на индустриски зони ТЕЛОТ 2 (13,6 ха) и ТЕЛОТ 3 (9,0 ха), формирање на Бизнис информативен и иновативен центар (БИЦ), изработка на Водич за инвеститори, едукација на локалната администрација за поддршка на МСП.

**Комунална и социјална инфраструктура:** Изградба на атмосферска и фекална канализација, реконструкција на Северен Булевар (прва и втора лента), изградба на современ јавен пазар, детска градинка, старачки дом и нова противпожарна станица.

**Туризам:** Партерно уредување на кејот околу Тиквешкото Езеро, формирање на туристички инфо центар, промоција на Михајлово — Кожуф, развој на туристички развојни зони и вмрежување во „Вински пат".

---

**Заклучок — поуки за новата стратегија 2026-2036**

Периодот 2015-2020 донесе значителен напредок во одредени области — пред се во развојот на индустриската зона, зајакнувањето на винарската индустрија и туристичката промоција на општината. Сепак, дел од планираните проекти останаа нереализирани или делумно реализирани, особено во областа на комуналната инфраструктура (канализација, пречистување на отпадни води, управување со отпад) и сообраќајната поврзаност.

Новата Стратегија за ЛЕР 2026-2036 директно се надоврзува на нереализираните цели и ги инкорпорира во своите стратешки столбови, истовремено воведувајќи нови приоритети кои произлегуваат од промените во глобалното опкружување: дигитализација, зелена транзиција, паметна општина и нови инвестициски можности во контекст на европските интеграции.

## 4. Мисија и Визија на Општина Кавадарци

Нашата мисија е да станеме динамична и одржлива општина, која ги нуди најдобрите можности за живот, работа и развој на нашите жители. Како општина, ние сме посветени на создавање на иновативно и инклузивно општество, кое ја промовира економската стабилност, социјалната праведност и заштитата на животната средина и место каде што секој жител ќе може да го оствари својот потенцијал. Се стремиме кон создавање на динамично општество кое ги цени културните разлики и работи за општо добро.

Нашата Визија е **Кавадарци — балкански центар на вински туризам, одржлива агро-индустрија и паметно живеење. До 2036 година, Кавадарци е препознатлива европска дестинација по своето квалитетно вино, природни богатства и богата историска традиција — општини каде младите имаат причина да останат и да градат, инвеститорите препознаваат деловни можности, туристите доаѓаат привлечени од виното, Тиквешкото Езеро и планината Кожуф, а граѓаните уживаат висок квалитет на живот во уредена, зелена и дигитализирана средина."**

Во 2026 година, Кавадарци е атрактивна, конкурентна и одржлива општина во Вардарскиот регион — место каде младите имаат причина да останат и да градат, каде инвеститорите препознаваат можности, каде туристите доаѓаат привлечени од виното, природата и традицијата, и каде граѓаните уживаат висок квалитет на живот во уредена, зелена и дигитализирана средина.

Се стремиме кон:

- **Развој на економијата**: Да поттикнеме раст на малите и средни претпријатија, како и иновации во секоја индустрија, особено во земјоделството и преработувачката индустрија.
- **Образование и вештини**: Да обезбедиме квалитетно образование и обуки, кои ќе ги подготват нашите граѓани за современите предизвици на пазарот на труд.
- **Културна и природна ризница**: Да ја промовираме нашата богата култура и природни ресурси, создавајќи услови за развој на туризмот и одржливи практики.
- **Здрава и среќна заедница**: Да изградиме општество со висок квалитет на живот, каде што секој граѓанин има пристап до услуги, здравствена заштита и можности за учество во одлучувањето.
- **Екологија и одржлив развој**: Да ги зајакнеме напорите за заштита на животната средина и одржливо користење на природните ресурси, со цел да оставиме подобар свет за идните генерации.

Со оваа мисија и визија, општина Кавадарци ќе стане местото каде што нашите граѓани можат да живеат, работат и напредуваат во средина која е безопасна, иновативна и исполнета со можности.

---

Се посветуваме на:

- **Економски раст и развој**: Да поттикнеме развој на локалната економија преку поддршка на претприемачите и иновациите, создавајќи нови работни места и зголемувајќи конкурентноста на нашите производи.
- **Образование и унапредување на вештини**: Да инвестираме во образовниот систем, со акцент на практична обука и учење, што ќе помогне во подготовката на младите за идните предизвици.
- **Здравје и благосостојба**: Да создадеме здрава и безбедна средина, со лесен пристап до здравствени услуги и програми за физичка активност и ментално здравје.
- **Културно и општествено збогатување**: Да ја промовираме локалната култура, уметност и традиции, со цел да создадеме жива и активна заедница која ги вреднува своите корени.
- **Одржлив развој и екологија**: Да ја зајакнеме нашата посветеност кон заштита на животната средина, инвестирајќи во обновливи извори на енергија и

практики за одржливо управување со ресурсите.

- **Учествување на граѓаните**: Да ги охрабриме нашите граѓани да учествуваат во процесите на донесување одлуки, создавајќи отворена и транспарентна администрација која ги слуша потребите на заедницата.

Со оваа визија, општина Кавадарци ќе биде пример за современо, одржливо и просперитетно општество, кое се грижи за своите жители и ја чува својата иднина.

## 5. Стратешки развојни цели на Општина Кавадарци

### 5.1 Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште

Инфраструктурата и урбанистичкото планирање се едни од најзначајните фактори кои влијаат врз развојот на една општина, и претставува континуиран процес што се обезбедува со изработување, донесување и спроведување урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата. Вклучувањето на целите на заштита и унапредувањето на животната средина особено климатските промени во фазата на подготовка на планските документи ќе обезбеди одржлив развој и хумани услови за живеење во Општина Кавадарци, не занемарувајќи го и инфраструктурниот развој и неговиот економско - стопански просперитет како важни предуслови за привлекување на инвестиции. Урбанизмот претставува основен алат за организирање, планирање и уредување на просторот во функција на долгорочниот развој на општината. Тој овозможува рационално користење на природните и инфраструктурните ресурси, урамнотежен развој на урбани и рурални подрачја, како и обезбедување на пристојни услови за живот на граѓаните. Ефикасното урбанистичко планирање не е само технички или правен процес, туку важен дел од визијата за општествено, економски и еколошки одржлива заедница. Во контекст на Општина Кавадарци, урбанизмот има посебна тежина поради специфичниот просторен, економски и демографски развој на општината. Кавадарци претставува урбан центар кој во себе интегрира индустриски, земјоделски, образовни, културни и туристички функции, со гравитација и влијание врз поширокиот регион на Тиквешијата. Притоа, урбанистичкото организирање на просторот претставува клучен фактор за рамномерен територијален развој, ефикасна јавна услуга, заштита на животната средина и зголемување на квалитетот на живеење. Во последните децении, општината бележи проширување на урбаното подрачје, особено кон северниот и источниот дел од градот, но и предизвици

поврзани со неусогласена изградба, застарена урбанистичка документација и недоволна регулација на одредени зони. Дел од населените места сè уште немаат уредена просторна документација, што претставува пречка за развој и за легализација на постојната состојба. Урбаниот раст се одвивал побрзо од процесите на планско управување, што резултира со потреба од ревизија, модернизација и транспарентност во урбанистичкото работење. Современите предизвици како климатските промени, миграциите, економската динамика и дигитализацијата бараат нови пристапи во урбанистичкото планирање. Урбанизмот денес треба да биде алатка за создавање функционални, безбедни, достапни и еколошки заедници, кои ќе ги задоволат потребите на сите граѓани – вклучувајќи млади, стари, маргинализирани групи и лица со попреченост. Во таа насока, урбанизмот како стратешка компонента ги вклучува: уредувањето на просторот, квалитетот на домување, јавната инфраструктура, односот кон зелените површини, заштитата на културното и природното наследство, и одржливата мобилност. Преку сеопфатно согледување на моменталната состојба и дефинирање на конкретни насоки, планот има цел да придонесе кон создавање на инклузивно, уредено и хумано урбано и рурално опкружување.

- **Анализа на состојбата**

Урбанистичкото уредување на просторот во Општина Кавадарци се одвива врз основа на Генералниот урбанистички план (ГУП) и повеќе Детални урбанистички планови (ДУП) кои ги опфаќаат градските зони и дел од урбанизираните периферии. И покрај тоа што постои планска основа за дел од урбаното подрачје, голем дел од руралните населени места не се опфатени со валидна урбанистичка документација, што претставува значителен лимит за нивен инфраструктурен, економски и просторен развој. Во последната деценија, се бележи интензивирано градење, особено на индивидуални станбени објекти, како и појава на неконтролирана урбана експанзија во периферни населби .Општината во изминатиот период има преземено активности за ревизија на постојните урбанистички планови и дигитализација на дел од податоците, но потребно е посистематско и координирано дејствување, особено во делот на усогласување со принципите на одржлив урбан развој, климатска отпорност и зелена инфраструктура.

Општина Кавадарци има за цел да постигне одржлив развој во урбанистичкиот сектор преку планирање, изградба и уредување на просторот и градежното земјиште, што ќе создаде основа за подобар квалитет на живот на нејзините жители и ќе придонесе за економски раст. Овие цели се насочени кон модернизација на

инфраструктурата, подобрување на животната средина, зголемување на инвестициите и обезбедување на урбана и природна хармонија.

- Урбанистичко планирање и развој: Општина Кавадарци ќе продолжи со изработка и имплементација на урбанистички планови, кои ќе обезбедат рационално користење на просторот. Во контекст на брзиот развој на урбаната средина, приоритет ќе имаат плановите кои ги дефинираат локациите за стамбени, деловни и јавни објекти, како и инфраструктурата која ќе ги поддржи овие активности. Планирањето ќе биде во согласност со потребите на растечкото население, како и со захтевите за одржливост и енергетска ефикасност.

- Реконструкција и модернизација на инфраструктурата: За подобрување на урбаниот живот, општината ќе работи на реконструкција на постојната инфраструктура, како што се патната и водоводната мрежа, канализација и електрична енергија. Особено внимание ќе биде посветено на изградба на нови сообраќајни патишта и мостови, како и на модернизација на постојните објекти за подобрување на јавниот транспорт и пешачкиот сообраќај.

- Промоција на одржливи градежни технологии: Примената на зелени технологии во изградбата ќе биде значајна стратешка цел. Општина Кавадарци ќе го поттикнува користењето на енергетски ефикасни материјали и технологии во градежните објекти, со што ќе се намали потрошувачката на енергија и ќе се зачува животната средина. Ова ќе овозможи долгогодишно користење на новите објекти со минимален негативен ефект на природата.

- Развој на стамбени и деловни објекти: Развојот на стамбени комплекси и деловни објекти во Кавадарци е од клучно значење за задоволување на потребите на растечкото население, како и на бизнис-секторот. Овие објекти треба да бидат изградени во согласност со современите стандарди за удобност и енергетска ефикасност. Кавадарци ќе се стреми да создаде квалитетни услови за живот и работа преку изградба на станбени блокови, деловни простори и индустриски зони.

- Заштита на зелените површини и јавни простори: Уредувањето на јавните простори, парковите и зеленилото ќе биде еден од клучните аспекти на урбанистичкиот развој во Кавадарци. Овие простори не само што ќе

| Индикатори | 8.123.000 | 8.935.300 | 9.828.830 | 10.811.713 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кавадарци | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Кавадарци, жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

### 6.1.6 Програма за спорт и рекреација

- **Потпрограма за спорт и рекреација**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Спорт и рекреација | Ознака на буџетска/општинска програма | L |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за спорт и рекреација | Ознака на развојна потпрограма | LOO |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се | Главни цели на оваа потпрограма е афирмирање на Општина Кавадарци како Општина во којашто има развиена спортска активност на населението во општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт и спортско-рекреативните | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| постигнат со реализација на развојната потпрограма) | активности на спортските клубови, здруженија и организации. Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот ќе придонесе за зголемување на опфатот со спорт на момчињата и девојчињата, мажите и жените, и на машките и женски лица со попреченост. | | | |
| Планирани активности | 1. Спортски манифестации<br>2. Поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и училишен спорт<br>3. Поддршка на млади и младинско учество | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на спортско- рекреативните активности ќе придонесат поголема масовност и можност на мажите и жените за учество и стекнување на основните спортски вештини како што се моториката, спортското здравје итн. Преку организирањето на систем на натпревари и поддршка на спортски манифестации ќе се создаваат услови за дополнителна афирмација на населението да се вклучи во спортски активности. Општина Кавадарци преку поддршка на ваквите спортски настани во иднина ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентатирање на општината.<br>Со поддршка на младите ќе се овозможи создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности. | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата, како и проблеми со динамиката на реализација. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 169.396.500,00 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 36.500.000 | 40.150.000 | 44.165.000 | 48.581.500 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кавадарци | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Кавадарци, жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

### 6.1.7 Програма за образование

- **Потпрограма за основно и средно образование**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Образование | Ознака на буџетска/општинска програма | N | |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за основно образование | Ознака на развојна потпрограма | N10 | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Основни цели на оваа Програма се:<br>- Активен однос на Советот на Општина Кавадарци кон задоволување на потребите и интересите на девојчињата и момчињата, жените и мажите од областа на образованието;<br>- Планирање на развојот на образованието<br>- Подобрување на условите за обавување и реализација на воспитно образовниот процес во основните и средното училиште;<br>- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;<br>- Подобрување на инфраструктурата на училишните објекти во основно и средно образование;<br>- Модернизација на училишните објекти и набавка на нови наставно нагледни средства во<br>- основните училишта. | | | |
| Планирани активности | 1. Оперативни трошоци за основно и средно образование<br>2. Реконструкција на на делови од избрани училишта | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Создадени услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од процесот на децентрализација на образованието; | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата, како и проблеми со динамиката на реализација. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 143.360.490,00 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 30.890.000 | 33.979.000 | 37.376.900 | 41.114.590 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |

| | |
|---|---|
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кавадарци<br>МОН |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Кавадарци, жени, мажи, девојчиња и момчиња |

### 6.1.8 Програма за заштита на животна средина и природа

- **Потпрограма за заштита на животна средина и природа**

| Име на буџетска програма | Заштита на животна средина и природа | Ознака на буџетска/општинска програма | R |
|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | Потпрограма за заштита на животна средина и природа | Ознака на развојна потпрограма | R10 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Обезбедување на здрава и чиста животна средина за сегашните и идните генерации, преку координирани активности, едукативни иницијативи и активна грижа за природата. | | |
| Планирани активности | 1. Подобрување на квалитетот на животната средина<br>2. Намалување на загадувањето на воздухот, водата и почвата преку ефикасни мерки и активности.<br>3. Спречување и намалување на отпадот преку системи за селекција, рециклирање и одговорно управување.<br>4. Заштита и одржливо управување со природните ресурси<br>5. Конзервација на биодиверзитетот и заштита на природните екосистеми.<br>6. Промоција на одржливото користење на ресурсите, како што се вода, шумски богатства и земјоделски површини.<br>7. Подигнување на свеста за животната средина<br>8. Организација на кампањи, едукативни програми и јавни дебати за еколошки теми.<br>9. Поттикнување на индивидуална и колективна одговорност кон природата.<br>10. Контрола и спречување на нелегална експлоатација на природни ресурси.<br>11. Ревитализација на деградираните подрачја и унапредување на јавните зелени површини.<br>12. Интеграција на еколошките стандарди во планирањето и развојот | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 13. Инкорпорирање на еколошки критериуми во урбанистичките и инфраструктурните проекти.<br>14. Поддршка на проекти и иницијативи за одржлив развој.<br>15. Меѓуопштинска и меѓународна соработка за заштита на животната средина<br>16. Вмрежување со други општини и институции за размена на добри практики.<br>17. Учествување во проекти за прекугранична заштита на животната средина. | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Зголемена јавна свест за значењето на заштитата на ѓивотната средина и подобрен квалитет на живот | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата, како и проблеми со динамиката на реализација. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 4.641.000,00 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 1.000.000 | 1.100.000 | 1.210.000 | 1.331.000 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кавадарци | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Кавадарци, жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

### 6.1.9 Програма за унапредување на здравствена заштита

- **Потпрограма за унапредување на здравствената заштита**

| Име на буџетска програма | Унапредување на здравствена заштита | Ознака на буџетска/општинска програма | Т |
|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | Потпрограма за унапредување на здравствената заштита | Ознака на развојна потпрограма | Т10 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | - Обезбедување активен однос на Општина Кавадарци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на здравствена заштита;<br>- Подобрување на квалитетот на здравствените услуги на територијата на Општина Кавадарци со почитување на законските правила и принципот на еднакви можности за социјална заштита, детска заштита. | | | |
| Планирани активности | 1. Активна соработка со институциите на локално и национално ниво, со невладиниот и приватниот сектор;<br>2. Поддршка, интеграција и создавање на квалитетни услови за децата со попреченост во здравствениот систем. | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Развиен интегрален, транспарентен, одржлив и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на Општина Кавадарци | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата, како и проблеми со динамиката на реализација. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 4.641.000,00 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 1.000.000 | 1.100.000 | 1.210.000 | 1.331.000 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кавадарци | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Кавадарци, жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

## 6.1.10 Програма за Локален Економски Развој

- **Потпрограма за поддршка на локалниот економски развој**

| Име на буџетска програма | Локален Економски Развој | Ознака на буџетска/општинска програма | G |
|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | Потпрограма за поддршка на локалниот економски развој | Ознака на развојна потпрограма | G10 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Цели на програмата:<br>- Подобрување на животниот стандард на граѓаните на општина Кавадарци,<br>- Континуиран развој на капацитетите на општината за привлекување на инвестиции, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти, и промоција на општината,<br>- Диманичен локален економски развој преку континурано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување на добра бизнис клима,<br>- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план,<br>- Спроведување на стандарди за квалитет во општината, сертифицирање и подобрување на услугите,<br>- Воведување на иновативни услуги со целосна дигитализација на секторот за Локален економски развој,<br>- Подобрување на инфраструктурата како предуслов за Локален економски развој и подобар животен стандард. | | |
| Планирани активности | 1. Поддршка на мали и средни претпријатија (МСП) - Развој на бизнис инкубатори: Создавање на простори за поддршка на стартапи и мали бизниси.<br>2. Финансиска поддршка: Обезбедување на поволни кредити и грантови за МСП.<br>3. Развој на инфраструктура - Обновување на патна и комунална инфраструктура: Подобрување на условите за транспорт и услуги.<br>4. Информациска и комуникациска технологија: Унапредување на дигиталната инфраструктура.<br>5. Подобрување на туризмот - Развој на туристички атракции: Идентификација и промоција на природни и културни ресурси.<br>6. Промоција на локалната култура и традиции: Организација на настани и фестивали. | | |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">7. Поддршка на проекти за обновливи извори на енергија: Овозможување на финансии за зелени иницијативи.<br>8. Образование за еколошка свест: Промоција на одржливи практики во заедницата.<br>9. Социјална инклузија и развој на човечки ресурси<br>10. Образование и обука: Развој на програми за обука на работна сила во согласност со потребите на пазарот.<br>11. Поддршка на ранливи групи: Проекти за вработување на млади и маргинализирани лица.<br>12. Иновации и технолошки развој<br>13. Соработка со образовни институции: Поттикнување на истражување и иновации.<br>14. Поддршка на стартапи и иновациски хабови: Развој на иновациони екосистеми.</td></tr>
<tr><td>Очекувани резултати / ефекти</td><td colspan="4">Одржлив економски раст и подобрување на животниот стандард во општина Кавадарци.</td></tr>
<tr><td>Ризик и претпоставки</td><td colspan="4">Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата, како и проблеми со динамиката на реализација.</td></tr>
<tr><td>Датум на започнување со имплементација на проектот</td><td colspan="4">1/12/2024</td></tr>
<tr><td>Датум на завршување на проектот</td><td colspan="4">12/31/2027</td></tr>
<tr><td>Вкупна вредност</td><td colspan="4">277.852.029,00 денари</td></tr>
<tr><td>Име на студија</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td></td><td>2024</td><td>2025</td><td>2026</td><td>2027</td></tr>
<tr><td>Индикатори</td><td>59.869.000</td><td>65.855.900</td><td>72.441.490</td><td>79.685.639</td></tr>
<tr><td>Статус на реализација на проектот</td><td colspan="4">Во тек</td></tr>
<tr><td>Начин на реализација (самостојно или во партнерство)</td><td colspan="4">1. Буџет на Општина Кавадарци,<br>2. Буџетот на Република Северна Македонија,<br>3. Меѓународни донатори,<br>4. Фондови достапни по Програми на Европска Унија<br>5. Буџет на Вардарски плански регион,<br>6. Донации од приватниот Сектор.</td></tr>
<tr><td>Родова респонсивност (краток опис)</td><td colspan="4">Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Кавадарци, жени, мажи, девојчиња и момчиња</td></tr>
</table>

### Потпрограма за поттикнување на развојот на туризмот

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Локален Економски Развој | | Ознака на буџетска/општинска програма | G |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за поттикнување на развојот на туризмот | | Ознака на развојна потпрограма | G20 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Целта на Потпрограмата за туризам на општината е да се поттикне одржлив економски развој преку развој на туристички потенцијали и инфраструктура, како и промоција на општината како атрактивна туристичка дестинација. Програмата има за цел да создаде нови економски можности, да ја зголеми конкурентноста на општината во туризмот и да се подобри квалитетот на животот на граѓаните преку користење на туристичките ресурси. | | | |
| Планирани активности | 1. Дизајн и печатење на промотивни материјали<br>2. Збогатување на туристичката понуда<br>3. Организирање на обуки за подобрување на вештинитие на засегнатите страни од областа на туризмот<br>4. Подобрување на туристичката инфраструктура | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Поттикнат економски развој, подобрување на инфраструктурата и создавање на нови можности за вработување и раст на туристичката индустрија. | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата, како и проблеми со динамиката на реализација. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 11.115.195,00 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 2.395.000 | 2.634.500 | 2.897.950 | 3.187.745 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кавадарци | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Кавадарци, жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

## Потпрограма за изградба на комерцијални објекти

| Име на буџетска програма | Локален Економски Развој | Ознака на буџетска/општинска програма | G |
|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | Потпрограма за изградба на комерцијални објекти | Ознака на развојна потпрограма | GAO |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Целта на потпрограмата е да се поттикне локалниот економски развој преку изградба и уредување на комерцијални објекти од јавен интерес, како што се деловни простории, пазари, продажни или услужни објекти. Со реализацијата на потпрограмата ќе се зголемат условите за самовработување, ќе се подобри деловниот амбиент, ќе се создадат нови економски активности и ќе се зголемат приходите на општината преку наплата на закуп и комунални такси. | | |
| Планирани активности | Планирани се активности за изградба и уредување на деловни објекти, урбанизација на простори за комерцијална намена, реконструкција на постојни пазарни и продажни капацитети, како и создавање услови за издавање под закуп на јавни комерцијални површини со цел поддршка на локалното претприемништво и зголемување на приходите на општината. | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Поттикнат економски развој, подобрување на инфраструктурата и создавање на нови можности за локален економски развој. | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата, како и проблеми со динамиката на реализација. | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | |
| Вкупна вредност | 200.273.073,00 денари | | |
| Име на студија | | | |

| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Индикатори | 43.153.000 | 47.468.300 | 52.215.130 | 57.436.643 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кавадарци | | | |

| | |
|---|---|
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Кавадарци, жени, мажи, девојчиња и момчиња |

## 7. Буџет со динамика на финансирање и извори на финансирање

Финансиската рамка на стратегијата го утврдува нивото на финансирање за спроведување на потпрограмите/проектите во рамки на утврдените програми и содржи финансиската распределба на средствата на годишно ниво во периодот 2024 – 2027 година,

Буџетот што ќе го поддржува спроведувањето на стратешките цели е диверзифициран од аспект на извори на приходи и претставува комбинација од сопствени извори на приходи на општината, дотации од буџетот на Република Северна Македонија за пренесените надлежности, приходи утврдени во посебни закони, даночни приходи кои се наплатуваат на централно ниво и се пренесуваат под посебни услови на општините, наменски и капитални трансфери од државниот буџет и други институции, донации и други приходи.

Финансиската рамка, како индикативен план за финансирање, беше утврдена и усогласена (и понатаму ќе се усогласува на годишно ниво) со Планот за развојни програми кој општината го доставува во согласност со Законот за буџети, а во којшто се прикажани планираните расходи на буџетите на локалната самоуправа поврзани со инвестициите.

Ова е прикажано како динамика поврзана со конкретните потпрограми/проекти и нивната врска со дефинираните програми, во следниве две табели:

Табела: Буџет и динамика на финансирање

| Програма бр. | Потпрограма/ Проект | Почеток на потпрограмата/проекто Т | Време за спроведување на потпрограмата/проектот | Проценета вредност на потпрограмата/проектот | Динамика на финансирање | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Година I | Година II | Година III | Година IV | ВКУПНО |
| **ПРГ1 Урбано планирање** | **ПП/П 1.1 Потпрограма за урбанистичко планирање** | 1/01/2024 | 4 | 18.564.000 | 4.000.000 | 4.400.000 | 4.840.000 | 5.324.000 | 18.564.000 |
| **ПРГ2 Комунални дејности** | **ПП/П2.1 Потпрограма за изградба на системи за водоснабдување** | 1/01/2024 | 4 | 4.733.820 | 1.020.000 | 1.122.000 | 1.234.200 | 1.357.620 | 4.733.820 |
| | **ПП/П 2. 2 Потпрограма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | 1/01/2024 | 4 | 35.271.600 | 7.600.000 | 8.360.000 | 9.196.000 | 10.115.600 | 35.271.600 |
| | **ПП/П 2.3 Потпрограма за јавно осветлување** | 1/01/2024 | 4 | 106.743.000 | 23.000.000 | 25.300.000 | 27.830.000 | 30.613.000 | 106.743.000 |
| | **ПП/П 2.4 Потпрограма за изградба на јавно осветлување** | 1/01/2024 | 4 | 15.668.016 | 3.376.000 | 3.713.600 | 4.084.960 | 4.493.456 | 15.668.016 |
| | **ПП/П 2.5 Потпрограма за јавна чистота** | 1/01/2024 | 4 | 78.897.000 | 17.000.000 | 18.700.000 | 20.570.000 | 22.627.000 | 78.897.000 |
| | **ПП/П 2.6 Потпрограма за други комунални услуги** | 1/01/2024 | 4 | 33.136.740 | 7.140.000 | 7.854.000 | 8.639.400 | 9.503.340 | 33.136.740 |
| | **ПП/П 2.7 Потпрограма за други комунални услуги – капитални расходи** | 1/01/2024 | 4 | 18.299.463 | 3.943.000 | 4.337.300 | 4.771.030 | 5.248.133 | 18.299.463 |
| | **ПП/П 2.8 Потпрограма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот** | 1/01/2024 | 4 | 67.526.550 | 14.550.000 | 16.005.000 | 17.605.500 | 19.366.050 | 67.526.550 |
| | **ПП/П 2.9 Потпрограма за одржување и користење на паркови и зеленило** | 1/01/2024 | 4 | 67.294.500 | 14.500.000 | 15.950.000 | 17.545.000 | 19.299.500 | 67.294.500 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ПП/П 2.10 Потпрограма за изградба и реконструкција на улици и патишта** | 1/01/2024 | 4 | 636.044.409 | 137.049.000 | 150.753.900 | 165.829.290 | 182.412.219 | 636.044.409 |
| | **ПП/П 2.11 Потпрограма за оддржување на урбана опрема** | 1/01/2024 | 4 | 9.282.000 | 2.000.000 | 2.200.000 | 2.420.000 | 2.662.000 | 9.282.000 |
| | **ПП/П 2.12 Потпрограма за урбана опрема (капитални расходи)** | 1/01/2024 | 4 | 76.576.500 | 16.500.000 | 18.150.000 | 19.965.000 | 21.961.500 | 76.576.500 |
| | **ПП/П 2.13 Потпрограма за изградба и реконструкција на јавни објекти во Општина Кавадарци** | 1/01/2024 | 4 | 32.487.000 | 7.000.000 | 7.700.000 | 8.470.000 | 9.317.000 | 32.487.000 |
| | **ПП/П 2.14 Потпрограма за изградба на сообраќајна сигнализација** | 1/01/2024 | 4 | 6.961.500 | 1.500.000 | 1.650.000 | 1.815.000 | 1.996.500 | 6.961.500 |
| **ПРГ3 Култура** | **ПП/П 3.1 Потпрограма за библиотекарство** | 1/01/2024 | 4 | 5.684.507 | 1.227.000 | 1.349.700 | 1.484.670 | 1.633.137 | 5.684.507 |
| | **ПП/П 3.2 Потпрограма за музичка и сценско-уметничка дејност** | 1/01/2024 | 4 | 27.293.721 | 5.881.000 | 6.469.100 | 7.116.010 | 7.827.611 | 27.293.721 |
| | **ПП/П 3.3 Потпрограма за музејска и кинотечна дејност** | 1/01/2024 | 4 | 16.545.165 | 3.565.000 | 3.921.500 | 4.313.650 | 4.745.015 | 16.545.165 |
| | **ПП/П 3.4 Потпрограма за културни манифестации и творештво** | 1/01/2024 | 4 | 57.682.989 | 12.429.000 | 13.671.900 | 15.039.090 | 16.542.999 | 57.682.989 |
| | **ПП/П 3.5 Потпрограма културни манифестации и творештво (капитални трошоци)** | 1/01/2024 | 4 | 1.160.250 | 250.000 | 275.000 | 302.500 | 332.750 | 1.160.250 |
| **ПРГ4 Социјална заштита** | **ПП/П 4.1 Потпрограма за детски градинки** | 1/01/2024 | 4 | 60.008.130 | 12.930.000 | 14.223.000 | 15.645.300 | 17.209.830 | 60.008.130 |
| **ПРГ5 Противпожарна заштита** | **ПП/П 5.1 Потпрограма за противпожарна заштита** | 1/01/2024 | 4 | 37.698.843 | 8.123.000 | 8.935.300 | 9.828.830 | 10.811.713 | 37.698.843 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРГ6 Спорт и рекреација** | **ПП/П 6.1 Потпрограма за спорт и рекреација** | 1/01/2024 | 4 | 169.396.500 | 36.500.000 | 40.150.000 | 44.165.000 | 48.581.500 | 169.396.500 |
| **ПРГ7 Образование** | **ПП/П 7.1 Потпрограма за основно и средно образование** | 1/01/2024 | 4 | 143.360.490 | 30.890.000 | 33.979.000 | 37.376.900 | 41.114.590 | 143.360.490 |
| **ПРГ8 Заштита на живот на средина и природа** | **ПП/П 8.1 Потпрограма за заштита на животна средина и природа** | 1/01/2024 | 4 | 4.641.000 | 1.000.000 | 1.100.000 | 1.210.000 | 1.331.000 | 4.641.000 |
| **ПРГ9 Унапредување на здравствената заштита** | **ПП/П 9.1 Потпрограма за унапредување на здравствената заштита** | 1/01/2024 | 4 | 4.641.000 | 1.000.000 | 1.100.000 | 1.210.000 | 1.331.000 | 4.641.000 |
| **ПРГ10 Локален Економски развој** | **ПП/П 10.1 Потпрограма за поддршка на локалниот економски развој** | 1/01/2024 | 4 | 277.852.029 | 59.869.000 | 65.855.900 | 72.441.490 | 79.685.639 | 277.852.029 |
| | **ПП/П 10.2 Потпрограма за поттикнување на развојот на туризмот** | 1/01/2024 | 4 | 11.115.195 | 2.395.000 | 2.634.500 | 2.897.950 | 3.187.745 | 11.115.195 |
| | **ПП/П 10.3 Потпрограма за изградба на комерцијални објекти** | 1/01/2024 | 4 | 200.273.073 | 43.153.000 | 47.468.300 | 52.215.130 | 57.436.643 | 200.273.073 |

Табела: Извори на финансирање

| Потпрограма/ Проекти | Проценета вредност на потпрограмата /проектот | Извори на финансирање (вредности) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примарен општински буџет (сопствени извори на приходи) | Општински Буџет на субвенции - Трансфери од централната власт | Заем | Донација | ИПА/ИПАРД | Донација од приватен сектор | ЈПП | Самопридонес од граѓаните |
| ПП/П1.1 | 18.564.000 | X | | | | | | | |
| ПП/П2.1 | 4.733.820 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.2 | 35.271.600 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.3 | 106.743.000 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.4 | 15.668.016 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.5 | 78.897.000 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.6 | 33.136.740 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.7 | 18.299.463 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.8 | 67.526.550 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.9 | 67.294.500 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.10 | 636.044.409 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.11 | 9.282.000 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.12 | 76.576.500 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.13 | 32.487.000 | X | | | | | | | |
| ПП/П 2.14 | 6.961.500 | X | | | | | | | |
| ПП/П 3.1 | 5.684.507 | X | X | | X | | | | |
| ПП/П 3.2 | 27.293.721 | X | | | | | | | |
| ПП/П 3.3 | 16.545.165 | X | | | | | | | |
| ПП/П 3.4 | 57.682.989 | X | | | | | | | |
| ПП/П 3.5 | 1.160.250 | X | | | | | | | |
| ПП/П 4.1 | 60.008.130 | X | | | | | | | |
| ПП/П 5.1 | 37.698.843 | X | | | | | | | |
| ПП/П 6.1 | 169.396.500 | X | | | | | | | |
| ПП/П 7.1 | 143.360.490 | X | X | | | | | | |
| ПП/П 8.1 | 4.641.000 | X | | | | | | | |
| ПП/П 9.1 | 4.641.000 | X | | | | | | | |
| ПП/П 10.1 | 277.852.029 | X | | | | | | | |
| ПП/П 10.2 | 11.115.195 | X | | | | | | | |
| ПП/П 10.3 | 200.273.073 | X | | | | | | | |

## 8. План за спроведување

Спроведувањето на Стратегијата за локален развој се заснова врз имплементацијата на предложените активности во рамките на целите, приоритетите и мерките. Имплементацијата се реализира преку:

- Спроведување на активностите што ги планира и спроведува Општината како единица на локалната самоуправа во Република Македонија, во рамките на планираниот временски период;
- Спроведување активности каде што како носители се јавуваат регионални, јавни (државни тела) и институции, надвор од надлежноста на локалната самоуправа, а кои придонесуваат за постигнување на целите на стратегијата;
- Спроведување активности и проекти на други главни засегнати страни (деловни субјекти, граѓанскиот сектор и др. институции) кои ги поддржуваат поставените цели и придонесуваат да се постигнат поставените индикатори.

За првиот сегмент од спроведувањето, се подготвува акциски план за спроведување на целите, приоритетите и мерките со буџетската рамка. Вториот и третиот сегмент на имплементацијата се следат преку базата на податоци на другите учесници во развојот. Базата содржи информации за планираните инвестиции, проекти и активности кои се планираат и се спроведуваат од страна на споменатите засегнати страни и ќе придонесат за постигнување на нашите цели. Со цел да се контролира спроведувањето на поставените цели, неопходно е да се воспостави систем за следење и известување, заснован врз базата на податоци и врз извештаите за постигнатите резултати. Целта на системот за мониторинг и известување е да се обезбедат доволно информации за евалуација кои ќе им помогнат на носителите на спроведувањето на стратегијата, и тоа за следните елементи:

- Успешно постигнување на поставените цели за одреден период;
- Причините за евентуалниот недостаток на поставените цели;
- Потребните ресурси (материјални, човечки, финансиски) за постигнување на планираните цели;
- Релевантност на планираните приоритети и мерки;
- Финансиска ефикасност во спроведувањето на мерките.

Имплементацијата се врши преку Акцискиот план за имплементација и врз основа на веќе утврдените приоритети и мерки. Планот за имплементација дава преглед на приоритетните проекти и на најважните елементи за нивно спроведување/имплементација. Акцискиот план за спроведување на стратегијата

се подготвува и се усвојува заедно со Буџетот за следната фискална година. Основата за подготовка на Акцискиот план е координацијата меѓу главните засегнати страни на локално ниво. Носители на подготовката на Акцискиот план се претставници на општинската администрација (ЛЕР одделение), кои се во интензивна соработка со тимот за изработка и со идното тело одговорно за следење и мониторинг на ИЛРП.

## 9. План за мониторинг и евалуација

Планот за мониторинг и евалуација на Стратегијата за локален развој на општина Кавадарци содржи индикатори поврзани со на дефинираните специфични цели за секоја програма. Со помош на овие клучни индикатори ќе се следи успешноста на спроведувањето на стратегијата, односно ќе се овозможи доследна евалуација на постигантите резултати во средина и на крај на планскиот период за секоја поединечна програма.

Следењето на спроведувањето на Планот ќе се врши и на ниво на реализација на планираните активности и резултати и на ниво на успешност во однос на остварување на стратешките цели. На стратешко ниво, локалната самоуправа ќе врши периодична оценка за спроведувањето на планот по изминување на 5 години од нејзиното донесување. Препораките од периодичната евалуација ќе се користат по потреба за ревизија на развојните планови. Многу е важно континуирано да се следат сите индикатори како се реализираат плановите, и да бидат почетна основа за изготвување на следната Стратегија за локален економски развој.

Успешноста на Стратегијата за локален економски развој ќе се оценува според следните критериуми:

- **Важност**: Дали целите и резултатите од планот кореспондираат со потребите и приоритетите на локалниот економски развој?
- **Ефективност**: Степенот до кој се постигнати целите, односно дали мерките и активностите ги дадоа очекуваните резултати? Дали можеше да се постигне повеќе?
- **Ефикасност**: Дали се искористени сите расположливи ресурси во спроведувањето на развојните планови? Дали целите и резултатите беа постигнати со најмали можни ресурси?
- **Одржливост**: Дали мерките и активностите што се спроведуваат во рамките на планот се одржливи и дали ќе имаат позитивни ефекти врз локалниот економски развој на Општината и по завршувањето на периодот?

Системот за мониторинг и известување се базира врз два клучни елементи:

- Базата на податоци која содржи информации за постигнатите резултати
- Извештаите за кои треба да обезбедат информации за постигнатите резултати на концизен и јасен начин.

Проектната база ќе обезбеди увид во проектите и нивниот статус на сите засегнати страни вклучени во локалниот развој (деловните субјекти, јавните претпријатија, институциите, Општината, граѓанскиот сектор итн.), кои придонесуваат за постигнување на целите на стратегијата. Проектната база ќе биде воспоставена по усвојувањето на Стратегијата од Советот на Општината и ќе се следи и надополнува континуирано во текот на програмскиот период. Базата се воспоставува единствено заради систематски преглед на активностите во Општината. Еднаш годишно ќе се бара известување од носителот/- ите на проектот за статусот на проектот. За целите на имплементацијата, се формира Координативен одбор/тело за следење и мониторинг на стратегијата за развој 2026 – 2036, со Одлука на Советот на Општината. Подготовката на извештајот административно ќе ја води, ќе ја помага и поддржува одделението за локален економски развој во соработка со сите надлежни сектори и одделенија од општината. Извештајот го усвојува Советот на Општината. Извештајот за имплементација на проектот се состои од финансиски и описен дел. Во финансискиот извештај накратко се опишува нивото на финансиската реализација во однос на планираниот процент на реализација на проектот, роковите, изворите на финансирање и други потребни информации. Дескриптивниот дел накусо ги опишува постигнатите конкретни резултати од спроведените развојни мерки во извештајниот период, користејќи соодветни индикатори за резултатите (за секоја мерка/активност утврдена во стратегијата се избира соодветен индикатор). Извештајот, исто така, ги опишува главните засегнати страни вклучени во спроведувањето на проектот и изготвувањето на извештајот, како и реализацијата на планираните средства и постигнатите резултати според планираните мерки.

Табела: План за мониторинг и евалуација на стратегијата.

| Наслов на програмата | Опис на индикаторот | Извор на податоци | Почетна година со вредност на индикатоpот | Целна вредност на индикаторот (2028) | Број на лица корисници (жени/мажи) |
|---|---|---|---|---|---|
| Програма за урбано планирање | Број на изработени ГУП, ДУП, УП; број на издадени геодетски услуги | Сектор за урбанизам, Катастар | 2024: 3 урбанистички планови | 2028: најмалку 8 планови | 50% мажи, 50% жени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Програма за комунални дејности | Должина на реконструирана водоводна и канализациона мрежа во км | ЈП Комуналец, општина | 2024: 2 км водовод / 1 км канализациј а | 2028: 10 км водовод / 5 км канализација | 50% мажи, 50% жени |
| Програма за култура | Број на реализирани манифестации, програми и проекти; број на посетители | Сектор за култура, општина | 2024: 10 настани | 2028: најмалку 20 настани | 50% мажи, 50% жени |
| Програма за социјална заштита | Процент на зголемување на капацитетите на детските градинки | Центар за социјални работи, ЈОУДГ | 2024: 180 деца опфатени | 2028: +25% капацитет | 50% мажи, 50% жени |
| Програма за противпожарн а заштита | Ниво на опременост (нови возила, опрема, обука) | Противпожарн а служба, општина | 2024: основна опременост | 2028: целосна модернизациј а | 50% мажи, 50% жени |
| Програма за спорт и рекреација | Број на поддржани спортски манифестации, клубови и здруженија | Општина, спортски клубови | 2024: 8 активности | 2028: најмалку 15 активности | 50% мажи, 50% жени |
| Програма за образование | Број на реконструирани училишта | Општински оддел за образование | 2024: 2 училишта | 2028: најмалку 5 училишта | 50% мажи, 50% жени |
| Програма за заштита на животна средина и природа | Број на манифестации и спроведени кампањи за еко-свест | Сектор за животна средина | 2024: 4 кампањи | 2028: најмалку 10 кампањи | 50% мажи, 50% жени |
| Програма за унапредување на здравствена заштита | Број на спроведени здравствени едукации и скрининзи | ЈЗУ, Центар за јавно здравје | 2024: 3 активности | 2028: најмалку 10 активности | 50% мажи, 50% жени |
| Програма за Локален Економски Развој | Број на спроведени мерки за поддршка на претприемништв о, енергетска ефикасност и туризам | ЛЕР, Агенција за вработување | 2024: 5 мерки | 2028: најмалку 15 мерки | 50% мажи, 50% жени |

Одговорноста за спроведувањето на стратегијата е споделена меѓу органите на локалната самоуправа.

За спроведување на планот се формира **Координативно тело**, составено од: координатор, заменик-координатор и вработени лица во Одделението за локален економски развој.

За директно спроведување на програмите и потпрограмите проектите во нивни рамки се формира **менаџерски тим.** Составот на менаџерскиот тим се надополнува во зависност од потребите на потпрограмата/проектот, односно се идентификуваат и се мобилизираат партнери за спроведување на секоја потпрограма/ проект пооделно.

Менаџерскиот тим ќе биде составен од еден програмски менаџер и 4-5 проектни менаџери. Програмските менаџери можат да бидат вработени во општинската администрација, јавни установи, приватни претпријатија или НВО, а проектните менаџери се службеници од општинската администрација или други локални установи, претпријатија или членови на НВО.

Задачи и обврски на менаџерскиот тим се (основни, но не и конечни):

- Да ги подготви потпрограмите/проектите за секоја година од Планот;
- Да одреди проектен тим раководен од проектен менаџер за подготовка на сите потребни документи и формулари за секоја потпрограма/проект поодделно;
- Да бара и да обезбеди извори на финансирање на потпрограмите/проектите за постигнување на соодветната стратешка цел од областа на надлежност и специфичните цели на програмата во чии рамки се истите развиени;
- При спроведувањето да дефинира контролни мерки за секоја потпрограма/проект пооделно;
- Да врши периодично известување на Координативното тело, Советот на Општината и градоначалникот за спроведување на активностите и
- Да врши мониторинг (следење и контрола) на спроведувањето на Планот, што се однесува на степенот на исполнување на генералната цел на ИЛРП, стратешките цели по области на надлежност, и специфичните цели на програмите во чии рамки се развиени поединечни потпрограми/проекти.

### ❖ Мониторинг и известување

Системот за мониторинг и известување се базира врз извештаите кои треба да обезбедат информации за постигнатите резултати.

Секоја тековна година од временскиот период, Менаџерскиот тим (МТ), за секоја стратешка цел поодделно, поднесува извештај до Координативното тело (КТ) квартално (на секои три месеци) за планираните и постигнатите резултати и постигнувањата во однос на индикаторите во тековната година.

Секоја тековна година, МТ и КТ поднесуваат извештај до Советот на Општината и до градоначалникот за постигнатите резултати и планираните проекти во наредниот период. Овој извештај се поднесува 2 пати годишно: во февруари, кога содржи информации за спроведените активности и постигнатите резултати во изминатата година, и во септември, кога содржи информации за тековните проекти, анализа и податоци за индикаторите за тековните проекти и сумирани податоци за целиот изминат период. На овој начин, Советот на Општината и градоначалникот добиваат информации врз основа на кои можат да донесат релевантни одлуки за планот во наредната година. За да ги подготват извештаите, МТ мора да ги следат индикаторите. За секоја фаза од проектниот циклус, МТ треба да следат по неколку точки на прогрес, односно податоци за планираните и остварените вредности на времетраењето, човечките ресурси, финансиските ресурси и процентот на реализација на активностите.

Извештаите што МТ и КТ ги поднесуваат до Советот на Општината и градоначалникот двапати годишно треба да ги содржат податоците за постигнувањето на стратешките/конкретните цели, и тоа:

- Стратешка/Конкретна цел;
- Планиран индикатор;
- Тековна вредност на индикаторот;
- Планирано време;
- Тековно време;
- Планирани вкупни трошоци;
- Тековни вкупни трошоци;
- Забелешки.

Кварталните извештаи што МТ ги поднесуваат до КТ, покрај податоците за постигнувањето на стратешките/конкретните цели, треба да содржат и податоци на програмско ниво,односно за секој проект поодделно:

- Име на проектот;
- Планирани индикатори;
- Тековна вредност на индикаторот;
- Планиран обем;
- Тековна вредност на обемот (%);
- Планирано време;
- Тековно време;
- Планирани финансиски средства;
- Тековни финансиски средства;
- Забелешки.

# АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА

## Природни услови

- ### Природно-географски карактеристики

Општина Кавадарци е со добри геостратегиски карактеристики, добра местоположба, поволни рејлефни карактеристики, комуникациска поврзаност со другите региони, добра и развиена инфраструктура и сл. Подрачјето на општина Кавадарци се наоѓа во централниот дел од Република Северна Македонија, областа на Повардарието и Тиквеш (Тиквешка котлина). Општина Кавадарци е поврзана со општина Прилеп од Пелагонискиот регион, општините Велес, Росоман, Демир Капија и Неготино од Вардарскиот регион и општина Гевгелија од Струмичкиот регион.

Општина Кавадарци зафаќа рамничарски дел од Тиквешката котлина, висорамнината Витачево, Вишешница, Кожув планина и Тиквешкиот дел од областа Мариово. Градот Кавадарци е најголемо населено место и се наоѓа во рамничарскиот дел на надморска висина од 230 до 270 мнв. Подрачјето на Општина Кавадарци се наоѓа на 41° 26′ 0″ N, 22° 0′ 0″ E географска ширина и должина. Подрачјето на општината зафаќа површина од 992,44 km2 . Густина на населеност 39,04 жители / km2 . Географски подрачјето на општина Кавадарци се наоѓа од двете страни на реките Црна Река, Раец, Бошавица и Луда Мара, висорамнината Витачево и на југ планината Кожуф.

Според националната структура доминира македонското население со 96,79% додека останатите се Роми, Срби, Турци, Власи и други.

Во рамките на Општина Кавадарци постојат вкупно 40 населени места, градот Кавадарци и селата: Бегниште, Бојанчиште, Бохула, Брушани, Бунарче, ваташа, Возарци, Галиште, Гарниково, Глишиќ, Горна Бошава, Грбовец, Дабниште, Добротино, Долна Бошава, Драгожел, Драдња, Дреново, Кесендре, Клиново, Конопиште, Кошани, Крњево, Куманичево, Мајден, Марена, Мрежичко, Праведник, Р,жаново, Радња, Раец, Ресава, Рожден, Сопот, Страгово, Фариш, Чемерско, Шешково и Шивец.

## ▪ Земјишна структура

Во геолошката градба застапени се карпи од најстариот геолошки период до денес кои се настанати од многу активни тектонски процеси каде доминираат издигнати и расфрлани форми (квартни, седиментни, езерски, глацијални, делувијални и алувијални карпи). Морфолошката структура на почвата е следна: еродирана и ридеста 50%, смолница 20 % и 30% обработлива.

Најзастапени почвени типови на подрачјето на општината се: алувијални, делувијални, алувијално-делувијални, еродирани, скелетни, смолници, варовнички, кафеава почва и др.

Поедини делови од земјиштето се трусни и ерозивни

## ▪ Минерални и рудни богатства

Во близина кавадаречката општина нема позначајни наоѓалишта на метални минерални суровини,додека состојбата со неметалните суровини е многу поповолна. Карактеристично за Кавадарци е наоѓалиштето на Лорандит - талиумов арсенитен сулфат. Тој е откриен за прв пат во рудникот Алшар кај Кавадарци во 1894 и е именуван по Е. Лоранд, физичар од универзитетот во Будимпешта. За Лорандитот vo Македонија го испитувале и научници од НАСА. Станува збор за многу редок минерал за кој е утврдено дека во целиот свет го има единствено во Македонија или можеби уште на Шри Ланка. Неговата моќ експертите ја гледаат во тоа што единствено тој природен елемент во светот ги препознава реакциите кои доаѓаат директно од јадрото на сонцето.

## ▪ Климатски карактеристики

Во рамничарскиот и падинскиот дел доаѓа до судир помеѓу двете различни климатски влијанија и се создава модифицирана медитеранска клима. Во ридско планинскиот дел поголемо влијание има планинската и континенталната клима. Температурата на воздухот е климатски фактор кој ги дава основните карактеристики на климатските услови. Средно годишната температура на воздухот во општина Кавадарци изнесува 13,6 °С, најтопол месец во годината е јули со средна месечна температура од 24,7 °С, а најладен месец е јануари со средна месечна температура од 1,5°С. Средната годишна максимална температура е –7,9 °С, апсолутната годишна максимална температура е 41,8 °С а апсолутната годишна минимална температура е – 23 °С. Средниот годишен број на летни денови со температура над 25°С изнесува 126 дена. Средниот годишен број на тропски денови температура над 30 °С изнесува 68

дена, а средниот годишен број на мразни денови со температура пониска од нула изнесува 65 дена. На подрачјето на општината честа е појавата на рани есенски и касни пролетни мразеви.

Средната годишна количина на врнежи изнесува 461 l/m2 со граници од 280 до 695 mm. Просечното количество на врнежи е 490 mm. Врнежите имаат големо влијание врз земјоделската вегетација и водниот баланс. Најсушен месец во годината е август со 25,2 mm, а највлажен месец во годината е ноември со 55,8 mm. Просечно годишно врнежливи денови се 96 во граници од 63 до 112 mm. На подрачјето на општината почесто има појава на град од месец април до месец октомври, а најмногу паѓа во месеците април и мај. Средно годишната влажност на воздухот изнесува 68 %, максимална влажност е 80% и тоа во месец декември, а минималната влажност на воздухот е 30 % во месец јули. Средната годишна облачност изнесува 4,7 десетини, со максимум од 6,7 во месец јануари и минимум од 2,1 десетини во месец август. Средно годишното траење на сончевиот зрак изнесува 2.426 часови. Просечен број на ведри денови се 130.

Од ветровите на подрачјето на општината претежно се јавуваат вардарецот од северен правец со максимална брзина од 30 m/s односно со 85,8 km/h и југот со максимална брзина од 22,5 m/s односно со 62,3 km/h. Климата и климатските фактори имаат големо влијание на изложеноста на ризици од природни несреќи и катастрофи кои можат да предизвикаат посериозни последици по животот на луѓето,материјалните и природните богатства. Посебно влијание имаат климатските промени
и глобалното затоплување.

- **Хидрографија**

Подрачјето на општината располага со задоволителни водени ресурси подземни, површински и атмосферски. Хидрографската мрежа ја сочинуваат реките, езерата и каналската мрежа. Позначајни реки кои располагаат со поголем воден потенцијал се Црна Река, Бошавица, Раечка, Дошница и Луда Мара и истите припаѓаат на сливното подрачје на река Вардар. Покрај овие поголеми реки постојат и помали реки кои имаат воден потенцијал во текот на целата година и тоа: Радњанска, Бохулска, Ништаица, Стара Река, Жарница, Мрежичка, Прашн-ичка, Мајданска, Дабов Дол, Блашница, Сушица, Драчевска, Каменица, Дреновица, Праведничка, Дабнишка, Радобилска и др. Низ вековите па се до крајот на Втората светска војна, домашните бунари, како и повеќето градски чешми биле главните снабдувачи на Кавадарчани со здрава вода за пиење. Во Кавадарци секоја куќа имала свој бунар, а на јавниот простор имало над десетина чешми од каде непрекинато течела питка вода. Најпознати чешми биле:

Кривата чешма, Шакалица, Чаршиската чешма, Дарданелска, Поланската, Солинар чешма кај Глишичките бавчи, потоа Маѓирска, Парковата, Белка, Домовица, како и неколку други маалски чешми.

Првиот водовод за град Кавадарци е зафаќањето на каптираните извори во месноста Моклиште со вкупна количина од 91л/сек. Неговата изградба е започната во 1948 година, а во употреба е пуштен во 1952 година. Изграден е водовод до градот во должина од 9 километри. Водата се собирала во стариот резервоар со капацитет V-300. Таа вода се дистрибуирала низ градот до градските јавни чешми. Во 1958 година почната е изградбата за зафаќање на водата од „Бошавскиот канал", со пумпна станица за испумпување на водата до старата филтер станица со капацитет од 50л/сек. Во употреба е пуштен во 1962 година и е експлоатиран се до 1974 година.Во 1974 година Општината го гради капиталниот објект водоводот Лукар на Кожуф планина над селото Конопиште. Со проект се зафатени водите од високоиздашните извори „Лукар I" и „Лукар II" со капацитет од 150 до 250 L/сек вода. Изграден е цевковод до градот во должина од 30 километри.

Во 1976 година кон овој довод е приклучен изворот „Косматец" со издашност од 80л/сек. Последното надополнување на капацитетот на водоводот е извршено во 1984 година кога е изграден Тиролскиот зафат на „Стара река" со филтер станици 4x50 л/сек. Сегашниот максимален доток на вода е 350л/сек од кои 90л/сек се дистрибуираат за Неготино, а 260л/сек користи градот Кавадарци заедно со околните села, како и општина Росоман. За подобрување на перформансите на „Лукар" изградени се два резервоара за акумулирање на водата за ниска и средна зона со зафатнина од 5000 м3 како и за висока зона со зафатнина од 1400 м3. За подобар квалитет водата од „Лукар" автоматски се хлорира во хлорната станица која е лоцирана на висорамнината Витачево. Вкупната должина на градската разводна мрежа е 90 километри. Доводната мрежа до приградските и селските населби е во должина од 40 километри. Мрежата е градена и надградувана децении station наназад во зависност од ширењето на градот, и е со различна старост и дотраеност. Во 2015 година ЈП Комуналец воведе електронски систем за следење и регулирање на притисокот во градската водоводна мрежа. Со воведувањето на Скада системот се врши автоматска регулација на притисокот во системот, а постојано се следат и влезот на вода и потрошувачката. Секој дефект навреме е откриен благодарение на овој компјутерски систем, а водоснабдувањето на потрошувачите е редовно и непречено без рестрикции.Исто така постојат поголем број на долови и суводолици кои располагаат со воден потенцијал во текот на целата година или повремено. Од особено значење се изворите за производство на газирана и негазирана минерална вода Горска во Конопиште со годишна испорака на 30 000 000

литри вода и Кожувчанка во с. Мрежичко од кои во кризни ситуации може да се обезбеди вода за пиење за населението во загрозеното подрачје.

- **Екосистеми (Флора и фауна)**

Во Општина Кавадарци постои богатство на флора и фауна. Карактеристична е Алшарска темјанушка (Виола аллцхариенсис), која е повеќегодишно тревесто растение и се среќава само во
околината на рудникот Алшар, 40 км јужно од Кавадарци. Цветовите на ова растение се темновиолетови без мирис со големина од 2,2 до 3 см. Цвета во периодот од април до октомври,
а може да се сретне и во западните делови на Македонија - Гостиварско, Мавровско.
Исклучително убаво растение е Кајмакчаланскиот каранфил (Dianthus Kajmaktzaianicus). Тоа е
многугодишно високо-планинско растение прилегнато кон почвата или малку исправено, така што образува многубројни гранчиња кои на врвот завршуваат со цветови. Се наоѓа на планинските
врвови на околу 2.500 м, а овој јужно-балкански ендемит е познат само за врвот Кајмакчалан на
планината Ниџе. Во контекст на овие раритетни растенија ќе ги споменеме и Маријанино лале,
Емова мајчина душичка, Македонска муза, Хорватиќев чистец и др.
Од фауната за споменување е дивечот на планинарските предели како и големиот број видови
риба: крап, караш, толстолобик, црвеноперка, клен, скобал (бојник), белвица, линјак, мрена,
перкија и костреж, сом.

- **Културно - историско наследство**

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на Република Северна Македонија, оставила значајни траги од вонредни култури, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на Македонскиот народ на овие простори. Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на

пазарно стопанство. Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на

Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство од посебно значење. Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните параметри со утврдено својство споменик на култура, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците. Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%) се наоѓа во руралните населби и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

- **Природно наследство**

Од областа на заштита на природата (природно наследство и биолошката и пределската разновидност), урбанистичките планови и проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што, врз основа на режимот за заштита ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштита. Посебно внимание при заштитата на природата, треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции.

За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на природните богатства;
- зачувување на доминантните карактеристики на постојаната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата;
- оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
- правилен избор на соодветна локација.

Во споменициите на природата и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се прогласени за споменици на природата. Субјектот кој согласно со актот за прогласување е задолжен за управување со споменикот на природата, донесува план за управување со споменикот на природата во кој се утврдени посебните мерки и активности за заштита. Со споменикот на природата се управува на начин со кој се обезбедува:

• трајно зачувување и заштита на природните карактеристики и специфичните, загрозените или ретките обележја, својства или форми;

• услови за спроведување на научни истражувања и воспитно-образовни активности поврзани со нивните природни карактеристики и

• спречување на активности кои негативно влијаат врз неговите природни карактеристики

## Анекс 2: Демографски развој

➢ ***ДЕМОГРАФСКА, ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И КОМПАРАТИВНИТЕ ПРЕДНОСТИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

### ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА

- **Број на население, домаќинства и станови**

| **Население** | | |
|---|---|---|
| **Кавадарци** | **Попис 2002** | **Попис 2021** |
| **Вкупно население** | 38741 | 35 733 |
| **Домаќинства** | 12026 | 12 375 |
| **Живеалишта** | 16324 | 14 917 |
| **Мажи** | 19651 | 17 908 |
| **Жени** | 19090 | 17 825 |
| **По националност** | | |
| **Македонци** | 37499 | 32 012 |
| **Албанци** | 2 | 30 |
| **Турци** | 167 | 134 |
| **Роми** | 679 | 729 |

| | | |
|---|---|---|
| **Власи** | 27 | 29 |
| **Срби** | 218 | 125 |
| **Бошњаци** | 4 | 9 |
| **Останати** | 145 | 213 |
| **Работоспособно население** | | |
| **Вработени** | 8451 | 16 660 |
| **Невработени** | 8259 | 13 700 |

Според статистиката на Васил К’нчов („Македонија, Етнографија и статистика“) од 1900 година, во Кавадарци живееле 5.092 жители, од кои 1.950 Македонци православни, 3.000 Македонци муслимани, 120 Роми и 32 Власи.

Според пописот од 1931 година, Кавадаречкиот срез (на денешните општини Кавадарци и Росоман) како дел од Кралството Југославија имал 23.919 жители. Во првиот организиран попис на СФР Југославија од 1948 година, во Кавадарскиот срез имало 40.617 жители, од кои 6.228 во градот Кавадарци, 2.683 во Неготино, а 31.706 во селата (Тиквеш, Бошава, Витачево). Од етнички аспект, населението го сочинувале 37.098 (91,3 %) Македонци, 1.480 (3,64 %) Турци, 1.410 (3,47 %) Срби, 137 Власи, 127 Роми и 365 останати.

Според пописот на населението од 2002 година, во градот имало 29.188 жители и спаѓал во групата на средни градови. Ако се земе предвид дека населените места Глишиќ (1.362 ж.) и Ваташа (3.502 ж.) се скоро споени со Кавадарци, тогаш пошироката територија на град Кавадарци вклучува население од 34.052 жители (33.125 Македонци).

Според статистичките податоци од пописот во 2021 година, по новата територијална поделба,

Општина Кавадарци брои 35.733 жители. Ако ги споредеме податоците од пописот на 2002 година кога во Општина Кавадарци имало 37.189 жители и 2021 година забележуваме намалување на населението за 1.456 жители. Една од причините поради намалениот број на жители е Ковид пандемијата, која придонесе доста население да мигрира, а исто така се зголеми стапката на морталитет. Во исто време, миграцијата придонесе и за намалување и на наталитетот.

Според пописот од 2021 година, во Општина Кавадарци има вкупно 12.375 домаќинства, вкупниот број на станови е 14.917.

Во општината има вкупно работоспособно население 30.360, од кои 16.660 се активно население, 1.518 активно невработенилица и 15.142 се вкупно активно вработени лица.

| **Структура на населението според националната припадност во Општина Кавадарци изразена во проценти** | | |
|---|---|---|
| **Националност** | **Бр. на население** | **Проценти** |
| **Македонци** | 32.012 | 89,58% |
| **Роми** | 729 | 2,04% |
| **Срби** | 125 | 0,35% |
| **Турци** | 134 | 0,38% |
| **останати** | 213 | 0,6% |

Општина Кавадарци зафаќа површина од 992,44 км² и има густина на населеност од 32,04 жители/км².

Во состав на Општината влегуваат приградските населби Глишиќ и Ваташа и околу 40 села.

| **Структурата на населението во Општина Кавадарци според пол** | | |
|---|---|---|
| **Пол** | **Број на население** | **Процентуална застапеност** |
| **Машки** | 17.908 | 50,11% |
| **Женски пол** | 17.825 | 49,89% |

- <u>Образовна структура на населението</u>

| **Структурата на население (на возраст над 5 години) според школска подготовка** | | |
|---|---|---|
| **Вид на образование** | **Број на население** | **Процентуална застапеност** |
| **Вкупно население над 5 години** | 34.046 | |
| **Основно образование** | 3.174 | 33% |
| **Со средно** | 1.456 | |
| **Со високо** | 1.629 | 36% |
| **Магистратура** | 118 | 4% |
| **Докторат** | 11 | 6% |

*Извор:Завод за статистика, Попис 2021

## Преглед на вработеноста и невработеноста во Општина Кавадарци

Потребни се подобра координација и конзистентност меѓу економската и социјалната политика, па со нивниот заеднички ефект да се зајакне политиката на борба со сиромаштијата. Посебно внимание треба да му се посвети на средното образование, поради неговата поврзаност со потребите, побарувачката на пазарот на работна сила.Социо-економскиот развој ги отсликува економската и социјалната димензија на одржливиот развој. Оваа тема главно е посветена на активностите што се неопходни за постигнување просперитетна, иновативна, конкурентна и развојна економија со одржлив економски раст, што ќе овозможи целосна вработеност и поголема социјална кохезија.

Социјалната димензија на економскиот раст се препознава во обезбедувањето економски ресурси што ќе овозможат намалување на сиромаштијата, инвестирање во квалитетно образование и здравствена заштита, односно што придонесуваат за одржливост на јавниот финансиски систем. Во услови на стареење на општеството, исклучувањето на постарите вработени лица од пазарот на трудот ќе го оптовари пензискиот систем правејќи го неодржлив.

Причините за актуелната невработеност не треба да се бараат само во тековните состојби, туку и во претходните години на транзиција, процесот на приватизација, новите пазарни услови, неформалната економија. Ако ги разгледаме моменталните причини за високата невработеност, најчесто тие се лоцираат во недоволната побарувачка за работна сила, што, пак, во голема мера е резултат на слабиот економски раст во изминатава деценија и на светската економска криза. Пазарот на трудот и понатаму се карактеризира со висока стапка на невработеност, посебно кај младите и ниско квалификуваните, со ниска стапка на активност кај жените, како и со долгорочна невработеност.

Вработеноста и невработеноста претставуваат клучни индикатори за економскиот развој и квалитетот на живот на населението во секоја општина. Општина Кавадарци, како економски и индустриски значаен центар во Тиквешкиот регион, бележи стабилна и позитивна динамика на пазарот на труд во изминатите години.

Со една од најниските стапки на невработеност во државата, Кавадарци претставува пример за локален економски напредок и успешно вклучување на работоспособното население во пазарот на труд. Постојаното проширување на индустриската зона, развојот на автомобилската и преработувачката индустрија, како и сезонскиот ангажман во земјоделскиот сектор, директно влијаат врз зголемувањето на вработеноста.

Овој преглед има за цел да ги анализира најновите податоци за структурата на невработеноста, учеството на жените и мажите, промените низ годините и факторите

што влијаат на трендовите во работната сила. Овие информации се основа за понатамошно планирање на мерки, програми и развојни политики во рамки на интегрираниот локален развој.

Според податоците од Агенцијата за вработувањена РСМ, прегледот на состојбата за невработените лица во Општина Кавадарци, заклучно на 31.05.2025 година, изнесува 1.462 лица, од кои 704 се жени.

***Табела :Преглед на невработени лица според возрасна структура и пол, состојба на 31.05.2025 година***

| | Вкупно | | Од 15-19 години | | Од 20-24 години | | Од 25-29 години | | Од 30-34 години | | Од 35-39 години | | Од 40-44 години | | Од 45-49 години | | Од 50-54 години | | Од 55-59 години | | Од п |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се |
| **Кавадарци** | **1462** | **704** | **34** | **13** | **170** | **86** | **168** | **101** | **112** | **65** | **144** | **68** | **175** | **83** | **168** | **78** | **172** | **73** | **182** | **81** | **137** |

Извор: Агенција за вработување

***Табела: Преглед на невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.05.2025 година***

| Општина | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени |
| Кавадарци | 1462 | 704 | 530 | 255 | 165 | 33 | 593 | 302 | 16 | 7 |

Извор: Агенција за вработување

| Општина | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени |
| Кавадарци | 149 | 104 | 6 | 3 | 0 | 0 |

Извор: Агенција за вработување

***Табела: Преглед на невработени лица според национална припадност со состојба на 31.05.2025 година***

| Општина | Вкупно | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени |
| Кавадарци | 1462 | 704 | 1186 | 565 | 5 | 5 | 8 | 4 | 242 | 121 | 10 | 4 |

| Општина | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени | Вкупно | Жени |
| Кавадарци | 1 | 1 | 0 | 0 | 10 | 4 |

Извор: Агенција за вработување

Овие податоци даваат преглед на моменталната состојба на пазарот на труд во Општина Кавадарци, со посебен акцент на структурата на невработеноста според пол и број на активни баратели на работа. Податоците се прибрани од Агенцијата за вработување на РСМ, и служат како основа за дефинирање приоритети и насоки во рамки на интегрираниот локален развој. Овие бројки укажуваат на блага родова рамнотежа, со малку повеќе невработени мажи од жени, што е спротивно од националниот тренд, каде жените обично се во поголем број меѓу невработените. Ако разликата е мала, може да се заклучи дека родовата структура на невработените е речиси избалансирана, што дава простор за подеднакви програми за вработување, но и отвора можности за понатамошни родови анализи, особено во однос на типот на образование и работни профили.

Кавадарци претставува позитивен пример на општина со континуиран пад на невработеноста и релативно балансирана родова структура кај невработените. Овие показатели треба да се искористат во креирањето на долгорочни локални развојни стратегии кои ќе вклучуваат одржлива вработеност, модернизација на економските капацитети и вклучување на маргинализирани групи на пазарот на труд.




***Табела: Вкупно работоспособно население на возраст од 15+ години според возраста и економската активност, по пол, попис 2021 година***

| Општина | Возрасна група | Работоспособно население | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | мажи | жени |
| Кавадарци | 15-19 год. | 1 873 | 947 | 926 |
| | 20-24 год. | 1 941 | 1 040 | 901 |
| | 25-29 год. | 2 145 | 1 074 | 1 071 |
| | 30-34 год. | 2 323 | 1 207 | 1 116 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 35-39 год. | 2 531 | 1 325 | 1 206 |
| | *40-44 год* | 2 541 | 1 272 | 1 269 |
| | *45-49 год.* | *2 473* | *1 262* | *1 211* |
| | *50-54 год.* | *2 643* | *1 342* | *1 301* |
| | 55-59 год | 2 690 | 1 361 | 1 329 |
| | 60-64 год | 2 738 | 1 353 | 1 385 |
| | 65+ год. | 6 462 | 2 944 | 3 518 |
| **Вкупно** | | **30 360** | **15 127** | **15233** |

| Општина | Возрасна група | Активно население | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | мажи | жени |
| Кавадарци | 15-19 год. | 157 | 100 | 57 |
| | 20-24 год. | 1 070 | 650 | 420 |
| | 25-29 год. | 1 783 | 925 | 858 |
| | 30-34 год. | 2 029 | 1 065 | 964 |
| | 35-39 год. | 2 252 | 1 204 | 1 048 |
| | *40-44 год* | 2 200 | 1 100 | 1 100 |
| | *45-49 год.* | *2 085* | *1 092* | *993* |
| | *50-54 год.* | *2 097* | *1 134* | *963* |
| | 55-59 год | 1 884 | 1 084 | 800 |
| | 60-64 год | 1 039 | 706 | 333 |
| | 65+ год. | 64 | 43 | 21 |
| **Вкупно** | | *16 660* | *9 103* | *7 557* |

| Општина | Возрасна група | Активно население Вработени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | мажи | жени |
| Кавадарци | 15-19 год | 89 | 58 | 31 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 20-24 год | 852 | 536 | 316 |
| | 25-29 год | 1 613 | 844 | 769 |
| | 30-34 год | 1 839 | 968 | 871 |
| | 35-39 год | 2 099 | 1 122 | 977 |
| | 40-44 год | 2 053 | 1 018 | 1 035 |
| | 45-49 год | 1 950 | 1 028 | 922 |
| | 50-54 год | 1 929 | 1 053 | 876 |
| | 55-59 год | 1 713 | 1 002 | 711 |
| | 60-64 год | 945 | 644 | 301 |
| | *65+ год.* | 60 | 40 | 20 |
| **Вкупно** | | **15 142** | **8 313** | **6 829** |

| Општина | Возрасна група | Активно население невработени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | мажи | жени |
| Кавадарци | 15-19 год | 68 | 42 | 26 |
| | 20-24 год | 218 | 114 | 104 |
| | 25-29 год | 170 | 81 | 89 |
| | 30-34 год | 190 | 97 | 93 |
| | 35-39 год | 153 | 82 | 71 |
| | 40-44 год | 147 | 82 | 65 |
| | 45-49 год | 135 | 64 | 71 |
| | 50-54 год | 168 | 81 | 87 |
| | 55-59 год | 171 | 82 | 89 |
| | 60-64 год | 94 | 62 | 31 |
| | *65+ год* | 4 | 3 | 1 |
| **Вкупно** | | **1 518** | **790** | **728** |

**Извор: Државен завод за статистика, податоци од попис 2021 година**

Активностите на Агенцијата за вработување на Република Македонија, како значаен учесник на пазарот на трудот, се насочени кон поуспешно поврзување на понудата и

побарувачката на работна сила, како и кон зголемување на капацитетите за вработување на невработените лица, со цел нивна успешна интеграција на променливи от пазар на труд.

| **Општина** | Живородени во Општината | Умрени/Deaths | | Пироден прираст | Бракови/Marriages | | Период |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно умрени во Општината | од тоа: умрени доенчиња | | склучени бракови во земјата | разведени бракови во Општината | |
| Кавадарци | 64 | 89 | - | -25 | 64 | 14 | Второ тромесечје од 2023 |

| Живородени деца според место на раѓање, по општини, 2020-2023 | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | | | | 2021 | | | | 2022 | | | | 2 |
| | Вкупно | Здравствена установа | На друго место со стручна помош | На друго место без стручна помош | Вкупно | Здравствена установа | На друго место со стручна помош | На друго место без стручна помош | Вкупно | Здравствена установа | На друго место со стручна помош | На друго место без стручна помош | В |
| Кавадарци | 320 | 320 | - | - | 335 | 335 | - | - | 297 | 297 | - | - | |

- **Население по населени места (Попис 2021)**

| Населено место | Број на жители (2021) | Тренд (2002→2021) | Кратка анализа |
|---|---|---|---|
| Кавадарци (град) | 32.038 | +2.850 (раст) | Урбан раст – младо и активно население |
| Дреново | 508 | –140 (648→508) | Умерено намалување – ризик од стареење |
| Возарци | 892 | –18 (910→892) | Стабилно, мало население |
| Ресава | 71 | –73 (144→71) | Драстичен пад, ризик од опустошување |
| Шивец | 52 | –39 (91→52) | Значаен демографски пад |
| Куманичево | 7 | стабилно/нисок | Скорошно речиси без население |
| Кошании | 2 | екстремно ниско | Веројатен напуштен статус |

**Напомена:** Овие примери се репрезентативни села; во општина има вкупно 31 населено место

## Интегрирана анализа

- Урбанизација и концентрација во градот Кавадарци- Додека градот бележи раст (+2.850 жители од 2002), руралните области имаат стагнации и опаѓање. Градската зона е мотор за локален развој – тука треба да се насочат основни инвестиции за инфраструктура, претприемништво и услуги.
- Интензивно опаѓање на руралната популација - Многу села (Ресава, Шивец, Куманичево, Кошани) имаат загрижувачки намалувања – ризик од демографско исчезнување.

  За да не се случи демографски исчезнување би ги примениле следните мерки:
  - Програми за рурална регенерација: субвенционирано домување и земјиште, развој на агро-фирми и локален туризам.
  - Поддршка на локални претприемачи: особено мали и микробизниси, рачно производство, занаетчии.
  - Стареење и намалување на младите

Во руралните села, намалените бројки укажуваат на слаб прилив на млади семејства. Ова влијае на реактивноста на локалните услуги: училишта, јавен превоз, здравје. Потребно е стимулирање на населување преку:

- даночни олеснувања, почетни грантови и подобрена инфраструктура (пат, интернет).
- Нееднаква распределба на ресурси - Фокусот само на градот би ја зголемил нееднаквоста.

## Внатрешни миграции (селски–градски, меѓуопштински)

| Ниво | Клучни податоци | Импликации за Кавадарци |
|---|---|---|
| **На државно ниво** | Всушност 11,7 % од населението (≈214.718 лица) се доселиле во ново место на живеење по пописот 2021 г.; 60 % од нив се доселени од друга општина, 28 % во рамки на иста општина и 15 % од странство | Значително внатрешно движење – размена на население и потенцијален дисбаланс во региони. |
| **Во Скопје и централен север** | 48 % од внатрешно доселените се во Скопскиот регион (последица од привлечноста на главниот град); Битола, Прилеп, Штип, Струмица, Велес привлекуваат внатрешно доселените, но Кавадарци не се издвојува како значителен примател . | Кавадарци има слаблив влез на доселенци – ризик од исцрпување на демографскиот потенцијал. |
| **Во Вардарскиот регион** | Населението во регионот бележи пад од –10,4 % помеѓу 2002 и 2021, (од 154.535 на 138.722 жители) . | Јасен тренд на негативна внатрешна |

## ➢ Анализа

| Категорија | Опис и податоци | Анализа / Клучни наоди |
|---|---|---|
| **Број на жители** | Вкупно население (2021): **35.733 жители** (2002: 37.189 жители) | Забележливо е **намалување на населението** за ~4% за 20 години, што укажува на одлив на млади и ниска наталитетна стапка. |
| **Полова структура** | Мажи: 17.908 (50,1%)<br>Жени: 17.825 (49,9%) | Балансирана полова распределба – без значајни отклонувања. |
| **Возрасна структура** | 0–14 г.: 5.373 (15,0%)<br>15–64 г.: 23.898 (66,9%)<br>65+ г.: 6.462 (18,1%) | Се забележува **стареење на населението**, со зголемен удел на лица над 65 години и намален број деца и млади. |
| **Густина на население** | ~38 жители / км²<br>Површина: ~1.000 км² | Релативно **ниска густина**, особено во руралните средини, што влијае врз достапноста на јавни услуги и инфраструктура. |
| **Градско vs. село** | Урбано население: ~90%<br>Рурално население: ~10% | Урбаната концентрација е висока – потребна е **поддршка за рурална ревитализација и одржливост**. |
| **Етничка структура** | Македонци: ~96%<br>Роми, Срби, Турци, Власи и други: ~4% | Етнички **хомогена општина**, со потенцијал за социјална кохезија, но и потреба од инклузија на помалите заедници. |
| **Трудоспособно население** | Работоспособни (15–64 г.): 66,9% од вкупното население | Потенцијал за **развој на пазар на труд**, но и ризик од иселување ако не се нудат локални економски можности. |
| **Невработеност** | Вкупно невработени (2024): 1.475<br>Жени: 814<br>Мажи: 661 | **Жените со високо образование се двојно почесто невработени** – потребни се родово чувствителни политики. |

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| **Населението стареe**, што бара прилагодување на социјалните и здравствените сервиси (домови за стари лица, геријатриска грижа, домашна нега).<br><br>**Намалувањето на младиот контингент** претставува закана за долгорочен економски раст – потребна е стратегија за задржување и враќање на млади (со поддршка за претприемништво, домување и вработување).<br><br>**Родовата нерамнотежа во вработеноста**, особено кај образовани жени, бара структурна интервенција (поддршка за женско | • **Справување со намалување на населението:**<br>  ○ Потребни се програми за задржување на младите (стимули за вработување, домување, иновации).<br>  ○ Активности за привлекување на иселени кадри и млади семејства да се вратат или населат во општината.<br>• **Поддршка на стареењето население:**<br>  ○ Развој на социјални сервиси за стари лица (дневни центри, здравствена грижа во дом, геријатриска нега). |

| | |
|---|---|
| претприемништво, родово чувствителна обука).<br><br> **Руралните населени места**, иако малубројни, имаат потенцијал за развој преку агро-туризам и органско земјоделство, но се потребни инвестициски и инфраструктурни политики.<br><br>**Емиграција на младите** – особено квалификувани кадри, води кон “извлекување” на човечки капитал. | ○ Пристапност до инфраструктура и услуги за лица со намалена мобилност.<br><br>• **Решавање на родовите нееднаквости во вработувањето:**<br><br>○ Потребни се програми за економско оспособување и активна вклученост на жените, особено оние со високо образование.<br>○ Поддршка за женско претприемништво и родово сензитивни мерки на пазарот на труд.<br><br>• **Ревитализација на руралните средини:**<br><br>○ Инвестиции во инфраструктура (патишта, интернет, јавен превоз).<br>○ Поддршка за мали земјоделци, агро-туризам и зелени работни места.<br><br>○ **Формирање локални програми за задржување и привлекување население**, преку стипендии, бенефиции за нови брачни парови и поддршка за стартапи од млади луѓе.<br>○ **Интегрирање на старосната димензија во урбаното планирање** – создавање на "возрасно пријателски" јавни простори и услуги.<br>○ **Развивање родово чувствителни политики** во образованието, вработувањето и јавното учество.<br>○ **Стратешка поддршка на руралните населби**, преку мултисекторски пристап: земјоделие + туризам + дигитализација.<br>○ **Мониторинг и анализа на демографските трендови**, со редовна обработка на податоци и локални индикатори за следење на миграции, наталитет и потреби на населението.<br>○ **Развој на миграциска стратегија**:<br><br>• Градски доселби: лиценцирани имиграциони процедури, поттик на доселување од други општини и странство (поединци, семејства, претприемачи).<br>• Рурално насочени програми: домови со субвенционирани станови, грантови за агро-иницијативи.<br><br>○ **Привлекување повратници/иселеници**: |

| | |
|---|---|
| | • Враќање на квалификувани млади: грантови, даночни ослободувања, лесен пристап до пазари и инфраструктура.<br>• Целенасочени кампањи кон дијаспората (особено во Шведска, Германија, Словенија). |

## Анекс 3: Пазар на трудот

- **Социјална инфраструктура**
- **Секторска анализа - Социјална инфраструктура**

- **Образование**

Образовниот систем во општина Кавадарци се состои од организирано предучилишно, основно и средно образование.

- **Предучилишно образование**

Сите деца од предучилишна возраст се згрижени во објектите на детската градинка ,,Рада Поцева”кои освен во градското подрачје има клонови и во руралните подрачја.

Образовниот систем во предучилишната возраст општината го сочинуваат една детска градинка со осум објекти. Детската градинка ги опфаќа следниве клонови:

- Ваташки Цветови
- Снежана
- Детелинка
- Гроздоберче
- Изворче
- Буба Мара
- Петар Пан
- Ѕвончица
- Сонце

Градинката е основана во 1963 година.

| Година | Деца | | | Вработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Машки | Женски | Вкупно | Машки | Женски |
| 2019 | 1244 | 632 | 614 | 133 | 7 | 126 |
| 2020 | 1023 | 537 | 486 | 142 | 7 | 135 |
| 2021 | 1035 | 535 | 500 | 140 | 7 | 133 |
| 2022 | 1171 | 599 | 572 | 158 | 7 | 151 |
| 2023 | 1151 | 606 | 535 | 160 | 7 | 153 |

Од податоците во табелата може да се види дека бројот на деца од предучилишна возраст е 1151 дете, што е и максималниот капацитет на градинката.
Во однос на половата структура згрижени се повеќе машки деца во однос на женски деца. Во однос на половата структута на вработените лица повеќе се жени во однос на мажи.

| Објекти | Капацитет на деца | |
|---|---|---|
| | Проектиран | Сегашен |
| 1 | 2 | 3 |
| | | |
| Гроздоберче | 80 | 115 |
| | | |
| Изворче | 120 | 190 |
| | | |
| Снежана | 178 | 215 |
| | | |
| Детелинка | 217 | 217 |
| | | |
| Ваташки Цветови | 40 | 40 |
| | | |
| Буба Мара | 75 | 75 |
| | | |
| Петар Пан | 23 | 23 |
| | | |
| Ѕвончица | 19 | 19 |
| | | |
| Сонце | 145 | 145 |
| | | |

- **Основно образование**

Општината е основач на три средни училишта од кое една гимназија и две за средна стручна спрема. Во градот има и неколку дисперзирани студиски програми на универзитетот ,,Гоце Делчев” Штип.

**Основни училишта:**

| Основно училиште | Година на изградба | Број на паралелки и ученици | Површина на објект | Површина на спортска сала | Дворна површина |
|---|---|---|---|---|---|
| Тоде Хаџи Тефов | 1962 г. | 1075 учен. 41 пар. | 2.866 м² | 650 м² | 7286 м² |
| Димката Ангелов Габерот | 1935 г. | 397 учен. 27 парал. | 1.516 м² | 420 м² | 2340 м² |
| Димката Ангелов Габерот-Ваташа | 1948 г. | 258 учен 18 паралелки | 1100 м² | 600 м² | 1042 м² |
| Тошо Велков Пепето | 1984 г. | 593 учен 30 парал | 3995 м² | 305 м² | 6300 м² |
| Гоце Делчев | 1975 г. | 617 учен 27 парал. | 3000 м² | 420 м² | 8175 м² |
| Страшо Пинџур (урбани и рурални) | 1956 г. | 536 учен. 41 параle | 650 м² | 650м² | 4.700 м² |
| Лазо Мицев Рале | 2016 г. | 297 учен 28 паралел | 553 м² | / | 300 м² |

| | |
|---|---|
| Вкупно паралелки | 70 |
| Вкупно ученици | 1.347 |

- ООУ Димката Ангелов
- ООУ Страшо Пинџур
- ООУ Тоде -Хаџи Тефов
- ООУ Димката-Ангелов Габерот-с.Ваташа
- ООУ Гоце Делчев
- ООУ Тошо Велков Пепето
- ОО Музичко балетско училиште ,,Лазо Мицев Рале

**Средни училишта:**

- СОУ Гимназија ,,Добри Даскалов"
- СОЗШУ ,,Ѓорче Петров"
- СОУ ,,Ќиро Спанџов -Брко"

Средни училишта

| Бр. | СОУ | Година на изградба | Број на паралелки | Број на ученици м/ж | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СОУ Добри Даскалов | 1945 | 28 | 368 ж<br>231 м | 599 |
| 2 | ЗШУЦ Ѓорче Петров | 1965 | 20 | 229 ж<br>85 м | 314 |
| 3 | СОУ Ќиро Спанџов-Брко | 1979 | 22 | 96 ж<br>475 м | 475 |

Број на наставници/чки и директори/ки во основните и средните училишта:

| Училиште | Наставници | | Директори | | Ученици | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | мажи | жени | мажи | жени | машки | женски |
| ООУ. Гоце Делчев | 15 | 45 | | / | 312 | 305 |
| ООУ Тоде-Хаџи - Тефов | 12 | 49 | | | 375 | 315 |
| ООУ Димката Ангелов Габер | 14 | 41 | | | 248 | 236 |
| ООУ Страшо Пинџур | 29 | 74 | | / | 279 | 237 |
| ООУ Тошо Велков Пепето | | | / | | 292 | 301 |
| ООУ Димка Ангелов Габер-Ваташа | 6 | 23 | / | | 67 | 121 |
| СОУ Добри Даскалов | 16 | 48 | | / | 234 | 352 |
| ЗШУЦ Ѓорче Петров | 17 | 25 | | / | 153 | 186 |
| СОУ Ќиро Спанџов - Брко | 37 | 24 | / | | 407 | 105 |

Средното образование во општина Кавадарци е организирано во три средни училишта и тоа:

**Добри Даскалов:**

-гимназиско образование

-економски техничар

- правен техничар

**Ѓорче Петров**

**-**шумарство и обработка на дрво

-земјоделтво, рибарство и ветеринарство

-здравство и социјална заштита

-спортска гимназија

**Ќиро Спанџов Брко**

**-**Машинска струка

-Електротехничка струка

-Геолошко ,рударск-металуршка струка

- **Култура и спорт**

Општина Кавадарци е основач на институции кои се носители на сите културни манифестации што се одржуваат во општината. Домот на културата ,,Иван Мазов -Климе" ,,Музеј-Галеријата", градската библиотека ,,Феткин"и Винскиот музен за регион Тиквеш се институциите каде се негува културата.

**Дом на култура ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазов-Климе Кавадарци**

Ова е најстарата институција од областа на културата. Постои од 1953 година и денес е еден од најактивните домови на култура во Македонија. Организира театарски претстави, концерти од сите музички области, ликовни изложби, фотографски изложби, промоции на книги, литературни читања, трибини, мултимедијални настани, филмски проекции и друго. Во склоп на домот функционираат театарот и фолклорниот ансамбл ,,Тиквеш" кој претставува најдобриот културен амбасадор во Тиквешијата и пошироко.

Она што е каратеристично за кавадаречкиот театар е дека на неговата сцена играа и се играат исклучително добри и талентирани актери кои овозможуваат на сцената да се играат претстави со одличен квалитет што се потврдува со бројни награди во државата и надвор од неа. Во организација на Дом на култура секоја година се одржува традиционална Меѓународна ликовна колонија Кавадарци-Михајлово.

Домот на културата е организатор на традиционалната манифестација ,,Кавадаречка културна есен" која од крајот на октомври до декември секојдневно организира различни културни настани со настапи и презентација на домашни и странски автори. Кои привлекуваат многу публика., консументи на различни културни жанрови.

**Музеј Галерија**

Институцијата поседува два објекта: стар музеј и нов музеј. Музејот поседува повеќе збирки и фондови од областа на археологијата, етнологијата, историјата на уметноста и современата македонска уметност. Искорискиот одддел располага со 150 историски предмети, колекција од 4.000 фотографии и негативи, 500 слајдови, 100 каширани фотографии, 3000

страници документи, 2000 страници мемоарски материјал, скромна библиотека со 400 историск наслови и останата литература.
Одделот за археологија располага со над 200 примероци на археолошки материјал.
Етнолошкиот дел располага со вкупно 130 предмети од дрво, текстил и метал. Во сопственост на галеријата се наоѓаат 105 уметнички слики и скулптури на истакнати македонски автори и автори од поранешна Југославија

**Музеј на мирисот и вкусот**

Музејот е единствен од ваков тип во регионот. Во склоп на музејот на мирисот и вкус се наоѓаат спомен соби на истакнати кавадарчани, музикологот Васил Хаџиманов и интерпретаторот на македонски народни песни Никола Бадев.

**Вински музеј**

Во Винскиот музеј е изложен богат музејски материјал од областа на етнологијата, историјата и археологијата во делот на винарството и лозарството кои се сведоштва на културниот развој на Тиквешкиот регион. На површина од 100 м2 изложени се предмети поврзани со преработка на вино и ракија од крајот на XIX и почетокот на XX век.
Музејот во својот состав содржи музејска збирка од делот на винарството и лозарството која има за цел да го прикаже континуитетот на производството на вино и ракија.
Винскиот музеј за регион Тиквеш ги обединува сите музиолошки дисциплини во себе, археолошка, етнолошка и историска. Во музејот се изложени 70 етнолошки предмети поврзани со производство на вино и ракија, 15 фотографии со историска содржина како и комерцијален дел на изложбени вина од сите комерцијални и семејни винарии во регионот.

**Градска библиотека Феткин**

Градската библиотека Феткин е основана на 16 мај 1945 година. Во библиотеката функционираат два оддела:за возрасни и за деца. Библиотеката има богат фонд од 55.718 книги и читална со 60 седишта. Во библиотеката се одржуваат голем број на културно- забавни активности и манифестации.

- **Спорт**

Кавадарци е познат и признат спортски град. Во Кавадарци има 2 спортски сали Јасмин и Партизан. Спортската сала Јасмин е повеќенаменска сала во затворени простории и има капацитет од 2.500 гледачи. Спортската сала Партизан има капацитет од 300 гледачи. Во Кавадарци активни се повеќе спортски екипи, а најпрепознатливи се:
КК Еуроникел-кошарка
Градски фудбалски клуб ,,Тиквеш”1930
Градски ракометен клуб ,,Тиквеш”2014

Исто така активни се и други спортски клубови:
Карате клуб ,,Кавадарци”
Џудо клуб ,,Кожувчанка”
Кик бокс клуб ,,Будо”
Стрелачки клуб ,,Кавадарци”
Кошаркарски клуб ,,Академик”
Тениски клуб ,,Црна Река”
Атлетски клуб ,,Тиквеш”
Планинарско спортско друштво ,,Орле” и други.

**Скејт парк**

Во Кавадарци е изграден скејт парк за екстремни спортови со седум елементи со цел воведување на нов спорт во градот како и подобрување на спортско туристичката понуда каде дневно циркулираат околу 100 корисници. Скејт паркот има површина од 770 квадратни метри.

**Велосипедско-пешачка патека**

Велосипедско-пешачката патека од с.Ваташа до Моклиште е долга 4 километри од Ваташа до Моклишка воденица.. На патеката има попатни станици-одморалишта (вкупно 5) кои што се целосно уредени и опремени со урбана опрема, како и табли за пинг-понг, фитнес справи и метални конструкции за паркирање на велосипеди.

**Здравствена и социјална заштита**

Здравствениот систем во Општина Кавадарци го сочинуваат јавните и здравствените установи и прватните здравствени установи.

**Јавни здравствени установи**

Современото здравство во Кавадарци го сочинуваат Општата болница со проширена дејност, организираната мрежа на приватни доктори и на стоматолози, неколку медицински лаборатории и мрежата на приватни аптеки.

**Приватни здравствени установи во Општина Кавадарци**

Покрај јавни здрсвствени услуги, граѓаните во општина Кавадарци добиваат медицински услуги и од проватни здравствени установи:

- 18 приватни здравствени организации
- 20 стоматолошки организации
- 18 аптеки

- **Невладин сектор**

Општина Кавадарци има исклучително активен невладин сектор кој делува во повеќе области и нивните активности и програми се во насока на подобрување на квалитетот на

животните стандарди на граѓаните на Општина Кавадарци. Во општина Кавадарци се регистрирани повеќе невладини организации , а активно работат следниве невладини организации:

| | |
|---|---|
| 1 | Мобилност |
| 2 | Здружение на глуви и наглуви |
| 3 | ЗГ Иднината е сега |
| 4 | Ластарчиња Лозарчиња ЗГ Панчелито |
| 5 | Црвен Крст |
| 6 | Еко живот |
| 7 | Креактив |
| 8 | Винотек |
| 9 | Планинарско спортско друштво Орле Кавадарци |
| 10 | Здружение на граѓани Карневалска група Сопот |
| 11 | Здружение на граѓани карневалска група Џоломари Бегниште |
| 12 | Здружение на писатели Тиквешки Цветови |
| 13 | СППМД |
| 14 | Здружение за родова еднаквост Визија |
| 15 | Здружение за заштита на животните Шепи |
| 16 | Кватум Прима |
| 17 | Венус |
| 18 | Кавадион |
| 19 | Авантуристи |

| | |
|---|---|
| 20 | Еко Индикатор |
| 21 | Зона |
| 22 | Михајлово Арт |
| 23 | Нова Цивиста |
| 24 | Роднокрајци |
| 25 | Сашко Гешковски |
| 26 | Сцена Прва |
| 27 | Тиквеш Рајдерс |
| 28 | Блашница |

Општ заклучок е дека во општина Кавадарци има активен невладин сектор. Нивната активност е тесно поврзана со финансиски средства кои за 2021,2022,2023 и 2024 година изнесуваат 3.000.000 денари.

- **Социјална заштита**

На подрачјето на Општина Кавадарци работи јавна меѓуопштинска установа Центар за социјална работа. Општина кавадарци согласно законските надлежности преку програмата за активности на општина Кавадарци во областа на социјалната заштита доделува еднократна парична помош.

Доделувањето на еднократна парична помош а ова право можат да го користат лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик поради претрпена природна непогодна, лекување или друга социјална криза, лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој и за новороденчиња.

| Ред. бр. | Причина за барање на еднократна парична помош | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Лекување | 295 | 724 | 350 | 331 |
| 2 | Новороденче | 281 | 310 | 252 | 202 |
| 3 | Егзистенција | 42 | 13 | 18 | 26 |
| 4 | Природни непогоди | 9 | 9 | 16 | 47 |

Од податоците во табелите може да се заклучи дека во 2021 година има најголем број на барања за еднократна парична помош и најмногу се доделуваат финансиски средства на лица за лекување.  Бројот на лицата кои се нашле во тешка финансиска сосотојб во периодот од 2020 до 2023 година е во пораст што најверојатно се должи на пандемијата Ковид 19.

| ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ГРИЖИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Вид на социјална помош** | **М** | **Ж** | **ВКУПНО** |
| Гарантирана минимална помош | 200 | 176 | 376 |
| Самохрани родители корисници на право на ГМП | 1 | 8 | 9 |
| Носител на право на образовен додаток | 12 | 158 | 170 |
| Право на детски додаток | 27 | 172 | 199 |
| Самохрани родители корисници на детски додаток | 18 | 58 | 76 |
| Пријави за семејно насилство | 9 | 29 | 38 |
| Самохрани род.корисници на посебен додаток | 5 | 11 | 16 |
| Право на посебен додаток | 47 | 98 | 146 |
| **ВКУПНО** | 319 | 710 | 1.030 |

**Лица со попреченост**

Во евиденција на Центарот за социјална работа има вкупно 278 лица со попреченост (мобилност, слепило, глувост) кои имаат потреба од лична асистенција. Состојбата на лица со попреченост (лица со интелектуална и телесна попреченост, телесни инвалиди, деца со пречки во слухот, говорот и гласот, деца со попреченост во менталниот развој, деца со аутизам и друго первазивно растројство, хронично болни деца, деца со комбинирани пречки во развојот, деца со пречки во телесниот развој) во општина Кавадарци е следна:

- 278 лица со попреченост (мобилност, слепило, глувост)
- 146 деца со попреченост
- 15 лица го посетуваат Дневниот центар за лица со телесна и ментална попреченост
- 37 деца ја користат услугата вон - семејна заштита (деца без родители и родителска грижа) од кои:

23 деца кои се сместени во згрижувачки семејства

3 деца се сместени во установа

5 деца се под старателство на блиски сродници

4 деца се сместени во Мал групен Дом

2 деца се згрижени во станбени заедници и живеење со поддршка на младинци.

**Совет за социјална заштита**

Во општина Кавадарци има формирано Совет за социјална заштита со претставници од општината, јавно обвинителство, МВР, ЦСР, АВРМ, граѓански сектор. Центарот за социјална работа има формирано интервентен тим кој постапува 24/7.

За највозрасните -стари лица општина Кавадарци има предвидено изградба на старечки дома, а во врска со социјалните услуги ги имаме следниве

1. Нега на стари лица од страна на лиценцирани негуватели на Црвен Крст кои се грижат за нега на старите лица
2. Општествено-корисна работа – лична асистенција на стари лица за помош при самостојно живеење

Во врска со меѓуопштинската соработка, општина Кавадарци и здружението за родова еднаквост има воспоставено услуга за регионален советувалишен центар за жртви на семејно насилство во соработка со општините Росоман, Кавадарци, Демир Капија и Неготино. Се изградија апартмани за социјално домување на жртви на семејно насилство и жртви од природни непогоди

.

Во општина Кавадарци функционира невладина организација Совет за превентива против малолетничка деликвенција која спроведува активности поврзани со покренување на свеста и спречување на малолетничката деликвенција

- **Клучни наоди**

**Социјалната инфраструктура** во општина Кавадарци има важна улога во обезбедувањето на квалитетен живот за граѓаните и создавање на услови за благосостојба на сите категории на население. Општина Кавадарци, која е значаен индустриски и земјоделски регион во Јужна Македонија, развива различни аспекти на социјалната инфраструктура како дел од својот општи развој. Погледот на социјалната инфраструктура се базира на основните услуги и објекти кои ги поддржуваат животните стандарди и потребите на граѓаните.

## Образование

- **Основни и средни училишта**: Општина Кавадарци има развиена мрежа на основни и средни училишта кои обезбедуваат образовни услуги за учениците. Некои од основните училишта во Кавадарци и околните населени места се опремени со современа инфраструктура, додека други имаат потреба од обновување на просториите и училниците.
- **Образовни програми и обуки**: Во општина Кавадарци постојат програми за дополнително образование и обуки, кои се понудени преку образовни и професионални центри за пост-основно образование. Овие програми се важни за подобрување на квалификациите на младите и обезбедување можности за преквалификација на возрасното население.

### Здравствена заштита

- **Здравствени установи**: Општина Кавадарци има здравствен дом и неколку амбуланти кои обезбедуваат примарна здравствена заштита. Главната здравствена установа во општината е **Јавната здравствена установа "Здравствен дом Кавадарци"**, која обезбедува широк спектар на медицински услуги, вклучувајќи општа и специјализирана медицинска грижа.
- **Превентивни услуги**: Понудени се и здравствени услуги за превенција на болести, вакцинирање, промоција на здрав живот, како и услуги за старите и хронични болни лица. Потребни се дополнителни вложувања во модернизација на медицинската опрема и поврзаноста со другите здравствени центри.

### Социјална заштита

- **Социјални услуги**: Општина Кавадарци има развиено социјални услуги за ранливите групи на население, како што се лица со попреченост, старци, деца без родители, и други социјално загрозени групи. Социјалната заштита ги обезбедува потребните услуги за овие лица, како што се парични надоместоци, помош и поддршка за вклучување во општеството.
- **Домови за стари лица**: За старите и немоќни лица, општина Кавадарци располага со дом за стари лица кој обезбедува сместување и медицинска нега. Овој дом е важен дел од социјалната инфраструктура, но со оглед на растечката потреба за овие услуги, потребни се нови инвестиции во проширување на капацитетите.

### Културни и спортски капацитети

- **Културни установи**: Кавадарци има неколку културни институции, вклучувајќи **културен центар**, **библиотеки** и **културни домови**, кои ја промовираат културната активност и развојот на локалната заедница. Во овие институции се организираат различни културни настани, предавања и образовни програми за граѓаните.
- **Спортски инфраструктури**: Општината располага со спортски објекти, како што се **спортски сали**, **фудбалски стадиони**, и **спортски терени**. Овие објекти се користат за промоција на спортот и рекреација за младите и возрасните, но треба да се направи повеќе за да се модернизираат и прошируваат.

### Животна средина и зелени површини

- **Зеленило и паркови**: Општина Кавадарци има развиени јавни простори и паркови, кои се користат како места за рекреација. Овие простори се важни за физичкото и менталното здравје на граѓаните и потребни се нови инвестиции во нивното уредување и проширување.
- **Животна средина**: Социјалната инфраструктура вклучува и елементи за подобрување

на животната средина, како што се чистењето на јавни површини и управувањето со отпадот. Потребни се иницијативи за поддршка на еколошки активности и намалување на загадувањето.

➢ **Сообраќајна инфраструктура**

- **Јавен превоз**: Кавадарци има јавен превоз кој ги поврзува различните делови на општината и дава можности за мобилност на граѓаните, особено за помалку мобилни категории како што се старите лица и студенти. Сепак, потребно е продолжување на инвестициите во јавниот превоз за подобрување на услугите и за пристапност за сите граѓани.
- **Безбедност во сообраќајот**: Планирање на безбедноста во сообраќајот, особено за пешаците и велосипедистите, исто така е дел од социјалната инфраструктура, како дел од социјалната одговорност на општината.
- **Јавен паркинг:** Јавниот паркинг во Општина Кавадарци е организиран согласно потребите на урбаното јадро и зголемениот број на возила во последната деценија. Општината има воспоставено зонски систем на паркирање, со што се обезбедува подобро управување со сообраќајниот метеж, поголема дисциплина и рационално користење на просторот. Паркирањето е регулирано преку три зони – А, Б и В – во кои се обезбедени над 1.000 паркинг места. Посебен акцент е ставен на социјалната компонента, со посебни места за лица со попреченост и воведување на т.н. „хуманитарни и еколошки паркинг места“, каде средствата од паркирањето се донираат за општествено-корисни цели. Со оваа иницијатива, Кавадарци е една од ретките општини во државата што практикува функционална интеграција на урбаната и социјалната политика.

Социјалната инфраструктура во општина Кавадарци има добро развиени основни услуги кои ги обезбедуваат потребите на локалното население, но постојат области каде што се потребни дополнителни инвестиции и подобрувања. Постои потреба за **модернизација на образовните и здравствените установи**, како и за **проширување на социјалната заштита** и **културните и спортски капацитети**. Одржувањето на добро развиена социјална инфраструктура е клучно за квалитетот на животот на граѓаните во Кавадарци.

- **Потреби и насоки**

➢ **Образовни установи**

- **Достапност на училиштата**: Како се распределени училиштата во општината? Дали има доволно капацитети за сите деца?
- **Квалитет на образованието**: Какви се условите во училиштата, наставните материјали, образовниот кадар?

- **Инфраструктура за воннаставни активности**: Дали општината има спортски сали, културни центри или други простории за надополнување на образованието?

- **Здравствени установи**

- **Болници и амбуланти**: Дали има доволно здравствени установи? Дали тие се опремени со потребната медицинска опрема и имаат квалификуван персонал?
- **Пристапност до здравствена грижа**: Каков е достапот на здравствени услуги за сите делови на општината, особено за руралните области?
- **Превентивни здравствени програми**: Дали има програми за превенција на болести и подигање на свеста?

- **Социјални услуги**

- **Поддршка на ранливи групи**: Какви социјални услуги се обезбедени за лица со посебни потреби, старци, деца, бездомници и други ранливи групи?
- **Поддршка за семејства**: Дали има програми за семејства во ризик, поддршка за вработување или финансиски грантови?
- **Капацитети за социјални услуги**: Дали има доволно социјални работници, како и други стручни лица кои ќе помогнат во реализација на услугите?

- **Културни и рекреативни капацитети**

- **Културни установи**: Дали општината располага со библиотеки, театри, музички школи или други места за културни настани?
- **Рекреативни простори**: Какви се условите за спорт и рекреација во општината? Дали има спортски терени, паркови и зелени површини?
- **Достапност на овие услуги**: Каков е пристапот до културните и рекреативните капацитети за сите граѓани?

- **Сообраќајна инфраструктура**

- **Јавен превоз**: Дали општината има развиен јавен превоз и дали е достапен за сите граѓани?
- **Пешачки и велосипедски патеки**: Како е развиена инфраструктурата за пешачки и велосипедски патеки, посебно во урбаните делови на општината?

- **Екологија и животна средина**

- **Отпад и хигиена**: Каков е системот за управување со отпадот во општината? Дали има доволно места за рециклирање и третман на отпад?

- **Зеленило и јавни простори**: Колку простор има за зеленило и рекреативни области? Како е развиена инфраструктурата за грижа за животната средина?

- **Економска активност и вработување**

- **Поддршка на претприемачи**: Како општината ги поддржува малите и средни претпријатија, како и економската активност во општината?
- **Образование и вработување**: Какви се можностите за обука и вработување за младите и невработените?

- **Безбедност и јавен ред**

- **Полиција и безбедност**: Каква е ситуацијата со полицијата, безбедноста и јавниот ред? Дали постојат програми за превенција на криминал?
- **Превенција на ризици**: Дали општината има стратегии за справување со природни катастрофи и други ризици (пожари, поплави)?

- **Инклузивност и учество на граѓаните**

- **Граѓанска активност**: Дали општината има механизми за вклучување на граѓаните во одлучување за важни прашања?
- **Јавни консултации и транспарентност**: Каква е транспарентноста во донесувањето на одлуките и дали има редовни јавни консултации?

- **Истражување на податоци**

- **Демографски податоци**: Анализа на возраста, родовата структура, миграцијата и други демографски карактеристики на населението.
- **Процена на потреби**: Потребно е да се спроведе истражување на терен за да се проценат специфичните потреби на заедниците во Кавадарци.

- **Насоки за анализата:**

- **Собирање на податоци**: Податоците треба да се соберат од различни извори, вклучувајќи статистички податоци, анкети, интервјуа со граѓани, локални власти, невладини организации и други заинтересирани страни.
- **Испитување на капацитети**: Анализирање на постоечките капацитети во однос на потребите на населението.
- **Препораки**: На крајот од анализата треба да се дадат конкретни препораки за подобрување на социјалната инфраструктура, базирани на идентификуваните недостатоци и потреби на граѓаните.

Така, анализа на социјалната инфраструктура во општина Кавадарци ќе обезбеди целосен преглед на моменталната состојба, а истовремено ќе помогне во креирањето на подобра стратегија за идниот развој и подобрување на квалитетот на живот на нејзините жители.

## Анекс 4: Економски аспект

### ➢ СТРУКТУРА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

Економскиот развој претставува суштински столб на локален развоен план на Општина Кавадарци. Преку зголемени инвестиции во стратешки сектори, општината бележи континуиран раст, отворање на нови работни места и подобрување на конкурентноста на локалната економија. Постоечката индустриска база, засилена со силни компании од винарската, металопреработувачката, челичната и автомобилската индустрија, претставува двигател на економската активност во регионот.

Со поддршка на локалната самоуправа и соработка со државни и меѓународни партнери, Кавадарци се позиционира како поволна дестинација за нови инвестиции. Истовремено, се реализираат инфраструктурни и комунални проекти со цел создавање подобри услови за живот, стопанисување и одржлив развој.

Во рамките на овој план, економските инвестиции се разгледуваат не само како директен економски придонес, туку и како алатка за интегриран и рамномерен територијален развој, со фокус на вклучување на локалното население, зголемена продуктивност и унапредување на животната средина.

Општина Кавадарци е втора во регионот според нивото на економски развој со проценета додадена бруто-вредност (БДВ) по жител од 391 илјада денари во 2019 година.Слично, општината има едно од највисоките нивоа на инвестиции во регионот, приближно 76,8 илјади брутоинвестиции по жител во истата година.Општина Кавадарци важи за една од потранспарентните општини, со индекс на активна транспарентност од 80,6 проценти во 2021 година.5 Конечно, Општината има најнизок процент (57,2 проценти од вкупните приходи во 2019 година) на зависност од централниот буџет во регионот, каде што од вкупното финансирање на Општината 26,8 проценти се канализираат во капитални инвестиции, што ја прави трета општина во регионот според тој индикатор во 2019 година.

Економската активност во Кавадарци забележува позитивна стапка на пораст во изминатата декада. Додадената бруто-вредност по жител8 континуирано расте за периодот 2011-2020 година, со исклучок на 2016 година и пандемиската 2020 година.

Вардарскиот регион (кој вклучува Кавадарци, Неготино, Демир Капија и др.) учествува со 6,8 – 7,2 % од вкупниот БДП на државата.Вкупниот БДП на Северна Македонија во 2023 изнесуваше околу 14,5 милијарди евра, што значи дека целиот Вардарски регион создава приближно 1 милијарда евра годишно.

Кавадарци е економски најсилната општина во Вардарскиот регион, со најголем број активни субјекти, најголеми компании и највисока вработеност.Се проценува дека Кавадарци

придонесува со 45–55 % од регионалниот БДП, што значи дека проценет општински БДП изнесува околу 450–550 милиони евра годишно.

Кавадарци е еден од водечките локални економски центри во државата, со приближно половина милијарда евра економска активност годишно.

Градот има повисок БДП по жител од државниот просек, што се должи на силната индустриска база и ниската невработеност.

Оваа анализа е приближна и може да се користи како основа за индикативно позиционирање во ИЛРП, сè додека не се воспостави официјално мерење на БДП на општинско ниво.

**Деловни субјекти**

Носител на досегашниот стопански развој во Општина Кавадарци е земјоделството, чија основа пред се сè:

- лозарството и
- винарството.

Меѓутоа не помало стопанско значење заземаат :

- металургијата и рударството,
- металната индустрија
- дрвната индустрија
- текстилната индустрија
- прехранбената индустрија
- градежната индустрија
- трговската и угостителската дејност итн.

Бројот на активните деловни субјекти во Општина Кавадарци варира во различни периоди.

*Табела: Активни деловни субјекти по големина во Општина Кавадарци, состојба 31 декември 2024 година*

| Вкупно | микро | мали | средни | големи |
|---|---|---|---|---|
| 1 653 | 1 028 | 598 | 13 | 14 |

**Економски карактеристики** – клучни економски сектори, локални инвестиции, деловна клима, состојба на општинските претпријатија. Економската структура на Општина Кавадарци, според големината и секторите на дејноста, е претставена во следните табели:

**Табела 3: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години, состојба 31 декември 2024 година – Општина Кавадарци**

| **Опис** | **Број на деловни субјекти по сектори** |
|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 106 |
| Рударство и вадење на камен | 21 |
| Преработувачка индустрија | 221 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 43 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација наоколината | 12 |
| Градежништво | 150 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 725 |
| Транспорт и складирање | 429 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности сохрана | 120 |
| Информации и комуникации | 44 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 8 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 8 |
| Стручни, научни и технички дејности | 76 |
| Административни и помошни услужни дејности | 17 |
| Јавна управа и одбрана;задолжително социјално осигурување | 3 |
| Образование | 35 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 96 |
| Уметност, забава и рекреација | 36 |
| Други услужни дејности | 75 |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи | ... |
| Дејности на екстратериторијални организации и тела | ... |

Извор: Државен завод за статистика

| Кавадарци | Вкупно | Вработени | Работодавачи | Само-вработени | Член на Фамилија кој допринесува во буџетот |
|---|---|---|---|---|---|
| *Кавадарци* | *8430* | *7662* | *318* | *438* | *12* |
| **Производство** | 2552 | 2425 | 76 | 50 | 1 |
| **Трговија на големо и на мало** | 1092 | 782 | 144 | 166 | |
| **Земјоделство, лов и шумарство** | 928 | 803 | 9 | 105 | 11 |
| **Образование** | 640 | 637 | 1 | 2 | |
| **Јавна администрација и одбрана** | 625 | 624 | 1 | | |
| **Здравство и социјален сектор** | 552 | 537 | 9 | 6 | |
| **Градежништво** | 520 | 503 | 12 | 5 | |
| **Транспорт,складишт а икомуникации** | 423 | 354 | 33 | 36 | |
| **Електрична енергија иводоснабдување** | 393 | 393 | | | |
| **Останати општествени и социјални активности** | 179 | 159 | 3 | 17 | |
| **Хотели и ресторани** | 164 | 131 | 16 | 17 | |
| **Финансиски посредници** | 126 | 123 | | 3 | |
| **Недвижности, изнајмување** | 139 | 111 | 10 | 18 | |
| **Некласифицирани според индустријата** | 52 | 36 | 4 | 12 | |
| **Рударство и истражување на руда** | 33 | 32 | | 1 | |
| **Рибарство** | 9 | 9 | | | |
| **Вонтериторијални организации и тела** | 3 | 3 | | | |

Табела 4. Активно население кое работи; индустрија и статус на вработеност во Општина Кавадарци

- **Земјоделско производство**

Почвата претставува мошне чувствителен медиум и важен природен и економски ресурс, динамичен систем кој извршува многу функции и обезбедува сервиси значајни за опстанокот на екосистемите и активностите на човекот. Почвата е екстремно комплексен и варијабилен медиум. Структурата на почвата игра значајна улога во детерминирањето на нејзините способности за изведување на нејзините функции. Било кое оштетување на структурата на почвата ги оштетува и другите медиуми на животната средина и екосистемите. Почвата има бројни еколошки функции, коишто се од суштинско значење за заштитата на животната средина, но и за економијата и напредокот на општеството во целост. Влијанијата врз почвата кои ги предизвикуваат човековите активности постојано се зголемуваат и водат кон деградација и опустинување на земјиштето, што предизвикува сериозни социо-економски последици. Главни закани за здравата состојба на почвите се ерозијата, локална и дифузна контаминација, отпечатување, салинизација, испостување на почвата итн. Голем предизвик е да се спречи деградацијата на почвата. Ова мора да се постигне преку посебни мерки на политиката за заштита и управување на почвата, како и вградување на прашањата за заштита на почвата во останатите секторски политики, односно во земјоделството, шумарството, управувањето со водите, транспортот и др. Процесите на индустријализација и забрзаниот економски развој неминовно водат кон деградација и опустинување на земјиштето, што предизвикува сериозни социо-економски последици. Контаминацијата, како една од заканите за квалитетот на почвите, генерално, потекнува од индустриски активности, хемикалии кои се применуваат во земјоделието или од неправилно отстранување на отпадот и претставува сериозна закана како за човекот, така и за животните и за растенијата. Почвата како природен ресурс мора да се заштитува од секакви оштетувања (деградација) и да се запази нејзиниот квалитет и продуктивност. Бидејќи почвата е уништлив и тешко обновлив природен ресурс, таа треба да се заштитува од секакви влијанија, било да се работи за почва во природните екосистеми или екосистеми кои се наоѓаат под управување од страна на човекот.

**Табела: Основни статистички податоци за земјоделството, сточарството и рибарството во индивидуалниот сектор, во Општина Кавадарци.**

| Број на индивидуални земјоделски стопанства | Вкупно расположлива површина на земјиштето во ха | Користено земјоделско земјиште, ха | | | | Број на одвоени делови на користено земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно користено земјиште | Сопствено земјиште | Земено на користење од други | Дадено на користење од други | |
| 6763 | 6445.66 | 5455.18 | 4956.95 | 516.33 | 18.09 | 11263 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ за 2007 година

**Табела 7: Вкупно расположливо земјоделско земјиште во Општина Кавадарци**

| Вкупно | Ораници, бавчи и куќни градини | Ливади | Пасишта | Овоштарници | Лозја | Расадници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5455.18 | 378.92 | 129.17 | 212.41 | 145.58 | 4587.94 | 1.16 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ за 2007 година

- **Лозарство и винарство**

Лозарството и производството на грозје и вино е заштитен знак на Кавадарци и Тиквешијата. Поволните природно–географски карактеристики во Тиквешкиот регион условиле лозарството да го има приматот во дејноста земјоделие, а овој лозаро- винарски регион да стане водечки во земјата. Климатските услови овозможуваат концентрација на шеќер во грозјето да изнесува 17-26 промили и 5-8% киселина, што еидеален фактор за преработка во висококвалитетните вина со 11-13% на алкохол. Одвкупната обработлива површина на територијата на општина Кавадарци која изнесува18. 523 ha, 4.264 ha се лозови насади. Природно–географските услови и медитеранската клима благотворно делуваат во развојот и одгледувањето на винските и трпезнитесорти на грозје. Најзастапени сорти на грозје се афтохтоните: Вранец –Кратошија,Смедеревка иПрокупец. Исто така се одгледуваат и Кардинал, Афусали, Шардоне, Црн и Бел бургундец, Мерло, Жилавка, Семијон, Совињон, Италијански и Рајнскиризлинг,Белградска рана, Јулски мускат и други сорти на грозја. Најстарите вински реонисе „Белград"- Раштани покрај Овчка река, „Ваташкото"виногорие, како и „Ресавско - бегнишкото" виногорие. Почетоците на одгледувањето на виновата лоза во Тиквешијата датираат уште од 4-ти век п.н.е. Во средниот век лозаро-винарствотобележи силен подем и тоа во средновековните манастири. Долгата и богата традицијана овој реон започнува во времето на Античка Македонија, кога во чест на богот навиното Дионис се одржувале т.н. Дионисови денови. На овие свечености присуствувале и слободните граѓани и робовите, се јадело, се пиело, се веселело понеколку дена. Во времето на владеењето на Римјаните на овие простори во чест набогот Бахус, два пати во годината се одржувале т.н. Баханалии, денови на грозјето и на виното на кои се славел богот Бахус. Бидејќи овие пијанки преминувале во оштитепачки и вулгарности биле забранети во 186 година. Античките Македонци и СтаритеРимјани со голема љубов и умешност ја негувале традицијата за одгледување навиновата лоза, а за тоа сведочат многубројните стели, камена пластика и мозаици на бројните археолошки локалитети во Тиквешијата.

Лозарството како значајна стопанска гранка на земјоделието продолжува да се развива и

во средниот век, а главни центри биле манастирите и црковните имоти каде се правело најубавото вино. Во времето на Душановото царство, односно околу 20 селаод Тиквешијата им биле подарени на Светогорските манастири Хилендар и Пантелејмон. Виното во

средниот век било пијалок на сите сталежи. Со виното се плаќал данокот, а служело и како платежно средство. Со навлегувањето на Турците инивните освојувања на овие простори винарството во извесна мера стагнирало бидејќи,според Куранот, на муслиманите им е забранета употребата на алкохолни пијалоци. Меѓутоа Турците од Мала Азија донеле многу асталски сорти во овој крај. Богатото културно наследство во Тиквешкиот регион е резултат на традицијата која претежно еповрзана со лозарството и винарството. Казаните за варење на ракија се уште секористат, традиционално ги поседуваат голем број на жители во регионот.

Во новиот милениум со влегувањето на приватниот капитал Винарската визба „Тиквеш“плански и сигурно прераснува во светски винарски бренд. Името „Тиквеш“ е синоним за македонското вино, пренесувајќи го сонцето на Тиквешијата низ светот.

Години наназад и семејните винарии полека го заземаат своето место како мошнезначаен сегмент во стопанството на општината

- **Индустрија**

Индустрија која ја позиционира општината на една од водечките места во државата по однос на квалитетот на производите и услугите кои се нудат, презентирано преку:

- ИГМ Траде
- Голден Игл Никел
- Дрекслермајер
- Кожувчанка
- AllianceOne
- Градба Промет
- Горска
- Слога пром
- Ас Машини

- **Металургија и рударство**

Металургијата и рударството се застапени стопански дејности во општина Кавадарци и имаат големо стопанско значење. Металургијата се занимава со преработка на руда и производство на метали и легури. Во близина на Кавадарци освен евидентираните лежишта на железно-никлоносна руда нема позначајни наоѓалишта на метални минерални суровини. Состојбата со неметалните суровини е многу поповолна.

Карактеристично за Кавадарци е наоѓалиштето на Лорандит- талиумов арсенитен сулфат. Тој е откриен за прв пат во рудникот Алшар, кај Кавадарци во 1894 година и е именуван по Етвеш Лоранд, физичар од универзитетот во Будимпешта. За Лорандитот во Северна Македонија испитувања воделе научници од НАСА. Станува збор за многу редок минерал за кој е утврдено

дека го има единствено на Алшар, во близина на Кавадарци. Неговата моќ експертите ја гледаат о тоа што единствено тој природен елемент во светот ги препознава одредени честички пред се неутриното, кои доаѓаат директно од јадрото на сонцето.

**Голден Игл Никел**

Голден Игл Никел - Кавадарци е производител на висококвалитетен никел. Компанијата е меѓу водечките европски и светски производители на никел. Стожерот на македонската индустрија, комбинатот Голден Игл Никел од Кавадарци, само со една линија постигна производни рекорди од речиси 1.500 t никел месечно. Со активирање на втората печка оперативниот капацитет на Голден Игл Никел дополнително се зголемува со што планираното производство е 20.000 t никел годишно. Со своите производи никел и жгура, комбинатот е препознатлив по високиот квалитет, кој го пласира на пазарите во Америка, Европа и Азија. Ги поседува сите најсовремени сертификати, производни,квалитативни, безбедносни и еколошки со што може да пласира производ на ситепазари. Голден Игл Никел во моментов вработува околу 1.000 луѓе, а дополнително ангажираповеќе од 200 локални транспортни компании и има база на снабдувачи составена одповеќе од 1.000 домашни компании.

- **Метална индустрија**

Металната индустрија во општина Кавадарци е мошне развиена. Таа ехетерогена индустриска гранка, односно под метална индустрија се опфатениметалопреработувачката индустрија, машинската и електроиндустријата. На нејзинатериторија работат голем број на компании кои се занимаваат со производство нарепроматеријали, проектирање и изработка на метални калапи, производство и алати,метални конструкции и машини, прецизна механика, делови за моторни возила ипреостаната метална индустрија. Металната индустрија најчесто се базира на прецизниработни операции кои ги изведуваат работниците, помогнати од специфичнипроизводни машини. Во општина Кавадарци металната индустрија е една однајразвиените стопански гранки. Поради разновидното производство карактеристичнисе различни локациски барања, а за тоа сведочат и големиот број на компаниилоцирани во трите индустриски зони во градот.

**ИГМ Трејд**

Од основањето како трговска компанија во 1994 година, ИГМ - Трејд рапидно се развива како најголема домашна гринфилд инвестиција, станувајќи еден од најголемите производители на челични заварени цевки и профили во Југоисточна Европа. Производството се одвива според светски признатите стандарди за производство и квалитет ISO 9001:2008. Денес има над 450 вработени кои работат во фабриката во Кавадарци. Производствените капацитети имаат комбиниран капацитет од 200.000 t годишно. ИГМ - Трејд е компанија со 95% ориентирана кон извоз надвор од Македонија, на пазарите во ЕУ и ЦЕФТА. Постојано инвестира во нова технологија и човечки ресурси со цел да ја одржи позицијата како лидер на пазарот. На крајот на 2015 година, ИГМ - Трејд ги прошири своите активности надвор од Северна Македонија со купување на поранешната фабрика за заварена челична цевка и профил АЛПОС, во Шентјур,

Словенија.Оваа инвестиција нуди многу технолошки, логистички и маркетинг придобивки и овозможува на компанијата да го зголеми своето присуство на пазарите на ЕУ и подобро да им служи на својата база на клиенти во Западна Европа.

- **Автомобилска индустрија**

Оваа стопанска гранка во општината започна да се развива од 2012 година. Во економската зона Телот се изградија производните хали на најголемата странска инвестиција во Македонија. Во неа се произведуваат кабелски сетови (комплетни електрични системи) за автомобилската индустрија. ДММ ДРЕКСЛЕР МАЈЕР Македонија е основана во 2012 од страна на DRÄXLMAIER Group. Од самото основање, фабриката ДРЕКСЛЕР МАЈЕР во Кавадарци доживеа импресивен развој. Денес е еден од најголемите работодавачи во земјата со 6.000 вработени од Кавадарци и околните општини. Со помош на големата иновациска моќ, DRÄXLMAIER Group го достигна технолошкото водство во премиум автомобилскиот сегмент, а нивните висококвлитетни производи од фабриката во Кавадарци се вградуваат во моделите на најпознатите светски производители на автомобили. DRÄXLMAIER Group е интернационален добавувач во автомобилската индустрија со повеќе од 60 фабрики во повеќе од 20 земји низ целиот свет. Со главно седиште во Германија, компанијата денес вработува околу 75.000 вработени низ целиот свет.Меѓу клиентите кои припаѓаат на топ 100 автомобилски добавувачи се вбројуваат Audi, BMW, Bugatti, Cadillac, Jaguar, Lamborghini, Land Rover, Maserati, Mercedes-Benz, MINI, Porsche и Volkswagen.

- **Градежништво**

Стопанска гранка чија дејност е градење објекти и изведување на градежни активности. Градежништвото има значајна улога во економијата во општина Кавадарци. Од градежништвото како носечка гранка зависат многу други економски гранки. Препознавањето на квалитетна градба, важноста на сигурната инфраструктура која ќе ја користат многу генерации, како и регионалното поврзување на градежните компании за реализација на проекти се трите важни аспекти во функција на развој на градежниот сектор. Во општина Кавадарци последните неколку години се случува градежна експанзија, а бројот на градежни компании е во подем. Општината е силен поддржувач и партнер на градежниот сектор. Проектите од комуналната инфраструктура, како и урбанизацијата се насочени кон поттикнување на локалните компании за нивно учество во изградбата и развојот на локалната заедница во сите сегменти од градежништвото.

Градежните компании преку добивање на проекти во комуналната изградба се активни чинители во инфраструктурниот развој на градот и општината во сите домени на градежната индустрија. Изградбата на улиците, тротоарите, партерното уредување, подземната инфраструктура, индивидуалното и колективното домување, како и останатите сегменти од градежништвото се дело во најголем дел на локалните компании кои квалитетно и стручно го градат Кавадарци и општината. Квалитетната и навремена реализацијана на проектите произлезени од Генералниот и Деталните урбанистички планови се во директна корелација и со општинскиот градежен сектор

претставен преку локалните градежни компании кои ангажираат работна рака и стручни профили на квалификувана и високо квалификувана работна сила од сите профили со средна и висока стручна спрема.

- **Тутунска и прехранбена индустрија**

Тутунската и прехранбената индустрија претставуваат значаен сегмент од локалната економија на Општина Кавадарци, со длабоки историски и социо-економски корени. Општината е позната по производството и преработката на ориентален тутун, како и по интензивното лозарство, винарство и прехранбена преработка, кои се меѓусебно поврзани и придонесуваат за развој на земјоделството и индустрискиот сектор.

Во делот на тутунот, Кавадарци е дом на една од најголемите компании за преработка на ориентален тутун во регионот – „Alliance One Macedonia", која вработува голем број жители и е значаен извозник. Тутунот, како традиционална култура, и понатаму обезбедува приходи за земјоделските домаќинства, и покрај намалениот тренд на производство на национално ниво.

Од друга страна, прехранбената индустрија е најмногу застапена преку винарскиот сектор, со винарницата „Тиквеш" како водечки економски субјект не само во општината туку и во целата држава. Покрај виното, постојат и други компании кои се занимаваат со преработка на пијалаци, овошје и зеленчук, како и со трговија на прехранбени производи. Дополнително, значајна улога има и компанијата „Кожувчанка", која е еден од водечките производители на природна минерална вода и безалкохолни пијалаци во државата. Таа е препознатлив бренд на национално ниво, со континуирана инвестиција во квалитет, современи производствени технологии и извозна ориентација.

Овие индустрии се основа за планирање на понатамошен одржлив развој, особено преку воведување на иновативни технологии, проширување на извозните капацитети и подобрување на вредносниот синџир. Преку унапредување на овие сектори, се отвораат можности за вработување, зголемена конкурентност и регионален бренд базиран на традиција, квалитет и еколошка свесност.

- **Туризам**

Општина Кавадарци сместена во централното Повардарие на својата територија гиима:најголемото виногорие на Балканот и Југоисточна Европа, планинскиот масивКожуф, висорамнината Витачево, како и најголемата вештачка акумулација „Тиквеш". Овие компаративни предности нудат одлични услови за развој на туризмот како стопанска гранка во чии рамки се опфатени сите форми на туризам од кои предничи активниот туризам што подразбира истражување и посета на повеќе места во Туристичката дестинација. Развојот на туризмот во општина Кавадарци е на самиот зачеток, потенцијалот е минимално искористен, од причина што во минатото не му била дадена особена важност, како стопанска гранка, но во изминатиот период со зголемување на свеста каи граѓаните преку : дирекна комуникација помеѓу органите на општината ,приватниот и невладиниот сектор туризмот бележи импресивен пораст во последата декада.

Лозарството и винарството на овие простори имаат традиција уште од античко време. Во околината на Кавадарци се најстарите виногорја: „Белград“, „Ваташкото“како и „Ресавско Бегнишкото“виногорје. „Белград“ е опеано и во најпознататамакедонска народна песна „Билјана платно белеше”. Овие факти се одлична појдовна основа за развој на винскиот туризам. Токму во овој сегмет општина Кавадарци има неисцрпни ресурси за развој на алтернативниот туризам.

Планинскиот масив Кожуф претставува едно од последните недопрени предели, последиот „Еко бисер“ како во Македонија, така и на Балканот. Поставеноста и релјефната структура на Кожуф и подкожувјето нудат извонредни услови за развојна: планинскиот, селскиот, спелеолошкиот, алтернативниот, екстремниот и еко туризам.Овде се наоѓа езерото Тиквеш. Разгранетиот брег, релјефот и богатиот биодиверзитет на флората и фауната е добра појдовна основа за развој на алтернативниот туризам. Околината каде е лоцирана акумулацијата е едно од најстарите виногорја во тиквешијата, Ресавско-Бегнишко. По воден пат се стига до еден од најстарите манастири во Европа, манастирот „Св Георги“ Полошки. На падините на Кожуф и Вишешница се наоѓа и ендемскиот вид на дабово дрвонаречено „Гол човек“. Ова дрво го добило името поради сличноста на неговата кора со човечката кожа како по боја, така и по допир. Тој факт е доволно привлечен за туристите.Денескавештачката акумулација „Тиквеш“прераснува во туристичка дестинација која привлекува домашни и странски туристи и нови инвеститори кои вложуваат средства во изградба на мини хотели кои се издаваат. ОпштинаКавадарцие сместена во централното Повардарие, на својата територија ги иманајголемото виногорје на Балканот и Југоисточна Европа, планинскиот масив Кожуф, висорамнината Витачево, како и најголемата вештачка акумулација „Тиквеш“. Со изградбата на новиот граничен премин „Пуљевац“ на Кожуф, општина Кавадарци ќе стане нова патна артерија на Македонија и соседна Грција, со што протокот на луѓе низ нашата општина ќе забележи зголемен пораст. Со олеснувањето на времето за патување како и позиционирањето на општина Кавадарци во Европската карта на транзитни општини.

- **Хотелиерство и угостителство**

Кавадарци и Тиквешијата отсекогаш се познати по своето гостопримство, уште оддамнешно време Кавадаречани на некој особен начин се издвојувале одостанатото население во нашата држава во однос на приемот и комуникацијата со гостите,патниците намерници што престојувале во Кавадарци.Зачетоците на развојот на угостителството и хотелиерството е изградбата на „АН“-ови кои биле на два ката. На првиот кат била сместена стоката и местото за послужување на храна, додека навториот кат било сместено местото за спиење.Првиот хотел во Општина Кавадарци бил изграден од Петре Камчев, со прекар Американецот, повратник од печалба во Америка. Хотелот кој го изградил пред Втората светска војна бил првиот кој за тоа време ги задоволувал сите стандарди. Бил изграден од тврда градба со ресторански дел на првиот кат и сместувачки капацитет на вториот кат. Овој објект го позиционирал Кавадарци како едиствен град, после Скопје,кој

во тоа време гипоседува високите сместувачки стандарди. По Втората Светска војна хотелот е срушен и на негово место е изградена зградата на Македонски пошти.

До почетокот на новиот милениум во општина Кавадарци во функција имало два хотелски објекти и тоа хотел Фени и хотел Балкан. Додека отварањето на угостителски објекти започнува да зима замав исто така со почнување на новиот милениум. Низ општината никнуваат низа ресторани и кафетерии кои нудат угостителски услуги во делот на храна и пијалоци. Во изминатите неколку години со забрзаниот економски развој на град Кавадарци, но и со можноста за отворање на мали бизниси се издвојува моментот што на територијата на општина Кавадарци се отвараат мини и средни индивидуални сместувачки капацитети кои нудат услуги на принципот ноќевање со појадок. Ваквиот тренд зема се поголем замав, пред се заради зголемената туристичка атрактивност на општината што влијае на привлекување на зголемен број посетители кои го практикуваат алтернативниот туризам како форма на патување, но и зголемената посета на општината од бизнис делегати кои остваруват економски договори со бизнис заедницата од Општина Кавадарци. Согласно зголемената потреба од сместувачки капацитети се наметна потребата за отварање или модернизирање на постоечките со што квалитетот на понудата на угостителски услуги може слободо да се каже дека е во рамките настандардите кои се барани од клиентите.

Земајќи ги овие предиспозици општина Кавадарци недвосмислено има намета Туризмот туризмот да го направи како главна економска гранка.

Со креирање на креативни ациони планови  односно годишни програми кои се финасират од буџетот на општина Кавадарци, а имаат децидна цел односно се насочени кон подпомагање на главните чинители од кои зависи развојот на туризмот : малите семејни винари, малите сместувачки кацитети како и невладиниот сектор кои креира проекти за настаи а се со цел привлекување на поголем број на домашни и странски туристи .

Ваквиот начин на работа кои во изминатата декада даде одлични резлутати односно:

- се отворија над 100 мали семејни винари кои веќе вшат и извоз на вино надвор од границите на република Македонија
- се изградија над 70 нови викендички низ чиа основа цел промоција на руралните делови од општина Кавадарци, како и мини угостителси објекти кои служат традиционална лолана кујна.
- Градот Кавадарци доби и зелен катастер со што општината Кавадарци има целокупна евиденција на зелените површини како и видот на вегетација која е поставена таму, како и кои површини во иднина треба да бидат озеленети.

Постигнатите резлутати ја мотивираа оптинската администрација Општина Кавадарци да фати чекор со европските земји имплементирајќи го модулот за развој на одржлив туризам преку креирање на посебна организација чиа односно (ДМО) организација за менаџирање со дестинација чија основна цел и фокус ќе биде развојот на оджлив туризам во 12 општини

од повардарскиот регион.  Општина Кавадарци има склучено Договор за меѓуопштинска соработка со општините Велес, Градско, Демир Капија, Лозово, Неготино, Росоман,Свети Николе, Чашка, Валандово, Гевгелија, Дојран и Богданци со цел унапредување на економскиот развој на општините преку соработка во управувањето со регионот на територијата на 12-те општини како туристичка дестинација. Со оваа соработка ќе се промовира регионот на 12-те општини како туристичка дестинација, вклучувајќи:

- Претставување и промовирање на регионот на територијата на 12-те општини како туристичка дестинација на национално и меѓународно ниво, вклучително и на меѓународни саеми за туризам и пред меѓународни туристички агенции и оператори;
- Развој и одржување на специфичниот карактеристичен идентитет на регионот на територијата на 12-те општини како туристичка дестинација, вклучително и, но не ограничувајќи се на тоа, преку воспоставување и одржување на правата на интелектуална сопственост;
- Воспоставување и одржување присуство на интернет и социјални медиуми за регионот на територијата на 12-те општини како специфична туристичка дестинација;
- Координација на туристичките активности и понуди за регионот на територијата на 12-те општини со цел оптимизирање на нивниот маркетинг;
- Соработка со операторите од приватниот сектор и поддршка во нивните напори за развој на туристички понуди;

Стратешки развој на регионот на територијата на 12-те општини како туристичка дестинација, вклучувајќи и:

- Изработка на стратегија за развој на туризмот и акционен план за регионот на територијата на 12-те општини;
- Развој и управување со заеднички проекти за развој на регионот на територијата на 12-те општини како туристичка дестинација;
- Идентификација на потребите за развој на туристичката инфраструктура во регионот на територијата на 12-те општини и адресирање на овие прашања до релевантните чинители на владино ниво, донатори или инвеститори од приватниот сектор;
- Одржување на комуникација и соработка со други структури за управување со дестинации во земјата и странство, размена на искуства и развој на заеднички проекти доколку постои можност.

Принципот на работа е основан на меѓуопштинска соработка односно создавање на коодинативно тело коие ќе изготвува проекти за рамномернен развој на сите општини заедно.

Во наредната деценија може да се каже дека општина Кавадарци има предиспозициии да стане водечка туристичка дестинација во Северна Македонија за алтернативниот туризам. Општината на овој план вложува многу, пред се во создавањето на инфраструктурни предуслови за развој на претприемништвото во туризмот.

| Општина | Угостителски објекти | | Број на седишта | | Површина на објектите | | Број на вработени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % | $m^2$ | % | вкупно | % |
| Кавадарци | 50 | 2.14 | 2500 | 2.31 | 3.500 | 2.38 | 210 | 2.47 |

| Општина | Угостителски објекти | | Број на соби | | Број на легла | | Број на вработени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | | број | | број | | вкупно | |
| Кавадарци | 4 хотели + 1 детско одмаралиште + 25 мали сместувачки капацитети | | 153 | | 240 | | 60 | |

| Година | Број на туристи | | Број на ноќевања | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Домашни туристи | Странски туристи | Домашни туристи | Странски туристи | Вкупно |
| 2021 | 65 | 641 | 142 | 1,015 | 1,157 |
| 2022 | 51 | 320 | 66 | 680 | 746 |
| 2023 | 44 | 558 | 48 | 531 | 580 |
| 2024 | 63 | 750 | 56 | 559 | 616 |
| 2025 | 35 | 244 | 44 | 670 | 714 |

- **Македонски семејни винарии и дестилерии**

Во последните две децении, семејните винарии и дестилерии во Македонија доживуваат забележителен подем и претставуваат значаен сегмент од агроиндустрискиот и туристичкиот развој на земјата. Овие мали и средни семејни претпријатија, често управувани од повеќе генерации, се фокусираат на производство на квалитетно вино, ракија и други алкохолни пијалаци со ограничени серии, при што посебно внимание се посветува на традицијата, тероарот и рачната изработка. Семејните дестилерии стануваат се поактуелни, особено со производството на традиционална лозова ракија, виљамовка, сливовица, но и нови продукти како џин, ликери и дестилирани пијалаци со локални билки и ароми. Многу од нив се ориентирани кон еколошко производство и промоција на културното наследство.Овие производители не само што придонесуваат за руралната економија и задржување на младите во земјоделството, туку се и носители на туристичкиот потенцијал преку развој на вино и гастро туризам. Дел од нив нудат дегустации, едукации, настани и сместување во рурална атмосфера, што ги прави важен дел од понудата на локалниот и националниот туристички пазар.Поддршката за семејните винарии и дестилерии преку пристап до финансирање, сертификација, маркетинг, енотуризам и извоз може да има мултипликативен ефект врз локалната економија, брендирањето на македонските производи и промоцијата на Македонија како винска и гастро

дестинација.Потенцијалот за натамошен развој на овој сектор во Кавадарци е голем, особено ако се обезбеди соодветна институционална поддршка преку:

- стимулирање на заеднички настап на пазарот (брандирање на „кавадаречко вино“),
- подобрување на туристичката инфраструктура,
- субвенции за технолошко унапредување,
- обуки за маркетинг, експорт и дигитализација.

Семејните винарии и дестилерии не само што претставуваат двигател на руралната економија, туку и ја носат душата на Кавадарци – трудољубивост, традиција и љубов кон лозата и виното.

**Езеро Тиквеш (Тиквешко Езеро)**

Езерото Тиквеш од град Кавадарци е оддалечено 12 км. Езерото зафаќа површина од 14 км2, а при максимален водостој едолго 28,5 км. Најголемата длабочина изнесува 105 м, а волуменот на водата при полна акумулација изнесува 475.000.000 м³. Главни извори на вода за полнење на езерото се Црна Река и Драгор, Леринска река, како и други помали водотеци. Максималната температура на водатаво летниот период достигнува и до 24ºC, што го прави привлечна туристичка дестинација.

Тиквешкото езеро е посакувана дестинација за голем број на викенд туристи, но и за љубители на најразлични видови на спорт во вода. Варовничко-геолошкатаструктура на крајбрежјето што ја чинат падините на планините Кожув и Вишешница создава развиена и живописна брегова линија со многу заливи (фјордови), стрмни и карпести брегови, најголем дел покриени со густа и бујна шума. На брегот има неколку пештери и јами со исклучителна убавина на пештерскиот накит. Тиквешкото езеро изобилува со различни видови растителен и животински свет. Водата е богата со автохтони видови на слатководни риби. Поради изобилството на риба во езерото опстојува и речниот сом, риба грабливец од која се уловени и капитални примероци подолги од 2 ми со тежина над 100 км. Крајбрежјето е дом на многу животни и птици меѓу нив и ретки птици-грабливки. На територијата на општина Кавадарци се наоѓа според површина најголемата вештачка акумулација во Северна Македонија, езерото Тиквеш кај народот познато како Тиквешко Езеро. Лоцирано е во јужниот дел одРепубликата, во кањонот на Црна Река. Акумулацијата се протега во правец север - југ и има конусна форма. Езерото на излезот на Црна Река од Скочивирската клисура го формира земјена брана со глинено јадро изградена на 2 км над селото Возарци.

**Лов**

Природните чисти и еколошки услови во регионот, пред се на планините Кожуф и Вишешница, овозможуваат погодности за развој на ловот и ловниот туризам. Во општината постојат седум ловишта: Каменодолско, Сопотско, Шешковско, Страговско, Горниковско, Рожденско и Бохулско. Во ловиштата од овој крај се застапени скоро сите видови на влакнест и пердувест дивеч и дива свиња. Како резултат на овој исклучителен потенцијал

на разновиден животински свет, општина Кавадарци се вбројува меѓу позначајните и признати ловни ревири во Северна Македонија.

**Риболов**

Хидрографијата на општината, реките и водните акумулации се основа за стопански и спортски риболов. Како најатрактивна локација за спортски риболов е вештачката акумулација, Езерото Тиквеш. Езерото е меѓу најбогатите води со разновидна риба во државата. Поради тоа е исклучително атрактивна дестинација за спортските риболовци. Во неговите води живеат следните видови на бела риба: крап, караш, црвеноперка, легла (попадика), клен, лињак и белвица. Езерските води се особено познати по големите количини на рибата грабливец сом. Во езерото се уловени примероци тешки над 100 kg и подолги од 2 м. На територијата на општина Кавадарци за риболов можат да се користат: Црна Река, Бошавица, Раец и Луда Мара (Ваташка река) каде во горниот тек се наоѓаат акумулациите: Ваташко езеро Градот и брана Моклиште.

**Природен резерват „Тиквеш“**

Во околината на Тиквешкото езеро постои природен резерват именуван како „Строго заштитена зона на природата“. На овој простор евидентирани се 132различни видови на птици. Како карактеристични се издвојуваат крупните грабливи птици коиспаѓаат во светските реткости. Во природниот резерват се забележуваат грабливките: црн мршојадец и царски орел, кањите и белоглавиот мршојадец.

**Планински масив Кожуф**

Кожуф планина е една од 13-те планини во Република Северна Македонија повисоки од 2000 м. Се наоѓа во јужниот дел на нашата држава, долж границата соГрција, помеѓу долините на Вардар на исток, Бошава на север и Блашница на запад. Планината е издолжена во правец североисток-југозапад, а зафаќа вкупна површина од543 km2. Планинското било е релативно заоблено, освен помеѓу највисоките врвови Зелен Брег (2165 m) и Дудица (2138 m), но и на југ на територијата на Грција. Кожуф во основата е составен од палеозојски шкрилци, а над нив се тријаски варовници ивулкански карпи. Пред 30-тина милиони години, овде започнала интензивна тектонскаактивност со активирање на бројни раседи и вулкани со еруптивно излевање на големи маси вулканска-андезитска лава и исфрлање на пирокластичен материјал. Од нив сеизградени повеќе возвишенија и вулкански купи и тоа: Васов Град, Острец, Момина Чука, Коприва и др. Во долината на Бошава на север има бројни денудациски форми вовулкански карпи во вид на камени кукли или земјени пирамиди. Кожуф геолошки емеѓу најмладите планини во Северна Македонија. Од врвовите на Кожуф, при ведро ичисто време се протега прекрасен панорамски видик на Солунско Поле и дел одСолунскиот Залив на Егејското море. Северно од Бошава е

пространата висорамнина Витачево, настаната со натрупување на вулканска пепел (туф) по ерупциите на кожуфските вулкани. Како резултат на бурната вулканска активност на Кожуф се бројните ретки минерали на западната планинска страна. Особена разновидност на минерали има рудникот Алшар кој е познат во светски рамки по појавите на талиум,посебно минералот лорандит – еден од најретките минерали во светот. Лорандитот секористи во научни цели за детектирање на неверојатно ситни честички т.н. неутринатакои доаѓаат од Сонцето. Поради тоа, за кожуфскиот лорандит е заинтересирана и НАСА. Климата на Кожуф е особена, бидејќи овде се меша влијанието на медитеранската клима од југ и умерено континенталната од север. Затоа на самиот планински гребен се јавуваат нагли временски промени, понекогаш за само половина час. Во високите планински делови, преку зима навејува големо количество снег (до 2,5 m). Во лето, климата е пријатна, воздухот чист, свеж и не многу студен, така што имаме чувство дека сме во вистинска „воздушна бања“. Ветровитоста е доста изразена, посебно на планинските сртови, врвови и по долината на некои реки како Вардар, Бошава и Конска Река. Кожуф се одликува со застапеност на голем број на планински извори, од кои повеќето имаат минерален карактер. Изворите се студени ифункционираат преку цела година. Под високите врвови се изворите на повеќе потоци и реки: Дошница, Бошава, Конска Река, Блашница, Стара Река, Жаеница, Грашница и други. Горните текови на реките се доста стрмни, со бројни брзаци и водопади високи до 20 м. Кожуф е планина со изразито богат растителен свет. Застапени се разновидни листопадни и иглолисни шуми, кои продолжуваат кон планинските пасишта богати со лековитите растенија и билките кои ги има во изобилство и кои се употребуваат за медицински третман на различни заболувања. Заради уникатниот и разновиден релјеф, чистиот воздух, пријатната клима, бројните студени и минерални извори, чистите планински реки, разновидниот растителен и животински свет, Кожуф е една од најубавите планински дестинации во Македонија. Кожуф ќе ве остави без здив, без оглед во кое годишно време ќе го посетите. Подрачјето на Кожуф со своите особености е дел од зоната на туристички атракции од регионален интерес. Затоа е се поголем бројот на посетители на планината, желни за чисти недопрени предели. Месноста Михајлово е одморалиште кое се наоѓа во пазувите на Кожуф планина. Михајлово е едно од најстарите излетнички места во општината кое нуди чист планински воздух и рекреација и активен одмор.Сега во Михајлово се изгради скијачки центар во должина од 370 метри и капацитет од 600 лица на час кој ќе почне со работа во декември оваа година.

**Ски центар Михајлово**

Ски центар Михајлово претставува значаен потенцијал за развој на алтернативниот туризам и планинскиот рекреативен туризам на територијата на општина Кавадарци. Лоциран на планината Кожув, овој простор нуди одлични природни услови за зимски спортови, авантуристички туризам и рекреација во текот на целата година. Развојот на Ски центар Михајлово претставува стратешки приоритет за општина Кавадарци во насока на

диверзификација на локалната економија и позиционирање на регионот како атрактивна туристичка дестинација во текот на целата година. Просторот располага со одлични природни и климатски услови за зимски туризам, но истовремено нуди и можности за развој на еко-туризам, планинарење, спортски активности, културно-етнолошки тури и гастрономија.

Целта на развојот на Ски центар Михајлово е да се создаде атрактивна туристичка дестинација која ќе придонесе за економски развој на локалната заедница преку:

- Зголемување на бројот на туристи и посетители,
- Отворање нови работни места во секторите туризам, угостителство и услуги,
- Поттикнување на приватни инвестиции и развој на локалното претприемништво,
- Подобрување на инфраструктурата и пристапноста до планинскиот регион.

Во рамки на интегрираниот пристап се планираат следниве активности:

- Урбанистичко и техничко планирање на просторот на Ски центарот,
- Подобрување и проширување на скијачките патеки и поставување на дополнителна механизација (жичари, ски-лифтови),
- Уредување на инфраструктура за целогодишно користење (пешачки и велосипедски патеки, зип-лајн, планинарски домови),
- Изградба или реконструкција на сместувачки капацитети и угостителски објекти,
- Промоција на дестинацијата преку туристички манифестации, онлајн кампањи и регионални партнерства.

Развојот на Ски центар Михајлово е дел од визијата за одржлив локален развој базиран на искористување на природните ресурси, заштита на животната средина и зголемување на туристичката конкурентност на општина Кавадарци.

**Цркви и манастири**

Во Северна Македонија па и пошироко на Балканот христијанството како религија и вера прв го проповедал светиот Апостол Павле, а во тие негови мисионерски патувања го придружувале апостолите Лука, Тимотеј, Сила и Тихик. Појавата на христијанството во Тиквешијата има долга и богата историја и традиција. Во кавадаречко до денес се откриени неколку ранохристијански базилики, кои датираат од крајот на 5 и 6 век. Ранохристијанската базилика кај с.Крњево, близу реката Бошавица, каде е откриена трикорабна ранохристијанска црква со полукружна апсида, нартекс и ексонартекс на култното место Св. Атанасие. Ранохристијанска базилика во близина на селото Дреново во месноста на „Кртозов рид“е откриена во 2009 год. Се карактеризира со раскошна архитектонска диспозиција со сите елементи што се карактеристични за овие градби: олтарна преграда со парапетни плочи сопрестава на крстови, розетни, монолитни столбови со бази и капители, а за прв пат во овој крај е откриен во мозаик во апсидалниот простор. До 2014

година се откриени епископски престол-трол, подот во презвитериумот покриен со камени плочи, нартексот, крстилницата помошни простории и др. Во близина на селото Долна Бошава во текот на 2012 година е откриена ранохристијанската базилика кај култното место Св. Илија на југ од селото. При ископувањето е откриено големо количество на архитектонска пластика (бази, капители, столбови) и поголемо количество на садовна и градежна керамика, и неколку надгробни плочи. Меѓу најстарите црковни објекти кои и денес постојат и им пркосат на забот на времето се: црквата Св.Богородица во с. Дабниште од 13 век, црквата Св.Богородица во с.Дреново од 14 век, Полошкиот манастир Св. Ѓорѓи од 14 век, Моклишкиот манастир Св.Никола од 16 век, црквата Св. Спас во с.Праведник од 17 век итн. Во кавадаречко постојат остатоци од две пештерни цркви. Едната, Св.Лазар се наоѓа во близина на с.Бегниште во кањонот на Бегнишкиот залив на Тиквешкото езеро, а другата Св.Никола во близина на с.Драдња, временски датираат од 14 век. Голем е бројот на цркви и манастири кои настрадале во времето на османлиските освојувања на овие простори. Меѓу нив се цркавата Св.Димитрија во с. Ресава од 14 век, црквата св.Михаил Архангел во Ваташа од 14 век, црквата Св.Димитрија во с.Злешево (близу с.Раштани и Ваташа), црквата Св.Атанасие во Ваташа и др. Во Турските документи за историјата на македонскиот народ, во пописните тефтери на Ќустендилскиот санџакод 16 век се говори за систематско уништување на црквите и манастирите во Тиквешијата, како најдиректен удар врз иноверните покорени народи. Црквте и манастирите во Тиквешијата како центри на духовната култура имале мошне голема улога и во ширењето на описменувањето и образованието на луѓето од овој крај. Тие биле седишта на првите ќелијни училишта во овој дел на Северна Македонија. Појавата на првите ќелијни училишта во Тиквешкиот крај датира од триесетите години на 18 век, најнапред во Полошкиот, а подоцна и во Моклишкиот манастир.Ќелијните училишта биле поделени на световни и духовни, односно на граѓански ицрковни.

Овој крај од минатото бил познат по производство на квалитетно грозје и прочуено тиквешко вино. Во раниот среден век црквите, а особено манастирите, биле познати по производството на убаво црвено вино, кое освен за потребите на црквата еден дел од него и се продавало. Има записи дека и Полошкиот и Моклишкиот манастир поседувале винарски подруми (виници) во кои се приготвувало убаво вино, а начинот за неговото приготвување игумените го чувале како врвна тајна и ја предавале од колено на колено. Гледано од глобален аспект, состојбата со црквите и манастирите во кавадаречко е на задоволително ниво. Во неколку села во кавадаречко се изградија нови цркви или се прават напори за ревитализирањето на оние цркви кои поради забот на времето или човечката негрижа се наоѓаат во исклучително лоша состојба. Во градот Кавадарци, општината во соработка со приватниот бизнис, граѓаните и Македонската православна црква изградија нова соборна црква „Св. Петка, а исто така се реконструираше и старата црква „Св. Димитрија“.

Економската структура на Општина Кавадарци се карактеризира со доминација на мали и средни претпријатија, надополнета со присуство на неколку поголеми економски субјекти кои имаат значително влијание врз локалната економија, вработеноста и индустрискиот развој. Во Кавадарци се концентрирани претпријатија од градежниот, прехранбениот, трговскиот и преработувачкиот сектор, што ја прави општината еден од економските носители на Вардарскиот плански регион.

Секторите со најголема концентрација на фирми се: трговија, градежништво, прехранбена индустрија, лозарство и винарство, како и услужни дејности. Дел од компаниите имаат извозна ориентација и модерна производствена инфраструктура.

**Структура на компании – Општина Кавадарци**

| Сектор | Прибл. број компании | Проценет удел (%) |
|---|---|---|
| Трговија (на големо/мало) | ~300 | ~35% |
| Градежништво | ~100 | ~12% |
| Прехранбена индустрија | ~25 | ~3% |
| Винарство и лозарство | ~35 | ~4% |
| Услуги и занаети | ~250 | ~30% |
| Преработувачка индустрија | ~20 | ~2% |
| Туризам, угостителство | ~50 | ~6% |
| Останати | ~75 | ~8% |
| **Вкупно** | **~850 активни компании** | **100%** |

**Кавадарци и Вардарски плански регион**

| Категорија | Општина Кавадарци | Вардарски плански регион (вкупно) |
|---|---|---|
| Број на активни компании | ~850 | ~3.500 (проценето) |
| Доминирачки сектори | Трговија, лозарство, градежништво | Трговија, земјоделство, лесна индустрија |
| Големи компании (локално важни) | Тиквеш, Кожувчанка, ИГМ Трејд, Alliance One | Прилепска Пиварница, Витаминка, Бимилк |
| Извозна ориентација | Висока (прехрана, пијалоци, тутун) | Средна до висока |
| Туризам и винарии | Растечки сектор (вино-туризам) | Помалку развиен надвор од Кавадарци и Демир Капија |
| Вработеност во индустрија | Висока | Средна |

- Клучни наоди

Општина Кавадарци, која се наоѓа во јужниот дел на Република Северна Македонија, има важна улога во економскиот развој на регионот. Градот Кавадарци е познат по својата индустриска и земјоделска традиција, што ја прави економски динамичен и разноврсен центар. Следат некои од основните карактеристики на економскиот развој на оваа општина:

➢ **Градење на индустриски капацитети**

- Кавадарци се карактеризира со **развиена индустрија**, со акцент на **текстилната**, **винарската**, **металопреработувачката**, и **хемиската индустрија**.
- **Винарската индустрија** е многу важна за економијата на општината, бидејќи Кавадарци е познато винарско подрачје во Македонија, каде се произведуваат некои од најпознатите македонски вина.
- **Металопреработувачките фабрики** и **текстилната индустрија** се основни сектори кои се важни за локалната економија, како и за создавање работни места.
- Општина Кавадарци има и **развиена хемиска индустрија**, која вклучува производствени капацитети за изработка на хемиски производи.

➢ **Земјоделство и агроиндустрија**

- **Земјоделството** игра клучна улога во економскиот развој на Кавадарци. Подрачјето е познато по **плодната почва и добрата клима**, што го прави идеално за производство на **зеленчук, овошје**, како и за **грозје**.
- Кавадарци е еден од **главните региони за производство на вино** во Македонија, со винарии како **"Тиквеш"**, која е најголема винарска компанија во државата.
- Продукцијата на **зеленчук** и **овошје** (праски, сливи, јаболка) има значаен економски импакт, додека **пчеларството** и **овчарството** се важни гранки во земјоделството на Кавадарци.

➢ **Развиеност на инфраструктурата**

- Кавадарци има добар пристап до важни транспортни мрежи. Неговото **стратешко географско расположение** овозможува лесен транспорт до големи економски центри, вклучувајќи го и **Гевгелија** и **Скопје**.
- Во последни години, значителни инвестиции во **п патна инфраструктура** се направени, што овозможува подобро поврзување на градот со другите делови на земјата, како и со соседните земји.

➢ **Развој на малите и средни претпријатија (МСП)**

- **МСП** се важен фактор за економскиот развој на Кавадарци. Локалните бизниси, од текстилната индустрија до малите производители на земјоделски производи, играат значајна улога во обезбедувањето работни места и поттикнување на економскиот раст.

- Локалните власти активно ги поддржуваат малите претпријатија преку **мерки за развој на бизнис климата**, како што се обуки, консултации, и олеснување на административните процедури.

- **Поддршка за инвестиции**

- Општина Кавадарци активно работи на **привлекување инвестиции**, особено во индустриските и земјоделските сектори. Ова вклучува привлекување **домашни и странски инвеститори**, кои се заинтересирани за производствени капацитети, особено во винарската и земјоделската индустрија.
- Иако соработката со странски инвеститори е ограничена, постојат потенцијали за **развој на зелени инвестиции** и **инвестиции во енергетска ефикасност**.

- **Туризам**

- **Туризмот** во Кавадарци, иако не толку развит, има потенцијал за раст. Природните убавини, историските и културните споменици (на пр. старите винарии и археолошките локалитети) претставуваат значајни атракции за **еколошки и вински туризам**.
- Винскиот туризам, како дел од винарската индустрија, има значителен потенцијал да го поттикне економскиот развој преку привлекување туристи и организирање на **виниски фестивали** и други настани.

- **Образование и вештини**

- Во Кавадарци постојат **образовни институции**, вклучувајќи го **Средното училиште "Коста Сусиновски"**, што дава основа за развој на квалификуван труд.
- Локалните власти и институции можат да соработуваат со бизнис секторот за **развивање на стручно образование и обуки**, кои ќе одговараат на потребите на индустријата и земјоделството.

- **Екологија и одржлив развој**

- Кавадарци се стреми кон **одржлив економски развој**, со фокус на **еколошка заштита** и **енергетска ефикасност** во индустриските процеси, особено во винарската индустрија.
- Со поддршка од државни и меѓународни програми, Кавадарци има потенцијал да развие **зелени технологии** и да привлекува инвеститори во области како што се **сончевата енергија** и **водната енергија**.

Кавадарци е општина со силна економска основа, која се заснова на индустријата, земјоделството и развојот на малите и средни претпријатија. Сите овие сектори играат клучна улога во обезбедувањето на раст и развој на општината. За да се забрза економскиот развој, потребна е продолжена поддршка за инфраструктура, инвестициски проекти, и развој на вештини кои ќе ги подготват локалните жители за новите економски предизвици.

- Потреби и насоки

➢ **Потреби за економски развој**

**Развој на инфраструктура**

- **Потреба:** Потребна е понатамошна инвестиција во инфраструктурата, како што се патишта, канализација, водоснабдување, и енергетски капацитети. Подобрувањето на инфраструктурата ќе создаде поволна средина за бизнис активностите и ќе ја направи општината поатрактивна за инвестиции.
- **Насока:** Поттикнување на инвестиции во инфраструктурата преку **јавни и приватни партнерства** (PPP) или привлекување **европски фондови** и **меѓународни грантови** за инфраструктурни проекти.

**Поддршка за земјоделството**

- **Потреба:** Иако земјоделството е веќе силен сектор, потребна е модернизација на земјоделските методи и инфраструктура, како и **повеќе поддршка за земјоделците** во однос на **нови технологии**, **традиционални и органски методи** на производство, како и подобрување на пазарите за извоз.
- **Насока:** Обезбедување на **обуки за модерни земјоделски технологии** и **финансиски поттик за инвестиции** во еколошки пријателски методи на земјоделство. Развивање на **кластерски иницијативи** кои ќе ги поврзат земјоделците со индустријата и ќе обезбедат заеднички пласман на производите.

**Развој на малите и средни претпријатија (МСП)**

- **Потреба:** МСП играат клучна улога во економијата на Кавадарци, но многу од нив се соочуваат со **ограничен пристап до финансирање**, **недостаток на технолошка иновација** и **маркетинг капацитети**.
- **Насока:** Развој на **бизнис инкубатори** и **мрежи за поддршка** кои ќе обезбедат финансиска, правна и техничка поддршка за претприемачите. Создавање на платформи за **пазарни поврзувања** и **размени на искуства** помеѓу МСП, како и **обуки за развој на дигитални вештини** и маркетинг.

**Енергетска ефикасност и зелени инвестиции**

- **Потреба:** Поради растечката потреба за енергетска ефикасност и заштита на животната средина, постои потреба за **поактивно вклучување на зелени технологии** во индустријата и земјоделството.
- **Насока:** Поттикнување на **зелени инвестиции** преку **финансиски стимуланси** и **проекти за енергетска ефикасност**. Поддршка на **електрични возила**, **соларни панели** и други иновации кои ќе ја намалат потрошувачката на енергија и влијанието врз животната средина.

**Развој на туризмот**

- **Потреба:** Туризмот во Кавадарци има голем потенцијал, но е слабо развиен, особено во контекст на **вински туризам**, **еколошки туризам** и **историски/културни туризам**.
- **Насока:** Развој на **туристички инфраструктури**, како што се **вински патеки**, **туристички патеки** за природни убавини, и **културни настани**. Поттикнување на **локалните винарии и хотели** да се вклучат во понудата на туристички пакети.

## Насоки за економски раст и развој

**Стратешко планирање и поддршка на инвестициските проекти**

- Кавадарци треба да го дефинира својот **стратешки економски план** кој ќе ги идентификува приоритетите за развој. Ова вклучува привлекување на **директни странски инвестиции**, **развивање на агро-индустриски зони** и привлекување на инвестиции во **технологијата и иновациите**.

**Развивање на образовни и стручни капацитети**

- Кавадарци треба да се фокусира на **развивање на стручно образование** и **професионални вештини** кои ќе го подобрат квалитетот на работната сила. **Локалните средни училишта и универзитети** треба да соработуваат со бизнис секторот за да обезбедат обучен кадар за индустријата и земјоделството.

**Поддршка за иновации и технологија**

- **Развивање на иновации и стартуп екосистем** преку формирање на **бизнис инкубатори и технолошки паркови**. Ова ќе им овозможи на претприемачите да имаат пристап до нови технологии, како и менторски програми и поддршка за стартапи.

**Интернационализација на бизнисите**

- **Поддршка за извоз** на производите и услугите од Кавадарци. Локалните компании треба да добијат помош во области како што се **маркетинг** и **промоција на странски пазари**,

  а исто така треба да се обезбедат **професионални консултации за влез на нови пазари** и проширување на мрежата на странски партнери.

**Развивање на локални партнерства**

- Поттикнување на **локални партнерства** помеѓу општината, бизнисите и образовните институции за заедничко решавање на проблемите и можности за економски раст. Формирање на **кластерски иницијативи** за земјоделски производители, винарии, и индустриски сектори.

Општина Кавадарци има потенцијал за значителен економски развој, но за да го оствари тој потенцијал, потребно е да се фокусира на модернизација на инфраструктурата, поддршка за МСП, развој на нови технологии и иновации, како и создавање на зелени и одржливи економски модели. Со соодветна стратегија и соработка меѓу локалните власти, бизнисите и образовните институции, Кавадарци може да стане економски растечки и иновативен регион во Македонија.

Потенцијалот на економските зони е значаен за економскиот развој на една општина и држава. Економските зони се области каде што се создаваат поволни услови за инвестирање, што вклучува различни олеснувања како што се намалени даноци, финансиски стимуланси, инфраструктурна поддршка и административни олеснувања. Овие зони имаат капацитет да ја стимулираат економската активност, да создадат нови работни места и да придонесат за привлекување инвестиции.

Продлабочување на соработката со надлежните органи на државната управа и агенции: За да се искористи полниот потенцијал на економските зони, неопходно е активирање на соработка помеѓу општината и различни државни институции, како што се министерства, агенции за инвестиции, царински органи и други. Оваа соработка ќе овозможи:

- Ефикасно решавање на административни бариери - Брзо решавање на проблемите со дозволи, одобренија и други административни процедури.
- Директно насочување на инвестиции - Специјализираните агенции за промоција на инвестиции можат да бидат во контакт со потенцијални инвеститори и да ги информираат за поволностите кои ги нудат економските зони.
- Поддршка за развој на инфраструктура - За успешно функционирање на економските зони потребна е добра инфраструктура (патеми, транспорт, енергетски ресурси). Оваа инфраструктура може да се реализира со поддршка од различни државни агенции.
- 

Привлекување на домашни и странски инвестиции:

- Гринфилд инвестиции: Овие се нови инвестиции во зелени полиња, каде што се започнува нов бизнис. За привлекување на такви инвестиции потребно е да се создадат услови кои ќе ги мотивираат инвеститорите да изградат нови фабрики или производни капацитети. Овие инвестиции можат да создадат нови работни места и да го развијат економскиот потенцијал на регионот.
- Браунфилд инвестиции: Овие се инвестиции во веќе постоечки индустриски објекти или локации кои може да бидат обновени или реорганизирани. Таквите инвестиции често вклучуваат модернизација на постојната инфраструктура, што претставува поевтина опција за инвеститорите.

Привлекувањето и на двата типа инвестиции бара поддршка од државата преку даночни поволности, субвенции, и олеснувања на процесите за започнување на бизнис, како и ефективни кампањи за промоција.

Потенцијалот за економски развој - Преку овие инвестиции и поддршка од државните органи,

економските зони можат да станат центри на иновации, технологија, производство и истражување, што ќе има долгорочен позитивен ефект на економскиот раст на општината и на државата. Освен тоа, ова ќе овозможи раст на домашните компании, развој на нови индустрии и зголемување на конкурентноста.

МСП (мали и средни претпријатија) се клучни за економскиот развој на секоја земја, бидејќи тие создаваат работни места, поттикнуваат иновации и ја зголемуваат конкурентноста на пазарите. За да се овозможи нивен раст и развој, неопходно е да се обезбеди нефинансиска поддршка која ќе им помогне на МСП да ги надминат предизвиците со кои се соочуваат, како што се ограничени ресурси, недостаток на знаење и техничка поддршка.

Нефинансиската поддршка за МСП има огромно значење за нивниот раст и одржливост. Преку обуки, советување, помош во маркетинг активностите и поврзување со други бизниси, МСП може да ја зголемат својата конкурентност и да ја подобрат својата позиција на пазарот. Овие мерки помагаат не само во краткорочен успех, туку и во создавање на долгорочен раст и одржлив развој на малите и средни претпријатија. Во Кавадарци, кој има силна традиција во индустриски сектори како винарство, земјоделие, текстил, и металопреработка, примена на овие мерки може значително да ги поттикне МСП да се модернизираат, да растат и да се натпреваруваат на регионалните и глобалните пазари. Кавадарци има потенцијал да стане важен регионален центар за иновации и деловно поврзување преку поддршка за малите и средни претпријатија.

## Комунална инфраструктура и планирање

- **Водоснабдување, канализација (одведување на фекални води), управување со отпад, пазари**

### Водоснабдување

Водоснабдувањето се извршува преку ЈП Комуналец Кавадарци.
Водата за пиење доаѓа од зафатите на изворите "Лукар I", "Лукар II" и "Косматец" и зафатот за протечените води на Стара Река. ЈП Комуналец Кавадарци располага со филтерска станица и резервоари кои имаат намена да ја израмнат на потрошувачката и да ги задоволат потребните количини на вода. Вкупната должина на градската разводна мрежа со селските доводи е 153.290 метри.
Квалитетот на водата за пиење секојдневно се контролира. Во функција на подобрување на квалитетот на водата за пиење, променет е поголем дел од водоводната инсталација со голем профил. Водоснабдителниот систем "Лукар" е изграден за обезбедување на водоснабдувањето на населението на градовите Кавадарци и Неготино со неколку селски населби. Досега се изградени каптажи на изворите Лукар I, Лукар II, Косматец и зафат со Филтер станица на Стара Река(Бошавица).
Првата фаза од водоснабдителниот систем "Лукар" била изведбата на Лукар1 и Лукар2. Со приклучување на градот Неготино , на овој систем за водоснабдување е каптиран и внесен изворот Косматец. За Неготино е предвидено користење на максимум ¼ од издашноста на

изворите. Во понатамошното работење се приклучени и фабриката Фени, селата Шивец, Возарци, Конопиште, Росоман, Рибарци, Манастирец и Трстеник. Поради новите приклучени потрошувачи, како и поради намалување на минималната издашност на каптираните извори(од 280 л/сек на 215 л/сек), пристапено и изградено е тиролски зафат на река Бошавица со кои филтерска постројка со капацитет од 200 л/сек.

Поради и понатамошното приклучување на нови потрошувачи и старите азбесни цевки во градската мрежа каде најмногу се јавува загуба на вода Кавадарци се соочува со недостиг на вода. Овој проблем е приоритетен за Локалната самоуправа и за јавното претпријатие ЈП"Комуналец".Неизбежно е решавањето на проблемот со зафаќање на нови извори и доведување на квалитетна вода за домаќинствата.

На регионалниот довод е изградена Филтерска станица која врши хемиско - биолошко пречистување на водата т.е. хлорирање. Постројките се во лоша ситуација и е предвидено обновување на целата опрема во неа.

За израмнување на потрошувачката и задоволување на потребната количина на вода во максималната потрошувачка изградени се два резервоари едниот е со капацитет 5000 $м^3$ и другиот со 1400$м^3$ кои ги задоволуваат сегашните потреби.

Од регионалниот водовод како корисник на услугите е градот Неготино, а преку секундарна водоводна мрежа е градот Кавадарци со приградските населби како и селата: Гарниково, Бојанчиште, Куманичево, Д.Бошава, Конопиште, Крњево, Бегниште, Шивец, Возарци, Сопот, Марена, Страгово, Дреново и Трстеник.

- **Комунална Хигиена**

Основна дејност на ова одделение е собирање,транспортирање и депонирање на комуналниот смет во Општина Кавадарци и околните села а како дополнителна дејност е раководење и кординирање со заловените кучиња и нивен третман преку фирма специјализирана за таа намена.

Износот на смет се вршеше според Програмата за работа за 2022 година усвоена од Советот на Општина Кавадарци со следниот интензитет.

| Ред.број | Локација | Број на исфрлувања неделно |
|---|---|---|
| 1. | Строго централно подрачје | 7 пати неделно ( 2 пати дневно) |
| 2. | Централно подрачје | 3-4 пати |
| 3. | Останато градско подрачје | 2 пати |
| 4. | Индустриска зона | 1 пат<br>по потреба и почесто |

Вршиме услуга на околу 11 000 домаќинства, 330 фирми и 850 продажни објекти во Општина Кавадарци и околните села.

**Количина на собран, транспортиран и депониран отпад на депонија” МЕЛЦИ”**

| | Комунален отпад /т | Органски отпад од растително потекло/т | Органски отпад од животинско потекло/т | Земја и градежен отпад/т |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 1000 | 50 | 45 | 400 |
| Февруари | 1200 | 110 | 70 | 900 |
| Март | 1000 | 120 | 95 | 1100 |
| Април | 1200 | 130 | 120 | 1100 |
| Мај | 1100 | 130 | 120 | 1100 |
| Јуни | 1100 | 120 | 90 | 1000 |
| Јули | 1000 | 130 | 100 | 1100 |
| Август | 1100 | 120 | 100 | 900 |
| Септември | 1100 | 130 | 120 | 1300 |
| Октомври | 1100 | 130 | 110 | 1200 |
| Ноември | 1000 | 130 | 110 | 1200 |
| Декември | 1000 | 100 | 110 | 1000 |
| **Вкупно:** | **12 900** | **1400** | **1190** | **12300** |

Што се однесува до депонијата Мелци,истата е лоцирана на 3 км југозападно од градот и претставува природна депресија со подлога од глина со површина од 6,1хектар од кои се искористени околу 4 хектари или околу 70%. поради се почестите упади на неовластени лица на депонијата.

Со услугата износ на смет се опслужуваат приближно 99,5 % од населението во Општина Кавадарци и околните села, количината на отпад постојано се зголемува и потребата од воведување на уште еден реон или вклучување на уште една автоѓубрарка е неопходна не само поради зголемениот обем на работа туку и поради квалитетот на извршувањето на услугата.

- ## Канализација

ЈП Комуналец – Кавадарци, покрај останатите дејности, се занимава и со прифаќање и одведување на фекална и атмосферска вода до колекторот, односно реципиентот и други дејности поврзани со фекалните и атмосферските води. Во градот се врши и одржување на канализациони линии во селата: Ваташа, Глишиќ, Марена, Сопот и Возарци.

За градот Кавадарци изготвен е главен проект за фекалната вода каде предвидено е собирање главен колектор и одведување во пречистителна станица. Голем дел од главниот колектор е изведен и останува за доградба.

Моментално фекалната вода се испушта во реципиентот р. Луда Мара

Со доградбата на главниот колектор и изградна на пречистителна станица треба да се заокружи фекалната мрежа во една целина која ќе биде одделена од другите системи за да ги задоволи сите потребни норми и критериуми за една урбана средина

Во поново време зафаќањето на атмосферската вода и одведување до реципиентот се разгледува озбилно и дел се реализира.

Изведен е многу мал дел од линиите предвидени по проектот.

Поради добрата топографија и постоење на реципиент во градот Кавадарци, зафаќањето на овие води и нивно одведување до реципиентот е предвидено гравитационо.

- **Управување со отпад**

ЈП Комуналец Кавадарци врши собирање , транспортирање и депонирање на отпад во градската депонија Мелци. Покрај износ на смет се врши и редовно празнење на 380 контејнери од 1,1м3 и 70 контејнери од 5м3 кои се поставени низ градот и индустриската зона во и околу градот. Со износот на смет се опслужуваат околу 9.500 домаќинства и 250 фирми како и сите други комерцијални објекти во градот. Во депонијата 'Мелци' континуирано се депонира околу 130м3 отпад дневно и редовно се затрупува со земја, а во минатата година е депонирано околу 50.000м3 цврст комунален отпад и околу 20.000м3 земја и градежен отпад.

Во тек се активности за изградба на регионална депонија за општините од Вардарскиот плански регион со што ќе биде решен проблемот со одлагањето на комуналниот смет и на Општина Кавадарци.

- **Пазари**

Работната единица Пазари е посебна организациона единица во склопот на ЈП Комуналец – Кавадарци, која е насочена кон давање услуги на корисниците на пазарот во градот, односно, обезбедување соодветни услови за продавачите на земјоделски производи и на продавачите на друг вид роба кои според Законот имаат право да продаваат на просторот на зелениот пазар.
За спроведување на својата дејност градскиот пазар располага со продажен простор од 4.500 м2.

- **Енергетска инфраструктура**

Кавадарци располага со одлична електро-енергетска инфраструктура која може да обезбеди услови за непречен економски развој. Електропреносната мрежа е составена од далеководи и трафостаници кои обезбедуваат стабилно електрично напојување.

- **Патна инфраструктура**

Иако Кавадарци припаѓа на вардарскиот регион, нема директно поврзување со автопатот Е75 (Скопје – Гевгелија) и со патниот правец Велес –Прилеп – Битола. Низ подрачјето на општината поминуваат магистрални, регионални и локални патни правци.
Најблизок град до Кавадарци е градот Неготино, оддалечен само 10 км, додека Кавадарци е оддалечен 90 км од Скопје, околу 51 км од Прилеп.
Директно до Кавадарци не стигнува крак од железничката линија. Сепак, постојат можности за искористување на железничкиот сообраќај на две блиски локации: во Општина Градско и во Општина Неготино.
Аеродромот Александар Велики е оддалечен од Општина Кавадарци 80 км.

- **Локални патни правци**

Во општина Кавадарци состојбата со локалните патишта задоволува, најголем дел е асфалтиран, но со застарена коловозна површина и има потреба од нејзина реконструкција. Последните години изградени или пробиени се вкупно 84.4 км , од кои 25 км се асфалтирани, и тоа до сите поголеми населени места. Земјани локални патишта има до планинските населени места, каде што има многу мал број на жители, во должина од 31 км, а за пробивање остануваат 28 км, локални патишта до с. Галиште, Праведник и Добротино, каде што вкупно има околу 30 жители.
Во овој период изградена е обиколница Северен булевар која има посебно значење во одвивањето на сообраќајот во градот и заштитата на животната средина. Уличната мрежа во општина Кавадарци е со вкупно 231 улица, или околу 71 км, со вкупна површина од 355.000 м2. Коловозната површина претежно е асфалтирана, а неасфалтирани се 48.000 м2 улици. Тротоарите се со вкупна површина од 184.000 м2 поплочени или асфалтирани се 78.000 м2, а необработени се 106.000 м2. Плоштадот како посебна урбана целина зафаќа површина од околу 3.000 м2, обработен со камени плочи.

- **Регионални патишта**

Регионалната патни мрежа во општина Кавадарци се состои од следните патишта : Р - 106 Градско - Дреново - Прилеп, Р - 107 Лакавица - Неготино - Кавадарци - Дреново, Р - 108 Кавадарци - Мушов Гроб, Р - 106 Кавадарци - Росоман. Во фаза на доградба е регионалниот патен правец Р - 110 Витачево - Мушов Гроб - Крњево - Барово - Демир Капија. Во перспектива останува да се реализира поврзувањето Кавадарци - Дисан - Демир Капија.За општина Кавадарци како и општините од Повардарскиот Регион од посебно значење е отворањето на граничниот премин Пуљевац. За да се овозможи отворање на новиот граничен премин со нашиот јужен сосед, треба да се изгради Патниот правец Кавадарци - Мушов Гроб - Мајдан - Пуљевац, кој се надоврзува на регионалниот пат Мушов Гроб - Кавадарци. До сега се изградени 1,5 км, а остануваат за изградба уште 3,5 км.

Сообраќајните врски со своето пошироко опкружување општината ги остварува преку магистралниот патен правец Е - 75, Скопје - Велес - Гевгелија, со врска кај Неготино.

Сообраќајот во општината претежно се одвива со патнички возила чиј моментален број е 6.752 возила, товарни возила - 1.250, моторцикли - 72, трактори - 2.015,приклучни возила 323, и специјални возила 30.

Превозот на патници во општината се врши со автобуси и со такси возила.

Железничката линија во должина од 16 км, е изградена за потребите на комбинатот "Фени", и перспективно треба да продолжи до Кавадарци, со што градот ќе биде поврзан и со железничка мрежа.

- Клучни наоди

- **Комунална инфраструктура – Општи карактеристики на Општина Кавадарци**
  - **Водоснабдување**

- Системот за водоснабдување е добро развиен во урбаниот дел, со **речиси целосна покриеност на градот Кавадарци**.
- Снабдувањето се врши преку **јавното претпријатие „Комуналец"**, со капацитети за филтрација, дистрибуција и контрола.
- Во руралните населби водоснабдувањето е **делумно развиено** – некои села имаат постари мрежи или се снабдуваат преку локални чешми и резервоари.
- Во последните години се реализирани неколку **капитални инвестиции** во нови водоводни линии во руралните подрачја (Моклишт, Сопот, Дреново).

  - **Канализација и одведување на отпадни води**

- Градот Кавадарци е покриен со **фекална и атмосферска канализација**.
- Вкупно постојат **околу 110 км канализациона мрежа**, но таа не ги опфаќа сите населби.
- Во руралните области голем дел од домаќинствата користат **септички јами**.
- Постои потреба од изградба на **централна пречистителна станица** за отпадни води – во план е аплицирање за меѓународни фондови за таа цел.

- **Управување со отпад**

- Општината има организиран систем за **собирање на комунален отпад** преку ЈП „Комуналец".
- Во урбаното подрачје отпадот се собира редовно, додека во руралните населби има **ограничено покривање**.
- Се користи регионална депонија, но **нема организиран систем за селекција или рециклирање на отпад**.
- Во план е **воспоставување на зелени острови** и едукативни кампањи за селекција на отпад во училиштата.

- **Енергетска инфраструктура**

- Областа има стабилна електроенергетска поврзаност преку **државната мрежа**.
- Постои потенцијал за развој на **обновливи извори**, особено преку **мини хидроцентрали** и **соларни системи** (веќе има активни неколку ХЕЦ и индивидуални соларни проекти).
- Употребата на енергија од дрва и јаглен во руралните средини придонесува за загадување – потребни се **алтернативни извори**.

- **Патна инфраструктура**

- Општината има **добро развиена мрежа на локални и регионални патишта**, со пристап до автопатот Е-75.
- Урбаниот дел има **реконструирани улици и тротоари**, а руралните патишта се делумно асфалтирани, со потреба од одржување.
- Во тек се **проекти за подобрување на пристапноста до руралните села**, со државна поддршка.

- **Пазари и урбани сервиси**

- Централниот **градски пазар** е активен и е важен за малопродажба на земјоделски и занаетчиски производи.
- Сепак, дел од објектите се дотраени и има потреба од **реновирање и модернизација на инфраструктурата**.
- Во руралните населби нема организирани пазарни простори.

- **ПОТРЕБИ И НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
  - **ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

**Потреби:**

- Реконструкција на застарени водоводни мрежи, особено во руралните населби.
- Изградба на нови водоводи и приклучоци во села кои немаат целосен пристап.
- Намалување на загуби во системот преку дигитален надзор (SCADA и смарт водомери).

**Насоки:**

- Продолжување на инвестициите во руралните подрачја (Моклишт, Сопот, Строгово).
- Проширување на дигитализацијата на системот преку автоматско следење на потрошувачка.
- Поддршка од ИПАРД и национални фондови за рурална инфраструктура.

---

- **КАНАЛИЗАЦИЈА И ОТПАДНИ ВОДИ**

**Потреби:**

- Недоволна покриеност со фекална канализација во руралните населби.
- Непостоење на пречистителна станица за отпадни води.
- Стар и нефункционален систем на атмосферска канализација на некои места.

**Насоки:**

- Изработка на проектна документација за изградба на пречистителна станица.
- Фазна изградба на канализациска мрежа во приоритетни села.
- Вклучување на населението преку јавни расправи и координација со ЈП.

---

- **УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

**Потреби:**

- Ограничена покриеност со собирање отпад во руралните средини.
- Недостиг од селекција, рециклирање и еко-едукација.
- Немање зелени острови и контејнери за селектиран отпад.

**Насоки:**

- Воспоставување систем за селекција на отпад (зелени острови, обука на граѓани).
- Вклучување на училиштата и младинските здруженија во активности за еко-едукација.
- Модернизација на возниот парк и опрема на ЈП „Комуналец“.

- **ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА**

**Потреби:**

- Зависност од дрва и јаглен во руралните средини.
- Недоволна искористеност на обновливи извори (сонце, биомаса).

**Насоки:**

- Стимулирање на соларни системи за јавни згради и домаќинства.
- Поддршка за замена на нееколошки системи за греење.
- Вклучување во национални и европски програми за енергетска ефикасност.

- **ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА**

**Потреби:**

- Лоша состојба на дел од локалните патишта и улици.
- Недостиг од безбедни тротоари, велосипедски патеки и осветлување.
- Ограничен пристап до руралните села во зимски услови.

**Насоки:**

- Приоритизација на инвестиции во села со демографски потенцијал.
- Мултисекторско финансирање (со држава, ЕУ фондови и донатори).
- Воведување на одржлив урбан транспорт и зголемување на достапноста за пешаци и велосипеди.

- **ПАЗАРИ И УРБАНИ СЕРВИСИ**

**Потреби:**

- Дотраена инфраструктура на градскиот пазар.
- Недостаток од локални пазарни пунктови во селата.
- Слаба поддршка за мали производители и занаетчии.

**Насоки:**

- Модернизација и уредување на градскиот пазар со покрив, санитарии и електрика.
- Развој на „селски денови на пазарување“ – мобилни пазарни штандови по села.
- Промоција на локални производи преку дигитални платформи.

# Безбедност и сигурност во заедницата

## Безбедност и сигурност во заедницата

**Оперативен план за заштита и одбрана од поплави**

Опративен план за заштита и одбрана од поплави на подрачјето на Општина Кавадарци, изработен по претходна согласност од Центарот за управување со кризи. Со Оперативниот план се предвидуваат превентивни, оперативни мерки и други дејства за заштита и одбрана од поплави и потребните средства за негово извршување, како и органот или субјектот што ќе раководи со заштита и одбрана од полави. Оперативниот план како документ има за цел да направи квалитативна и квантитативна анализа и сублимација на податоците за можните опасности и ризици, а врз основа на тоа да се организираат административни и стручни работи во врска со организацијата, подготовка и работа на субјектите во системот на управување со кризи.

Изложеноста на територијата на Општината на ризикот од поплави, предизивикани од излевање на природните водотеци, излевање на водата од брана „Тиквеш“ при појава на обилни и поројни дождови. Повеќе години наназад, укажува дека поголемите последици биле предизвикани од природни феномени, дејства на природните сили и активности на човекот. Покрај тоа сериозни влијанија предизвикуваат и последиците од економската дејност и непочитување на мерките за заштита на природната и животната средина од производните процеси.

Подрачјето на Општина Кавадарци со своите специфични карактеристики, како што се: географска положба, климатски услови – суша, поројни дождови, град, силни ветрови, хидрографија – водотеци, социо – економски обележја, густина на населението, старосна структура, комуникации, животната средина, природни и културно историски богатства, присутноста на стопанските и индустриските капацитети, како и други останати елементи се предуслов за повторна појава на ризици и опасности кои се случувале во минатото, а кои очекувано е да се случуваат и во наредниот период (големи порои, поплави, излевање на реките и акумулациите „Тиквеш“ и езерото„Моклиште“).

Случувањата – искуствата од минатиот период укажуваат на фактот дека Општина Кавадарци, со своите специфични карактеристики, има средно подложен профил на ризици и опасности, кои пак со присуството и влијанието на актуелните и потенцијалните случувања денес, генерирани од различни извори на настани и појави (опасности), можат да предизвикаат големи штети на животот, здравјето, како и објектите и инфраструктурата.

**Опасности од поплави по животот и здравјето на населението**

- Поплавите носат ризик од заразни болести, бидејќи често се поврзани со прекин во снабдувањето со вода и повлекување на отпадни материи, како и со излевања на канализациите.

- Оштетените водоводни и канализациски цевки ја зголемуваат можноста да се контаминира водата за пиење.

- Со загадената вода и храна се пренесуваат цревни и кожни заразни болести.

- Се зголемува бројот на глодари и змии за време на поплавите, што представува дополнителен ризик за здравјето.

- Големата стоечка водна површина овозможува размножување на комарците и другите инсекти кои се преносители на голем број заболувања.

- За време и по природните катастрофи, голема е опасноста од повреди. Опасност се срушените електрични инсталации, електричните прилучоци потопени во вода, големите парчиња на скршено стакло и други материјали кои може да нанесат повреди.

При досега случените поплави животот и здравјето на населението не било загрозено во поголем обем но сепак предизвикале одредени нарушувања на нормалниот живот, последици по здравјето, материјалните добра на населението и населението губи дел од својот имот и со тоа во овие случаи губат дополнителни финансиски и материјални средства.

## ➢ Мерки и активности за заштита и одбрана од поплави

Општина Кавадарци има неколку мерки и активности кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците и тоа:

**Превентивни мерки**

- Уредување и чистење на речните корита во урбаниот дел на градот и населените места
- Уредување и чистење на речните корита надвор од урбаните делови на градот и населените места
- Чистење и одржување на одводни канали и атмосферска канализација
- Чистење на нанос пред мостови по течението на речните корита
- Уредување на пороите и доловите
- Дел за заштита и спасување од пожари
- Дел за прва медицинска помош
- Дел за заштита и спасување од поплави
- Дел за згрижување и евакуација
- Заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја во Општина Кавадарци
- Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Кавадарци

- Следењето на водотеците е една од мерките за превенција од поплави, со секојдневните мерења на водотеците со мерни инструменти се добива подетална слика на водотеците, нивниот интензитет на движење по годишни времиња и периоди. Со тоа би се створила подобра слика на течението за неговиот интензитет и висина на водостојот, кои понатаму би користеле за изготвување на конкретни превентивни мерки за заштита од истото. Во нашата општина нема мерни места за мерење на водотеците на реките, мереше се врши само на висинската кота на браната на Тиквешко езеро.
- Уредувањето и чистењето на речните корита е исто така значајна превентивна мерка која би го намалила ризикот од излевање и предизвикување на штети. Самото уредување на речното корито се состои од тоа да по целото корито се израдат повеќе прегради кои ќе ја намалат брзината на водата. Исто така чистењето и редовното одржување на речното корито е значајна превентивна мерка, истото да се чисти од секаков вид на нанос или дрвја кои би го попречиле движењето на водата и нејзино излевање од коритото.
- Редовно чистење и одржување на одводните канали на подрачјето на општината.
- Мостовите кои се по течениjата на речните корита треба редовно да се чистат односно да се чисти насобраниот нанос и гранки околу нивните стопи за да би се овозможило непречено движење на водата во коритото. Овие наноси и гранки кои се собираат на стопите од мостовите се чест причинител за рушење или оштетување на мостовите.
- Уредувањето на поројниците е една од поважните превентивни мерки за заштита од поплави. Уредувањето на поројниците се состои во тоа што по должината на истиот се градат прагови и прегради кои ја намалуваат брзината на движење и ударната моч на водата која се собира во нив од обилните врнежи. При нивното уредување во долните делови односно пред нивното влевање во реките или во атмосверските канализации се градат и таложници кои ги прифаќаат сите крупни материи кои ги носи самиот порој (гранки, камен, земја и др.). Како уредувачка мерка на поројниците се и шумско мелиоративните мерки како пошумувањето на целото сливно подрачје односно поројница, со тоа количеството на вода кое би паднало на таа површина во голема мера ќе се впие во почвата а останатиот дел со многу мала брзина би се слевал по поројницата. Пошумувањето како мерка треба да се применува на сите потецијални ерозивни подрачја и голини. Како видови кои се испитани и најпогодни за такви терени а се и автохтони се следните: *Rubinia Pseudoakacia* – Багрем, *Salix Alba* - Врба, *Fraxsinus excelsior* – Јасен, *Ulmus Effusa* – Брест како и разни видови на грмушки кои успеваат на овие терени.
- При изградба и реконструкција на хидроградежни објекти и ифраструктура доследна примена на прописите за урбанизам.

**Оперативни мерки**

Во справувањето и остранувањето на последиците од поплави, надлежните субјекти на локално ниво ги превземаат сите оперативни мерки за заштита од поплави како што се:

- Увид од надлежните на речните корита кои се зафатени од поплавите, проценка на загрозеност на подрачјето кое е зафатено и одредување на критични точки на кои треба првично да се интервенира.

- Организирање на населението по урбани заедници, формирање на тимови за интервенирање и нивно опремување со неопходен алат за расчистување.

- Ангажирање и екипирање на сите Јавни претпријатија во надлежност на Општината Кавадарци со цела расположлива работна сила, алат и механизација.

- Ангажирање на сите трговски друштва со кои Општина Кавадарци има склучено договори за интервенирање во случај на поплави и други елементарни непогоди.

- Извлекување на загрозеното население од поплавените и загрозените објекти нивно згрижување и сместување во други простории доколку е тоа потребно (во соработка со црвениот крст на општина Кавадарци).

- Правење на насипи од вреќи со песок во случај кога имаме сознание дека нивото на водостојот би се зголемил.

- Рушење или отстранување на некој препреки кои го попречуваат движењето на водата и предизвикуваат дополнително излевање.

- Испумпување на водата од поплавените објекти, расчистување на улиците и дворовите од наносот од (земја, камења, гранки и др.) и нивно изнесување на места определени за таа намена (депонија Мелци).

- Превземање на мерки за проверка и санирање на водоводната и канализационата мрежа во регионот кој е зафатен од поплавата.

- Барање помош од соседните општини и повисоките надлежни државни институции (помош бара Градоначалникот на Општината).

- Известување на населението кое е зафатено од поплавата и на сите други во пошироката околина.

- Известување на надлежните органи: Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Центар за јавно здравје, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за состојбата во поплавените подрачја и загрозеноста на населението.

-

| Ред бр. | Субјекти | Луѓе | Материјални тех. средства | Број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Општина Кавадарци | 107 | Патнички возила<br>Комбе | 8<br>2 |
| 2 | ЈП Комуналец | 257 | Трактор<br>Скип<br>Булдожер | 3<br>4<br>2 |
| 3 | ТППЕ Кавадарци | 30 | ПП возило Фап 13<br>ПП возило Волво<br>ПП возило Даф<br>Теренски возила<br>Камион скала<br>ПП камион ФОРД<br>Теренски возила џип<br>Комбе за прва помош | 2<br>1<br>1<br>3<br>1<br>1<br>2<br>1 |
| 4 | Претпријатија кои договорно ги ангажира општината | | Се ангажираат зависно од потребата | |

- **Функции активности и задачи на општина Кавадарци**
- Следење на ризиците од поплави
- Планирање на ресурсите (човечки и материјални)
- Планирање на финансиските средства за заштита и одбрана од поплави
- Непосредно справување со настанот

- Интервенции за заштита на хидроградежни објекти на брани акумулации и др.

- Интервенции на одводни канали, решетки и сливници на атмосферската мрежа и други испусти.

- Интервенции во водотеците на мостовите доколку има препреки да се отстранат да не би дошло до оштетување на мостовите и други препреки во водотеците од гранки дрвја и друг нанос.

- Определување на алтернативни патишта доколку е тоа потребно во соработка со секторот за сообраќај и Министерството за внатрешни работи.

**Справување со последиците**

- Евакуација и згрижување на загрозеното население од поплавените површини.
- Санирање и поправка на оштетената инфраструктура и сообраќајници за минимално функционирање и пристап до поплавените подрачја

- Транспорт, сместување и погребување на загинатите лица со ЈП Комуналец во соработка со операторите за погребални услуги и Територијалната противпожарна единица Кавадарци.

- Отстранување на настраданите животни и нивно засипување во посебно определени места односно депонија мелци во соработка со ЈП Комуналец.

- Згрижување на преживеаните домашни животни на посебни места.

- Третирање на зафатените површини нивно прскање за дезифекција во соработка со Центарот за јавно здравје.

- Формирање на комисија за процена на настанатите штети, како по домовите така и на земјоделските површини.

- **Пожари**

Пожарите најчесто се случуваат во летниот период кога температурата на воздухот е мошне висока. Најчесто пожар се јавува во шумските предели, но и низинскиот дел каде има сува трева

и житни култури. Пожари се јавуваат и кај градежни објекти.

Најчесто пожарите се јавуваат како:

- Човечка негрижа и човечко невнимание на луѓето кои се присутни и претстојуваат во шумите поради сечење на дрва, собирање на шумски плодови, лов, излет итн.
- неисправни електрични инсталации, неисправни (неисчистени) или оштетени оџаци.

**Противпожарна заштита**

Пожарникарството е дел од системот за цивилна заштита и спасување и е надлежност на Општина Кавадарци. Општината има формирано своја територијална противпожарна единица и преку истата се реализира противпожарната заштита. ТППЕ е главен оперативен ресурс на општината за справување со кризи и катастрофи, со оглед на нивната главна дејност која се состои од гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот кои се загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди. Општина Кавадарци во рамките на своите материјални можности обезбедува потребни услови за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на општината. Моментално на ниво на општина функционираат 30 пожарникари, кој можат целосно да ги задоволат потребите на градот за заштита и превенција од пожари. Покрај секојдневните вежби, пожарникарите - спасители редовно добиваат обуки во странство, како и тука на национално ниво. Опремени се најсовремена опрема. Во склоп на ТППЕ функционира и Доброволно Противпожарно друштво Сашко Гешовски Кавадарци кое е формирано во 2021 година. Има 200 волонтери кој моментално се обучуваа, а кога има потреба одат и на терен како поддршка на пожарникарите спасители.

**Здравствена заштита на подрачјето на Општина Кавадарци**

Со оглед на фактот дека пандемијата на COVID-19 сериозно ја погоди државата, заедниците и граѓаните на еден досега невиден начин и дека здравствените ризици се присутни повеќе од било кога, важно е да се претставаат основните надлежности на општината во сегментот на здравствената заштита, а првенствено во делот на превенцијата и справувањето со заразните болести. Надлежностите од сегментот на здравствена заштита се дефинирани со член 22 од Законот за локална самоуправа и се состојат од учество во управувањето со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост; здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон.Општина Кавадарци е дел од организацијата на системот на јавно здравје и учествува

во финансирањето на јавното здравје, вклучувајќи ги и дополнителните активности од интерес за јавното здравје.Врз основа на Законот за заштита на населението од заразни болести (Редакциски пречистен текст 2018), општината ги има следниве обврски:

| |
|---|
| **Соработува и разменува информации за спроведувањето на мерките за спречување на појавата, раното откривање, ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите;** |
| **Доставува барања до ЦЈЗ Кавадарци за информации за состојбата со заразните болести и организира и спроведува активности за промоција на здравјето и превенција на заразни болести;** |
| **Спроведува општи мерки за заштита од заразни болести според член 12 и Советот на општината донесува годишна програма;** |
| **Спроведува редовна и вонредна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на населбите и нивната околина;** |
| **Обезбедува финансиски средства од својот буџет за спроведување на општите мерки и здравствена едукација.** |

**Субјекти на управувањето со намалување на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Кавадарци**

На подрачјето на општина Кавадарци од важност за намалувањето на ризиците од катастрофи се присутни институции кои следниве институции:

- ЕЛС Кавадарци;
- РЦУК Кавадарци;
- Подрачно одделение на Дирекцијата за заштита и спасување (ПО ДЗС) во Кавадарци;
- Јавно претпријатие Комуналец (ЈП) – Кавадарци;
- Јавно претпријатие Паркинг – Кавадарци;
- Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност (ЈЗУ) – Кавадарци;
- Итна медицинска помош (ИМП) – Кавадарци;
- Територијална противпожарна единица (ТППЕ) – Кавадарци;
- Министерство за внатрешни работи – СВР ОВР Кавадарци (МВР СВР ОВР Кавадарци);
- Министерство за внатрешни работи – Регионален центар за гранични работи Сектор „ЈУГ“ Кавадарци (МВР РЦ Југ);
- Национални шуми – Шумско стопанство „Бор“ (НШ – ШС) – Кавадарци;
- Центар за јавно здравје (ЦЈЗ) – Кавадарци;
- Општинска организација на Црвен крст (ОО ЦК) – Кавадарци.

Исто така, во рамките на поширокиот сегмент на субјекти од системот за управување со кризи кои се од значење за подрачјето на општина Кавадарци, а кои се наведени во процените на загрозеноста од сите ризици и опасности во сегментот на ресурсите за одговор, се вбројуваат

приватните здравствени и стоматолошки организации и аптеки, ветеринарни друштва, како и Голден Игл Никел - Кавадарци.

**Заштита и спасување - надлежности на Општина Кавадарци**

Системот за заштита и спасување е воспоставен во 2004 год. со цел за заштита на населението, животната средина, материјалните добра, природните ресурси, биодиверзитетот и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба. Општина Кавадарци, како и другите општини во државата има определени надлежности според Законот за заштита и спасување, и тоа како општи надлежности и надлежности на Советот на општината и Градоначалникот. Од нив, најзначајни се донесување на процена на загрозеност и планска документација за заштита и спасување, формирање на просторни сили за подрачјето на општината, како и формирање на Општински штаб за заштита и спасување. Исто така и јавните претпријатија, установи и трговски претпријатија имаат свои обврски за заштита и спасување според предметниот закон. Од друга страна, граѓаните на Општина Кавадарци ги имаат следниве права и должности: да учествуваат во заштитата и спасувањето; да извршуваат материјална обврска и да се оспособуваат и подготвуваат за самозаштита, како и учество во заштитата и спасување.Надлежност над подрачјето на Општина Кавадарци има Подрачното одделение на ДЗС се седиште во Кавадарци.

- **Безбедност и сигурност во заедницата – општи карактеристики на Општина Кавадарци**
    - **Институционална поставеност**

- Безбедноста на територијата на Општина Кавадарци е во надлежност на **Секторот за внатрешни работи (СВР Велес)**, преку **Полициската станица Кавадарци**.
- Постои соработка меѓу полицијата, локалната самоуправа и училиштата преку **превентивни програми и советодавни тела**, како што се Локалниот совет за превенција.

    - **Степен на криминалитет**

- Општина Кавадарци е **релативно мирна и стабилна средина**, со низок степен на тешки кривични дела.
- Најзастапени се **имотни деликти** (кражби), **семејно насилство**, како и **сообраќајни прекршоци**.
- Случаите поврзани со **младинска деликвенција и злоупотреба на дрога** се во пораст, особено меѓу ученици од средните училишта.

    - **Сообраќајна безбедност**

- Најголем број сообраќајни незгоди се регистрираат на **регионалните патишта**, особено на правецот Кавадарци–Прилеп и Кавадарци–Неготино.
- Урбаното подрачје има **делумно регулирани пешачки премини и сигнализација**, но постојат критични точки каде фреквенцијата е висока, а безбедноста ниска (околу училишта, кружен тек, градски плоштад).

  - **Безбедност во образовни институции**

- Образовните установи имаат обезбедување, но најчесто **немаат системи за видеонадзор** или контрола на пристап.
- Во тек се напори за зголемување на **психолошко-социјална поддршка**, преку соработка меѓу училиштата, Центарот за социјални работи и локалната самоуправа.

  - **Цивилна заштита и справување со кризи**

- Општината има **Оперативен штаб за заштита и спасување**, кој делува во случаи на пожари, поплави, земјотреси и други ризици.
- Во тек е развој на **локален план за заштита и спасување**, во соработка со ЦУК (Центар за управување со кризи).
- Проблеми постојат со **опременоста и капацитетот на ТППЕ (територијалната противпожарна единица)**, особено во руралните средини.

  - **Перцепција на граѓаните**
- Според локални анкети и јавни расправи, граѓаните најчесто изразуваат загриженост поради:
  - Семејно и родово насилство.
  - Слаба осветленост на јавни површини (пешачки патеки, паркови).
  - Бучава, нарушување на јавен ред и мир.
  - Употреба на пиротехника од малолетници.

- **Потреби и насоки за подобрување на безбедноста и сигурноста во заедницата**

  - **Јакнење на превентивната безбедност**

**Потреби:**

- Недоволна видливост и присуство на полиција во одредени делови од градот и руралните средини.
- Ограничени капацитети на Локалниот совет за превенција.
- Недоволна соработка помеѓу институции при спречување на младинска деликвенција.

**Насоки:**

- Зајакнување на Локалниот совет за превенција и вклучување на граѓански организации.
- Редовни теренски активности на полицијата и заеднички патроли со комунални служби.
- Поддршка за едукативни и медиумски кампањи против насилство и пороци кај младите.

---

- **Семејно и родово базирано насилство**

**Потреби:**

- Секојдневно пријавување на случаи на семејно насилство.
- Недоволно информирање на жртвите за нивните права и поддршка.
- Недостаток од функционални засолништа или советувалишта на локално ниво.

**Насоки:**

- Основање/поддршка на **локално советувалиште за жртви** на насилство.
- Обука на наставен кадар, социјални работници и полиција за постапување во случаи на насилство.
- Поврзување со национални сервиси (СОС линии, здруженија за поддршка на жени и деца).

---

- **Сообраќајна безбедност**

**Потреби:**

- Критични сообраќајни точки без сигнализација (околу училишта, пазари, обиколници).
- Недостиг од велосипедски патеки и безбедни пешачки премини.
- Зголемен број на сообраќајни прекршоци кај млади возачи.

**Насоки:**

- Изработка на **локален акционен план за сообраќајна безбедност**, во соработка со СВР и ЦУК.
- Инсталирање на светлечка сигнализација, „лежечки полицајци“ и камери на ризични локации.
- Воспитно-едукативни работилници по училишта, во партнерство со автошколи и сообраќајна полиција.
- 

---

- **Јавна осветленост и видеонадзор**

**Потреби:**

- Недоволна осветленост на улици, паркови и јавни површини.
- Недостаток од видеонадзор на критични локации (училишта, пазар, спортски зони).

**Насоки:**

- Проширување на системот за **јавно улично осветлување** со енергетски ефикасни светилки.
- Инсталација на видеонадзор на фреквентни и ризични места.
- Поддршка за проекти на јавна хигиена и безбедни јавни простори („безбеден парк", „осветлен пат").

---

- **Цивилна заштита и кризни ситуации**

**Потреби:**

- Ограничени ресурси и техничка опременост на ТППЕ (пожарна).
- Недоволна обученост на локално население за постапување во елементарни непогоди.
- Немање ажуриран локален план за заштита и спасување.

**Насоки:**

- Изработка и тестирање на **Локален план за заштита и спасување**.
- Опремување на ТППЕ со возила, црева, противпожарна облека и навремено реагирање.
- Организирање симулации и обуки во училиштата, месните заедници и јавните институции.

- **Ментална сигурност и психо-социјална поддршка**

**Потреби:**

- Зголемено влијание на стрес, анксиозност, младинска агресија и насилство.
- Недоволен број на психолози и педагози во училиштата.
- Недостиг од јавни програми за емоционално здравје и личен развој.

**Насоки:**

- Поддршка на локални програми за ментално здравје и спречување на девијантно однесување.
- Вклучување на Центарот за социјални работи во едукативни и советодавни активности.
- Мрежа на волонтери, психолози и НВО кои ќе делуваат превентивно по квартови и училишта.

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ИНФРАСТРУКТУРА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

### Воздух

Загадувањето на атмосферата е појава, што во најголем дел, е резултат на брзиот технолошки развој и човековото живеење во ерата на индустријализацијата. Активностите на човековото живеење (антропогените извори) значително влијаат на квалитетот на амбиентниот воздухот во урбаните средини и имаат штетни ефекти врз луѓето, животните, растенијата, објектите и материјалите. Загадувањето на воздухот не е само локален проблем, транспортот на загадувачките супстанци предизвикан од атмосферските движења може да предизвика штетни влијанија на големи растојанија. На регионално ниво, загадувањето на воздухот доведува до негативни ефекти како што се ацидификација - закиселување на шумски екосистеми, езера и водотеции еутрофикација на водните тела. Загадувањето од емисиите на амонијак во воздухот, кои во најголем дел потекнува од земјоделска дејност е поголем проблем не само за водните системи туку исто така и за биодиверзитетот. Во последниве години со порастот на индустрискиот развој, транспортот и населението, во светот посебен интерес предизвикаа цврстите честички со големина до 10 микрометри поради штетните здравствени ефекти кои ги предизвикуваат врз луѓето.

Во последнава деценија се работи на намалување на загадувањето од сообраќајот (согорување на фосилните горива во возилата). Користењето на алтернативни извори на енергија, обновливи извори, биогоривото и природниот гас, се примарни процеси за подобрување на квалитетот на воздухот. Исто така и исфрлањето од употреба на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка се дел од процесот за намалување на загадувањето на атмосферата.

Според потеклото, загадувачките супстанции може да бидат:

**Примарни** - доспеваат во атмосферата со директно емитирање од различни извори и истите може да бидат со:

- природно потекло - вулкански ерупции, природно предизвикани шумски пожари, разградување на органски материи, или
- антропогено потекло - индустрија, индустриски отпад и депонии, согорување на фосилни горива, сообраќај, земјоделско производство, домаќинства.

**Секундарни** - се формираат во атмосферата од примарните загадувачи со помош на фотохемиски реакции.

Емисиите, како притисок врз квалитетот на амбиентниот воздухот, според нивното потекло можат да бидат категоризирани како:

**Стационарни извори** (индустриските капацитети, енергетскиот сектор итн.);

- Поединечни (пр. .производни и енергетски субјекти) и
- Колективни извори (непроизводни деловни субјекти (пр. затоплување на домовите) или мали производни субјекти со инсталирана моќност под 1 MW)

**Мобилни извори** (пр. сообраќај);
**Дифузни извори** (емисии од испарувања, истекувања и сл.).

Управувањето со квалитетот на амбиенталниот воздух почива на обемен процес на собирање и анализа на релевантни податоци за воздух. Прибирањето и обработката на податоците за емисии во воздухот се врши континуирано во текот на целата година во рамките на работата на секторот Македонски информативен центар за животна средина. Овие податоци се дополнуваат со податоците од проценките на емисии на загадувачките супстанци во воздухот со користење на статистичките податоци од секторите енергетика, индустрија и земјоделие, како и податоците од Катастарот назагадувачи и загадувачки супстанци на Република Македонија.

Со цел воспоставување на контрола на емисиите во воздухот, нивна редукција и мониторинг, воспоставена е соодветна инвентаризација која во нашата земја се врши на два начина - едниот е во согласност со методологијата CORINAIR Конвенцијата за прекуграничен пренос на аерозагадувањето (CLRTAP), а другата е по Катастарот на загадувачи и загадувачки супстанци во Република Македонија. Инвентаризација по методологијата CORINAIR се врши по сектори и дејности, додека инвентаризацијата по Катастарот се врши по поединечен деловен субјект. Првиот Катастар за воздух беше воспоставен во 2005 година и содржи емисии на загадувачки супстанци во воздухот од 2004 година, ажуриран и надграден во 2009 год., а во тек е спроведување на активности за ново ажурирање. Катастарот се однесува на 84 општини во Република Македонија, организирани во 8 статистички региони. Во Катастарот се опфатени следниве мерени загадувачки супстанци, според карактеристиките на изворот: сулфур диоксид SO2, азотни оксиди NOx, јаглерод моноксид CO, испарливи органски материи VOC и вкупна прашина TSP.

За да се следи состојба на квалитетот на водухот потребно е да се врши мониторинг на загадувачките супстанци и истите да се идентификуваат квалитативно и квантитативно. Мониторингот има суштинска задача во управувањето со животната средина. Тој претставува основа за преземање на мерки за заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот.

Во Република Македонија мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух го вршат Министерството за животна средина и просторно планирање кое управува со Државниот автоматски систем за квалитет на воздух, како и Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) со центрите за јавно здравје од Скопје и Велес. За утврдување и следење на квалитетот на амбиентниот воздух е задолжено Министерството за животна средина и просторно планирање ( МЖСПП ) кое врши редовен мониторинг на квалитетот на амбиетниот воздух односно систематизирано, континуирано мерење, следење и контрола на промената на состојбата и промените на квалитетот на амбиентниот воздух.

**Мониторнингот за квалитетот на амбиентниот воздух**

Мониторнингот за квалитетот на амбиентниот воздух се врши со помош на автоматски мониторинг станици. Во Општина Кавадарци има поставено 1 (една) мониторинг станица од Министерството за животна средина и 3 (три) мониторнинг станици од Лабораторија за животна и работна средина АМБИКОН, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Станицата од Министерството за животна средина се наоѓа во зелениот појас на Западен Булевар (кружен ток) во близина на ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ и го следи загадувањето од сообраќајот, затоплувањето по домовите и индустријата. Се мерат загадувачките супстанции: Јаглерод Моноксид (CO), Азот Диоксид ($NO_2$), Озон ($O_3$), Суспендирани честички (PM 10), Суспендирани честички (PM 2,5), Сулфур диоксид ($SO_2$).




Сл. од локација на мерната станица поставена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Преглед по месеци за надминување на гранични вредности по денови за 2024 година, согласно известувањата од Министерство за животна средина и просторно планирање.

| **Месеци/вредност** | **$SO_2$** | **$PM_{10}$** | **CO** | **$O_3$** | **$NO_2$** |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 0 | 22 | 0 | 0 | 0 |
| Февруари | 0 | 24 | 0 | 0 | 0 |
| Март | 0 | 19 | 0 | 0 | 0 |
| Април | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| Мај | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Јуни | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| Јули | 0 | 7 | 0 | 1 | 0 |
| Август | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 |
| Септември | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| Октомври | 0 | 19 | 0 | 0 | 0 |
| Ноември | 0 | 27 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Декември | 0 | 21 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно денови на надминување во 2022 г.** | **0** | **175** | **0** | **1** | **0** |

Станиците од Лабораторија за животна и работна средина АМБИКОН, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип се поставени се со цел за подобаро систематско следење, набљудување, испитување и оценување на влијанието на загадувањето врз квалитетот на амбиенталниот воздух. Станиците се наоѓаат на 3 (три) различни локации, и се мерат следните загадувачките супстанции:

- EU AQI мерка кој прави сума на сите измерени вредности од сензорите на една станица прикажувајќи ја загаденоста на Европската скала за AQI од 0 до 100 и фракција, PM10 или честички со аеродинамички дијаметар помал од 10 микрометри, кои влегуваат во горниот дел од респираторниот систем, а најчесто се составени од механички иситнети цврсти честички, полен и спори.
- Фракција PM 2,5 или „фина“ фракција на честички со аеродинамички дијаметар под 2,5 микрометри (µm), а кои може да навлезат дури до бронхиолите и алвеолите во белите дробови, поради што и се сметаат за поопасни за човековото здравје. Најчесто оваа фракција содржи честички добиени од разните процеси на согорување.

Преглед по месеци за надминување на гранични вредности по денови за 2022 година, согласно известувањата од унверзитет „Гоце Делчев“ Штип мерна станица Центар.

| **Месеци/вредност** | **$SO_2$** | **$PM_{10}$** | **CO** | **$O_3$** | **$NO_2$** |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | / | 17 | / | / | / |
| Февруари | / | 13 | / | / | / |
| Март | / | 1 | / | / | / |
| Април | / | 1 | / | / | / |
| Мај | / | 0 | / | / | / |
| Јуни | / | 0 | / | / | / |
| Јули | / | 0 | / | / | / |
| Август | / | 0 | / | / | / |
| Септември | / | 0 | / | / | / |
| Октомври | / | 13 | / | / | / |
| Ноември | / | 13 | / | / | / |
| Декември | / | 17 | / | / | / |
| **Вкупно денови на надминување во 2022 г.** | **/** | **75** | **/** | **/** | **/** |




Сл. локациите на мерните станици поставени од Лабораторија за животна и работна средина АМБИКОН унверзитет „Гоце Делчев“ Штип

1. Концентрација на $PM_{10}$ од мерно место Кавадарци - Центар
2. Концентрација на $PM_{10}$ од мерно место Кавадарци - Ваташа
3. Концентрација на $PM_{10}$ од мерно место Кавадарци - Возарци

**Критичните загадувачки супстанци**

Најкритичната загадувачка супстанца во општина Кавадарци се суспендираните честички со големина до 10 микрометри - PM10. Заради природата и карактеристиките на оваа загадувачка супстанца, потребна е стратегија на среден или долг рок, со структурни мерки за намалување на концентрациите во атмосферата. Бидејќи е очигледно дека секундарниот PM10 има значително влијание на вкупните концентрации на PM10, мерките мора да вклучат активности за намалување на емисијата на прекурсорите на секундарниот PM10, односно емисиите NOx, SO2, VOC и NH3.

Нема достапни податоци за концентрациите на PM2.5. Како и да е, заради веројатниот значителен придонес на фракцијата на PM2.5 кон вкупниот PM10, потребна е интегрирана политика за намалување на емисиите на PM10 и на PM2.5.

Во однос на озонот, во Општина Кавадарци не се забележани надминувања на индикаторите за акутно загадување. Според ситуацијата, потребна е стратегија на среден-долг рок за намалување на концентрациите на оваа загадувачка супстанца. Бидејќи озонот претставува секундарна загадувачка супстанца во атмосферата, мерките за намалување на концентрациите на озонот мора да се однесуваат на прекурзорите односно емисиите на NOx и

VOC.

За CO се забележани мали надминувања на 8-часовните гранични вредности во 2007. Надминувањето е навистна мало и по 2007 концентрациите се под граничната вредност. Затоа со оваа програма се оценува дека сегашните нивоа на CO се под граничната вредност и нема потреба за поединечни мерки во однос на емисиите на CO.

Покрај тоа, може да се забележи дека нема достапни податоци за нивоата на олово, бензен и PAH во Општина Кавадарци. Недостигот на податоци, исто така, се однесува и на микрозагадувачки супстанци арсен, никел и кадмиум регулирани од страна на директивата 2004/107/EC. Од овие причини, усвоен е конзервативен пристап, со кој овие загадувачки супстанции се сметаат како потенцијално критични. Сепак, се претпоставува дека планираните мерки за намалување на концентрациите на PM10 и PM2,5 се доволни за намалување на концентрациите на овие загадувачки супстанци.

Не се забележани надминувања на критичните нивоа (гранични вердности) за азот диоксид, сулфур диоксид и јаглерод моноксид во текот на претходните пет години. Затоа овие загадувачки супстанци не се класифицирани како критични во општина Кавадарци. Но, како што е напоменато погоре NOx и SO2 се прекурсори за секундарните PM10 и/или за O3, и на тој начин се вклучени во програмата. Тоа е причината зошто намалувањето на емисиите на NH3 е вклучено во програмата, иако тие не се обработени во програмата на друг начин.

Мерењата на квалитетот на воздухот на четирите мониторинг станици во општина Кавадарци укажуваат дека концентрациите на загадувачките супстанци во четирите станици се разликуваат. Тоа укажува дека во многу случаи, квалитетот на воздухот во градот може да биде под влијание на различни извори на емисија. Врз основа на тоа, може да се претпостави дека скоро целокупното население во општина Кавадарци е изложено на различно ниво на загадувачки супстанци и дека надминувањето на граничните вредности, особено за PM10, го засега целото градско подрачје.

**План за амбиентен воздух**

Планот за квалитет на амбиентниот воздух за Општина Кавадарци е изработен со цел утврдување на состојбите и дефинирање на мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух на територијата на Општина Кавадарци. Врз основа на Договор број 05-3702/3 од 26.08.2021 г., Министерството за животна средина и просторно планирање го ангажираше Технолаб доо Скопје да изработи План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општина Кавадарци. Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општина Кавадарци е плански документ чија изработка произлегува од законската регулатива за квалитет на амбиентниот воздух и истиот претставува основа за планирање и реализирање на активности за подобрување на квалитетот на воздухот, со времетраење од 2022 до 2026.

- **Енергетска ефикасност**

Во согласност со Стратегијата за енергетска ефикасност на Република Македонија и Акциониот план за енергетска ефикасност, советот на единицата на локалната самоуправа, на предлог на градоначалникот, а по претходно мислење од Агенцијата за енергетика донесува програма за енергетска ефикасност. Спроведувањето на Програмата се врши со годишен план, кој што на предлог на градоначалникот, го донесува советот на единицата на локалната самоуправа. За спроведување на Програмата, општините доставуваат информација до Агенцијата за енергетика. Целта на изготвување на програмата за енергетска ефикасност на Општина Кавадарци беше двојна: прво, да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува и второ, да даде препораки за спроведување на проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во Општината.

Подобрувања во користењето на енергијата, создава реална можност да се намали потребата од енергија во просек 100-200 MWh годишно во наредните десет години. Главните можности за заштеда на средства во општинската економија се фокусирани кон заштеди на енергија, бидејќи во тој домен економијата е најмногу осетлива и ќе има најголем поттик за да се направат промени.

Голем дел од анализата за иницијативи за енергетска ефикасност на краток рок треба да се концентрираат на можностите за заштеди на енергија (електрична и топлинска енергија) во сите сектори коишто се под надлежност на Општината. Образовниот сектор (основните училишта и детските градинки) зазема најголем дел во енергетскиот биланс на Општината, со околу 51% и во него може да се очекува најголем раст на потребата за енергија во иднина а следствено и најголем потенцијал за заштеди.

Јавното осветление, а со тоа и уличното осветление, спаѓа во поважните комунални дејности на локалната самоуправа. Доброто улично осветление, гледано само од квалитетен

аспект (повисока осветленост на улиците) подразбира поголеми трошоци за потрошена електрична енергија и негово одржување. Системот за улично осветление е во сопственост на Општината која е одговорна за негово функционирање, одржување и унапредување. За успешно функционирање на уличното осветление Општината ангажира специјализирани компании врз основа на договор за извршување на работи за одржување (главно замена на прегорени светилки и поставување на нови светилки). Позитивната страна на уличното осветление опфаќа брза и едноставна имплементација, релативно куси периоди на отплата (до 5 години) со зголемување на ефикасноста и квалитет на осветлувањето со употреба на штедливи ефикасни светилки со заштеда на енергија од 25% до 45%. Воедно, поставување на ефикасно улично осветление покажува и добри резултати во јавноста преку зголемување на задоволството на жителите и постигнување на повисоки стандарди за живот на населените места. Дополнително, потрошувачката на електрична енергија може да се намали за околу 25% преку контрола на осветлувањето односно организација на осветлувањето и намалување на времетраењето на осветлување во периоди кога не е потребно.

Општина Кавадарци отвори на Ресурсен центар за енергетска ефикасност во рамките на проектот ComAct ) Наменет е за поддржка на енергетски сиромашните домаќинства коиивеат во станбени згради, со посебен фокус на најранливите групи граѓани.

Општина Кавадарци во 2022 година, иврши поставување на фотонапонски панели на 10 јавни општински објекти со вкупно инсталирана моќ од 19,2 киловати на час. Цел на проектот е искористување на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина. Вкупната инвестиција на овој проект изнесува 6.842.820 денари. Јавен повик за доделување субвенции на граѓани за купување на велосипеди за 2022 година. Финансиските средства со вкупен износ од 300.000,00 денари за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци.

Како дел од активностите на Општина Кавадарци а кои се во насока на обезбедување поквалитетен амбиентен воздух воведе Оџачарска служба. За оваа да се реализира обезбедени се 1.200.000 денари од буџетот на општина Кавадарци за 2022 година, а услугата ќе се извршува преку фирма која ги исполнува условите за вршење на дејност согласно законските прописи.

Општина Кавадарци е земјоделски регион, а земјоделците користат голомо количеството на пестициди кои претставуваат ризик врз почвата, а со тоа и врз земјоделската култури

Со цел да се спречат штетни последици по воздухот од земјоделските култури Општина Кавадарци го реализира прокетот ,,Смарт зејоделство" кој се состои од поставување на мерни станици на 18 локации во Тиквешкиот регион. На тој начин земјоделските производители добиваат податоци од електронскиот мониторинг заатмосферските влијанија врз земјоделските површини, а со тоа имаат можност за точно утврден период за заштита на истите. Вкупната вредност на овој проект изнесува 10 милиони денари.

**Ковид 19 - Квалитет на воздухот**

Со цел да се анализира влијанието на Ковид-19 пандемијата врз квалитетот на воздухот, направена е споредба и обработка на податоците за измерените концентрации на NO2 и PM10 во период март – јуни 2018, 2019 и 2020 година. Во анлизата земени се предвид само оние станици каде што покриеноста со податоци е поголема од 75%. Со појавата на вирусот на крајот на 2019 година и неговото брзо ширење на почетокот на 2020 година, во Република Северна Македонија како и во повеќето земји се воведоа повеќе различни рестриктивни мерки. Имено, комплетно беа затворени училиштата, дел од вработените своите работни обврски ги извршуваа од дома и со тоа се редуцираа нивните движења, повеќе пати беше воведен полициски час односно забрана за движење на сите граѓани или пак одредена категорија на граѓани. Во 2022 неколку пати се воведе коплетна забрана за движење на сите граѓани во време траење од неколку дена последователно. Целосен прекин на рестикциите во 2022 завршија кон крајот на Март месец. Воведените рестрикции имаа влијание и врз квалитетот на воздухот. Имено, од направените анализи може да се забележи намалување на концентрациите на азот диоксид во периодот на пандемијата, особено на оние мерни места кои се поставени на фрекфентни крстосници, бидејќи азот диоксид е загадувачка супстанца која воглавно се емитира од патниот сообраќај. Сепак, не може да се даде генерален заклучок и за останатите загадувачки супстанци. Ова особено се однесува за концентрацијата на PM10 честичките која и во услови на пандемијата, со имплементирани повеќе рестриктивни мерки во одредени денови ја надминуваше пропишаната среднодневна гранична вредност. Врз измерените концентрации на PM10, покрај влијанието на сообраќајот особено влијание има и зголемувањето на емисиите од домашните ложишта особено во поладниот период поради потребата од загревање на домовите. Исто така висината на концентрациите на PM10, зависи од количината на емисии и од другите локални извори, како што се градежните активности, работата на индустриските капацитети (бидејќи не беше донесена одлука за стопирање на индустриските процеси, и дел од нив иако со намален капацитет, активно работеа за време на пандемијата). Секако, големо е и влијанието на метеоролошките услови врз измерените концентрации на загадувачките супстанци. Резултатите од мерењата во 2021 година споредени со мерењата се многу блиски или идентични.

**Идентификувани проблеми**

Програмата за подобрување на воздухот во Кавадарци врши опсежна анализа на состојбата со воздухот. Врз основа на достапните податоци, Програмата идентификува извори и емисии во воздухот, посочува на проблеми, поставува цели и идентификува мерки за подобрување. Програмата особено утврдува сериозен проблем со PM10 (секако и PM 2.5), како и помали проблеми со озон и јаглерод моноксид. Во прилог е дадено резиме на идентификуваните проблеми поврзани со воздухот во Кавадарци.

- Сериозни надминувања на граничните вредности за PM 10. Надминувања на озон и јаглерод диоксид.

- Нема податоци за квалитет на воздухот кои се однесуваат на поголемите резиденцијални области.
- Актуелниот начин на затоплување во Кавадарци има значаен удел во проблемот со воздухот.
- Недостиг на точни и прецизни податоци за емитери во воздух – Катастар за воздух.
- Слаба имплементација на законските обврски за спречување и контрола на емисии од индустриски објекти има значаен удел во проблемот со воздухот. Најизразено е кај ИСКЗ инсталацијата „Еуроникел Индустри“ доо.
- Недоволно развиена јавна свест за прашања поврзани со животната средина.
- Недостиг на Програма за енергетска ефикасност со Акционен план.
- Недостиг на активности за енергетска ефикасност на индивидуално ниво/домаќинство.
- Низок степен на казнивост и инспекторирање на поголемите загадувачи на амбиенталниот воздух како и на индивидуалните загадувачи меѓу населението.

➢ **Вода**

На територијата на Општина Кавадарци се наоѓаат два значајни Хидро мелиоративни системи: ХМС ,,Тиквеш“ и ХМС ,,Бошавица“. Хидро мелиоративниот систем ХМС ,,Тиквеш“ по своите карактеристики е еден од најголемите и најзначајни хидромелиоративни системи во Северна Македонија. Користи вода од Акумулацијата „Тиквеш“ чија брана се наоѓа на излезот на Црна Река од клисурата „Скочивир“ над селото Возарци. Вкупната проектирана бруто површина за наводнување во Х.М.С.Тиквеш била 17.760 хектари, а вкупната бруто можна наводнувана површина изнесува 13.258 хектари. Изграден е во периодот (1969 - 1971) година, а пуштен во функција при крајот на 1971 година.

ХМС „Тиквеш“ дистрибуира вода преку систем на магистрални и разводни канали на географското подрачје кое ги опфаќа површините и корисниците од општините Кавадарци, Росоман, Градско, Неготино и Демир-Капија. Од вкупните наводнувани површини ( 75-85 )% се лозови и овошни насади.

ХМС ,,Бошавица“ е многу помал систем од „Тиквеш“. Изграден е во периодот од 1956 до 1960 година со зафаќање на водите Река Бошавица над селото Конопиште. Тоа е првиот повеќенаменски хидро мелиоративен објект во општината. Преку систем на тиролски зафат, канали, сифони, тунели, вијадукти и слободен тек во коритото на Бунарска река, водата од Бошавица е донесена до бараната „Моклиште“ над с. Ваташа.

Водата од овој систем се користи за наводнување на полето под Кавадарци и селата Глишиќ и Марена, преку системот К1 и К2.

Овие два хидро системи се користат повеќенаменски и тоа за: снабдување со вода за наводнување, снабдување со вода на комунални претпријатија за наводнување и технолошки

потреби, снабдување со Водата од овој систем се користи за наводнување на полето под Кавадарци и селата Глишиќ и Марена, преку системот К1 и К2 вода на правни и физички лица за индустриски потреби, одводнување на земјиштето како и за снабдување со вода за производство на електрична енергија. Со овие два системи за наводнување управува Подружница „Тиквеш“ - Кавадарци, како дел од АД „Водостопанство“ на Р.С.Македонија во државна сопственост која е формирано поради: користење, одржување, експлоатација и контрола на системите за наводнување на подрачјето на дејствување.

- **Бучава**

Бучавата е физички агенс од животната средина со тенденција на пораст во развиените земји и во земјите во развој. Во форма на непријатен звук или звучна појава, при одреден интензитет предизвикува непријатно чувство кај човекот и влијае на неговата психофизичка состојба, ја намалува работната продуктивност, го попречува одморот и сонот и создава немир и нерасположение. Постоечките законски норми, проблемот со бучава го дефинираат како непријатност од бучава што пак значи вознемиреност која е предизвикана од емисија на звук кој е чест и/или долготраен, создаден во определено време и место, а кој ги попречува или влијае на вообичаената активност и работа, концентрација, одмор и спиење на луѓето. Вознемиреност од бучава се дефинира преку степенот на вознемиреност на населението од бучава определена со помош на теренски премери или увиди.

Негативните здравствени ефекти од стресогеното дејство на бучавата можат да бидат акутни и хронични, аудитивни и екстра аудитивни ефекти, во зависност од времето на експозиција, видот на бучавата и од осетливоста на индивидуата. Во однос на изложеноста на комунална бучава, во ранлива група спаѓаат: стари лица, лица со оштетен слух, деца кои се во фаза на когнитивниот развој и психички лабилни личности. Законот за заштита од бучава (Сл. весник на РМ бр. 79/07, измени 124/10, 47/11) ги дефинира правата и обврските на Република Македонија, на општината, на градот Скопје, на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и физичките лица во однос на управувањето со бучавата во животната средина и заштитата. Граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина се утврдени со подзаконски акт (Правилник за гранични вредности на ниво на бучава во животната средина (сл. Весник на РМ бр.147/80). Според степенот за заштита од бучава, граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори не треба да бидат повисоки од:

Табела.01 Нивоа на бучава на подрачја одредени според степенот на заштита

| **Подрачје дефинирано според степенот на заштита од бучава** | **Ниво на бучава изразено во dB** | | |
|---|---|---|---|
| | **Lд** | **Lв** | **Lн** |
| Подрачје од прв степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од втор степен | 55 | 55 | 45 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подрачје од трет степен | 60 | 60 | 55 |
| Подрачје од четврт степен | 70 | 70 | 60 |

- Lд - ден (период од 07.00 до 19.00 часот),
- Lв - вечер (период од 19.00 до 23.00 часот)
- Lн - ноќ (период од 23.00 до 07.00 часот)

Со посебен подзаконски акт (Правилник за локациите на мерните станици и мерни места Сл. Весник на РМ бр.120/08) се уредени подрачјата според степенот на заштита од бучава:

- Подрачје со I степен на заштита од бучава е подрачје наменето за туризам и рекреација, подрачје во непосредна близина на здравствени установи за болничко лекување и подрачје на национални паркови и природни резервати;
- Подрачје со II степен на заштита од бучава е подрачје кое е примарно наменето за престој, односно станбен реон, подрачје во околина на објекти наменети за воспитна и образовна дејност, објекти за социјална заштита наменети за сместување на деца и стари лица и објекти за примарна здравствена заштита, подрачје на игралишта и јавни паркови, јавни зеленила и рекреациски површини и подрачја на локални паркови;
- Подрачје со III степен на заштита од бучава е подрачје каде е дозволен зафат во околината, во кое помалку ќе смета предизвикувањето на бучава, односно трговско - деловно - станбено подрачје, кое истовремено е наменето за престој, односно во кое има објекти во кои има заштитени простории, занаетчиски и слични дејности на производство (мешано подрачје), подрачје наменето за земјоделска дејност и јавни центри, каде се вршат управни, трговски, услужни и угостителски дејности;
- Подрачје со IV степен на заштита од бучава е подрачје каде се дозволени зафати во околината, кои можат да предизвикаат пречење со бучава, подрачје без станови, наменето за индустриски и занаетчиски или други слични производствени дејности, транспортни дејности, дејности за складирање и сервисни дејности и комунални дејности кои создаваат поголема бучава.

**Идентификувани извори на бучава**

Бучавата во животната средина е во постојан пораст и зазема значајно место во редот на негативните последици врз животната средина и особено тешко се контролира во густо населените агломерации и резиденцијалните средини во близина на автопатишта, железнички пруги и аеродроми. Најголеми извори на бучавата во животната средина се:

- Честа појава на надминување на дозволените прагови на бучава од страна на угостителските објекти;

▪ Зголемена фрекфенција на возила во сообраќајот;

▪ Големи манифестации на отворен простор;

▪ Зголемен број на градилишта;

▪ Реконструкции на патна и сообраќајна инфраструктура;

▪ Постоење на трговски центри во близина на станбени објекти;

▪ Континуирано зголемување на бројот на жителите;

▪ Непосредната близина на објектите за домување до деловно-стопански и индустриски капацитети, сообраќајници, спортски игралишта и урбани простори за рекреација итн.;

▪ Зголемена тенденција за отворање на нови угостителски објекти во станбени објекти.

**Состојба со амбиенталната бучава во Општина Кавадарци**

Главни причинители на бучава емитирана во животната средина во Кавадарци се превозните средства во патниот сообраќај, стопански и услужни објекти и индустриските инсталации. Идентификуваните извори на бучава емитирани во животната средина генерално потекнуваат од: бучава емитирана во животната средина од соседството, бучава емитирана во животната средина од сообраќај, бучава емитирана во животната средина од индустриските капацитети. Сообраќајот е доминантен извор на бучава во Општина Кавадарци и тоа од :

- Зголемена фрекфенција на возила и појава на сообраќајни шпицови, особено за време на пазарни денови и големи манифестации;
- Застарениот возен парк;
- Брзо возење со мотори особено во ноќните часови по булеварите;
- Чкрипење со гуми и користење на сирени;
- Малото растојание од сообраќајниците до приватните и јавни станбени објекти;
- Недоволен простор за паркирање што придонесува дополнително кружење на автомобилите и го продолжува времетраењето на генерирањето на бучава емитирана во животната средината.
- Мешање на локалниот сообраќај со транзитниот и влезниот товарен сообраќај.

Мерењето и следењето на бучавата се потребни за постигнување и одржување на нивоа на бучава во животната средина во рамки на граничните вредности, дефинирани во четири подрачја според степенот за заштита од бучава, со крајна цел да се заштити здравјето и добросостојбата на населението. Согласно постојната законска регулатива, податоците од мерењето и следењето на нивото на бучава се доставуваат до Министерството за животна средина и просторно планирање и Македонски информативен центар за животна средина. На државно ниво, надлежни за мерење на нивото на бучава се Министерството за животна средина и просторно планирање и Институтот за јавно здравје со својата мрежа на регионални заводи.

За мониторинг на бучавата на територијата на Република Македонија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина воспоставува државна мрежа за мониторинг на бучавата. Со државната мрежа се обезбедува постојан мониторинг на бучавата која е составен дел од целокупниот мониторинг за животната средина.

Со Законот за заштита од бучава емитирана во животната средината, покрај другите, уредени се и правата и обврските на општините во однос на управувањето и заштита од бучава. МЖСПП е надлежно за изработка, донесување, користење и чување на Стратешки карти за бучава емитирана во животната средина за главни патишта, главни железнички пруги и главни аеродроми. Бидејќи создавањето и нивото на бучава варираат од ден на ден поради голем број фактори, тешко е веродостојно да се процени состојбата со бучавата во наредните години. Сепак, може да се претпостави дека може да има зголемување на средното ниво на бучава поради зголемување на сообраќајот и бројот на возила и можеби, зголемување на обемот на индустриското производство. Нашата општина нема усвоено свој акционен план за животна средина каде се наведени мерки за заштита од бучава, во согласност со надлежностите на општините.

Бидејќи бучавата во животната средина доминира во сообраќајните активности, намалувањето на сообраќајот колку што е можно повеќе, треба да биде најголем приоритет на надлежните органи, особено во области каде што бучавата од угостителски објекти (барови и ресторани) придонесува кон целокупното ниво на бучава. За таа цел, се спроведени и се спроведуваат следниве мерки: Во октомври 2015 година стапи во сила новиот Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата и следствено на тоа, ограничувањето на брзината во Општина Кавадарци е намалено од 50 на 40 km на час. Ова ограничување ги опфаќа сите улици во Кавадарци, вклучувајќи ги и артериските и магистралните. Нема податоци за намалување на бучавата поради новото ограничување на брзината во сообраќајот. Почнувајќи од 2019 година во Општина Кавадарци пред образовните иституции и други локации во градот, поставени се легнати полицајци за намалување на брзината и воспоставена е зона со ограничување од 30 km на час. Овој проект е во почетна фаза, но е многу важен прв чекор и се очекува да се воспостават дополнителни зони со ограничување од 30 km на час.

Термоизолацијата е задолжителна за нови куќи и згради и се промовира за постојните. Примарната цел на топлинската изолација е да се зголеми енергетската ефикасност и да се намалат емисиите на честички и гасовити загадувачи, но исто така да се намали и влијанието на градската бучава врз затворените простори. Нема прецизни податоци за бројот на термоизолирани згради, но има речиси десетици илјади.

**- Во општина Кавадарци редовно се извршуваат мерења на бучава во угостителски објекти, инсталации кој произлегува бучава и различни градилишта во градското подрачје.**

**Влијание врз животната средина и здравјето на луѓето**

Како резултат на технолошкиот развој бучава емитирана во животната средината зазема значајно место во низата на негативни последици врз животната средина и здравјето на луѓето. Првенствено влијае на квалитетот на животот, попречување на природниот ритам на работа и одмор. Предизвикува, како физички, така и психички проблеми кај населението, со тоа што ги нарушува основните активности на човекот како што се спиење, одмор, учење, комуникација, а особено влијае на оштетување на слухот. Бучава емитирана во животната средината е во постојан пораст, особено тешко се контролира во густо населените агломерации и резиденцијалните средини во близина на автопати, железнички пруги и аеродроми. Нивото на бучава емитирана во животната средина, која се емитува од некој извор, многу зависи од фактот колку сме далеку од изворот и дали се наоѓаме пред или зад некоја бариера, доколку истата постои. Согласно извештајот на Светската здравствена организација, негативни здравствени ефекти кај луѓето се појавуваат кога се изложени на нивоа на бучава емитирана во животната средина во текот на ноќта над 40dB. Не постојат официјални податоци за поврзаноста на појава на различни болести како резултат на изложеност на зголемено ниво на бучава емитирана во животната средина во Општина Кавадарци. Непријатност од бучава емитирана во животната средина значи вознемиреност предизвикана од емисија на звук кој е чест и/или долготраен, создаден во определно време и место, а кој ги попречува или влијае на вообичаената активност и работа, концентрација, одморот и спиење на луѓето. Вознемиреност од бучава емитирана во животната средина се дефинира преку степенот на вознемиреност на населението од бучава емитирана во животната средина определена со помош на теренски премери или увиди.

- **Климатски промени**

Во Република Северна Македонија, збирните емисии и понори на стакленички гасови (нето емисии) во 2016 се проценува дека се 8.020 Gg $CO_2$-eq (вклучувајќи ги и шумарството и другите употреби на земјиштето). Значителни варијации во нето емисиите може да се забележат во 2000, 2007, 2008 и 2012 година, каде се забележува пораст на $CO_2$ емисиите во секторот шумарство и други употреби на земјиштето (наместо смалување/понирање) како резултат на зголемената појава на шумски пожари. Емисиите на стакленички гасови во 2016 година се намалени за 34,6% во споредба со 1990 година. Тоа е резултат на намалено производство на електрична енергија од лигнит, замена на горива (нафта за ложење за производство на електрична и топлина енергија заменети со природен гас) и помало индустриско производство кое се намалува по 2012 година. (Инвентар на стакленички гасови, Трет двогодишен извештај за климатски промени) Најголем удел имаат емисиите од секторот Енергетика, со 73,7% во 2016, а после тоа се секторот Земјоделство (без шумарство и други употреби на земјиштето) со 11,8% учество, секторот Индустриски процеси и користење на производи со 8,5% и секторот Отпад со 6%. Учеството на емисиите од секторот Енергетика е доманинатно низ целата временска серија 1990-2016. (Инвентар на стакленички гасови, Трет двогодишен извештај за климатски промени) Шумарството со потсекторот земјишта е главен апсорбент на стакленичките гасови во Република Северна Македонија, со исклучок на неколку години, кога појавата на шумски пожари (опожарена

површина) била значително поголема од вообичаениот годишен просек. Во текот на годините шумското земјиште, застапеноста на различните типови шуми (листопадни, зимзелени и мешани), како и шумскиот прираст и сеча се релативно стабилни.

Просечното апсорбирање на стакленички гасови во секторот шумарство е проценето на 1.608,3 Gg CO2-eq во 2015 година и 2,120.5 Gg CO2-eq во 2016 година. (Инвентар на стакленички гасови, Трет двогодишен извештај за климатски промени) Што се однесува до емисиите по гасови (без секторот Шумарство и други употреби на земјиштето), емисиите на CO2 преовладуваат низ целата серија 1990-2016. Нивното учество во 2016 година изнесува 76,5%, а потоа следат емисиите на CH4 со 15,7%, емисиите на N2 O со 4,7% и сите гасови кои содржат флуор (F-гасови) со 3,1%. И покрај малиот удел на гасовите кои содржат флуор (F-гасовите) во вкупните емисии, во инвентарот на стакленички гасови репортирани само емисиите на HFC и PFC гасовите. Емисиите на SF6 не се проценети за Македонија поради недостапноста на податоци за активност. Емисиите на HFC гасовите почнуваат во 2000 година со некои варијации во текот на временската серија, во зависност од активностите во секторот Идустриски процеси и користење на производи кои достигнуваат 316 Gg CO2-eq во 2016 година, додека емисиите на PFC гасовите значително се намалуваат после 2003 година. Значителен пораст на увоз на гасови (мешавини) кои се користат за ладење и климатизација резултира со зголемување на емисиите на HFC во 2016 година со поредба со 2015 година. (Инвентар на стакленички гасови, Трет двогодишен извештај за климатски промени) Имајќи го предвид влијанието на емисиите на стакленички гасови, во испитуваниот период може да се забележи покачување на средногодишната температура на воздухот во сите разгледувани населени места во државата, односно позитивно отстапување од просечната средногодишна температура на воздухот, како и покачување на средногодишната температура на воздухот во сите разгледувани населени места, односно позитивно отстапување од просечната средногодишна температура на воздухот.

Годишните отстапувања од просечната средногодишна температура во сите разгледувани населени места се движат помеѓу -0,4 и 2,5 °C. Исто така, како резултат на климатските промени се забележуваат и отстапувања од просечните годишни врнежи за период од 1981 до 1990 година се движат помеѓу 62% и 176%. Генерално, иако постојат години во кои нема топлотни бранови, во разгледуваниот период (1990-2020) кај сите мерни локации се забележува тренд на пораст на бројот на топлотни бранови, пораст на вкупниот број на денови со Тмакс>90ти перцентил и пораст на средниот број денови по еден период во годините во кои има топлотни бранови. Степенот на елиминација на ODSs во Република Северна Македонија во разгледуваниот период изнесува повеќе од 99,87%, Имајќи го предвид фактот дека никогаш немало производство на ODSs, туку податоците се однесуваат само за потрошувачка на ODSs.

Постојат многу “природни” и “антропогени” (човечки предизвикани) фактори кои придонесуваат за климатските промени. Емисиите на стакленички гасови произлегуваат од повеќе сектори и тоа: Секторот енергетика, кој ги вклучува емисиите ослободени како резултат на активностите при кои се согорува гориво, особено нискокалоричниот јаглен, кој се користи за за прозиводство на електрична енергија и има доминантно учество во целокупнито разгледуван

тренд; индустриските процеси и користење на производи како резултат на производствените индустрии (особено производство на челик и феролегури и цемент) и од употребата на супститути на супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка за ладење и климатизација; Секторот земјоделство, шумарство и други употреби на земјиштето ги опфаќаат емисиите кои се поврзани со сточарско производство и шумски пожари и Секторот отпад кој ги вклучува емисите произлегуваат од депонии за цврст отпад, биолошки третман на цврст отпад, согорување и отворено горење на отпад и третман и испуштање на отпадни води.

- **Природа**

Општината ги зафаќа Тиквешијата и висорамнината Витачево и Тиквешкиот (Кавадаречкиот) дел на Мариово. На територијата на општината се наоѓа и познатот рудник Алшар (познат по реткиот минерал лорандит) и фабриката Фени. Според површината, со 992,44 км$^2$, Кавадарци е втора најголема општина во Македонија, единствено помала од соседната општина Прилеп

Специфичноста на општина Кавадарци е е разноликоста на природата која е различна на сите 992,44 км$^2$2 поседува мошне разновидна природа, претставена со најразлични елементи на геодиверзитетот, биолошката разновидност и пределот. Дел од геолошките и геоморфолошките форми, хидролошките објекти, природните живеалишта и дивите видови, поради својата разновидност и уникатност го надминуваат националното значење и имаат регионално и светско значење. Честопати се поставува прашање како да се обезбеди заштита, зачувување и одржливо користење на ова природно богатство. Во низа документи кои се работени во изминатиот период делот за природата е обработуван во некоја сепаратна форма. Оттука се наметнува потебата за изработка на еден интегрален стратешки документ за заштита и одржливо користење на природата, со кој ќе бидат опфатени сите компоненти на природата, како и објектите и подрачјата кои се одликуваат со посебни природни вредности и поради тоа заслужуваат да бидат третирани со соодветен степен на заштита.

**ГЛАВНИ ЦЕЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

**Општина Кавадарци за заштита на природата изврши идентификација, проучување, заштита и перманентен мониторинг на имплементацијата во заштитата на објектите и појавите од интерес за заштита во областа на геодиверзитетот и геолошкото наследство на териотријата а општина Кавадарци и другите компоненти на природата (биолошка и пределска разновидност).**

Во контекст на наведеното целите претпоставуваат согледување на:

- состојбите и проблемите во дејноста заштита на природата,
- насоките за воспоставување на интегриран систем за заштита на

геодиверзитетот и геонаследството на општина Кавадарци и другите компоненти на природата (биолошка и пределска разновидност) зачувување и управување со заштитените подрачја,

- одговорностите на сите инволвирани субјекти во заштитата на природата,
- правните и финансиски механизми за заштита и управување со природата и др.
- Со ЛЕАП-от исто така се дефинирани поголем број на посебни цели кои претпоставуваат:
- зачувување на природните целини од аспект на геолошките и геоморфолошките својства на природата,
- рационално користење на минералните суровини,
- обезбедување на одржливо користење на дивите видови и екосистемите,
- зајакнување и унапредување на ситемот на заштитени подрачја зачувување на пределската разновидност согласно барањата на Конвенцијата за пределот,
- зајакнување на институционалните капацитети за заштита на природата на локално ниво, сектор Животна средина во општина Кавадарци
- воспоставување и развој на еколошки организации за ефективна заштита и управување со природното наследство,
- усогласување за заштита на природата со други стратешки развојни документи од другите сектори (шумарство, земјоделие, сточарство, рибарство, транспорт, енергетика, индустрија, рударство, туризам, градежништво и др.) преку интегрирање на политиката за заштита на природата,
- постигнување на интегрирана заштита на природата преку промовирање на холистички пристап во заштитата на биолошката разновидност, геодиверзитетот и пределската разновидност.

**ХИДРОЛОГИЈА**

Најспецифични елементи од хидрологијата на територија на општина Кавадарци се **р.Црна Река** со своите притоки (Раец идр.) и **Тиквешкото Езеро** како вештачка акумулација на Црна Река со своите притоки (Дреновица, Блашница и др). **Црна Река** е втора река по големина и сливна површина во Северна Македонија веднаш после р.Варадар. Црна Река, е десна притока на реката Вардар. Извира во југоисточниот дел на Илинска Планина, поминува низ пределот на Демир Хисар, Пелагонија, Мариово и кај Стоби на кота од 129 м се влива во Вардар., Извира од врутокот Црна Дупка кај с.Железнец Демир Хисар на кота од 769 м. Долга е 207 км. Сливната површина изнесува 5.890 км2 . Пред влезот во Тиквешка Котлина на Црна Река е изградена вештачка акумулација Тиквешко Езеро. Поголеми притоки на Црна Река од десната страна се: Шемница, Драгор, Елешка, Коњарка, Бела и др., а од левата само Блато и Раец. Античкото име е Еригон. Тиквешкото езеро во 2021 е со значително намлена количина на вода. Општина Кавадарци односно Градоначалникот и Советот на оптината преземаа иницијатива за промана на минимална и максимална кота на Тиквешкото езерото.

**Река Раец** - извира од североисточните падини на планината Дрен на надморска височина од 1.550 m. Настанува од две реки: Свињарница и Церешевик. До Фаришката Клисура тече во североисточен правец, а потоа свртува кон југоисток и кај с. Шивец се влива во Црна Река на кота од 154 m. Долга е 33 km и во својот тек се пробива низ две сатески. Дренира релативно голема сливна површина од 304 km2 и има релативен пад од 42,3‰. Друга нејзина карактеристика е што тече на територијата на 3 општини (Извира на територија на општина Прилеп,а долниот тек и е на гранацита меѓу општина Росоман и Кавадарци).Нејзиниот тек поминува низ Дреновска клисура која до неодамна изобилуваше со ендемични и ретки видови но со почетокот на градењето на експресниот пат Градско-Прилеп нејзината богата флора и фауна е десеткувана.

**Бохулска Река**, се наоѓа на планината Кожуф, југозападно од Демир Капија тече низ селото Бохула и се влива во реката Бошавица.

**Бошавица**, извира на планината Кожуф и се вика Лисачка Река, Поминува меѓу Кожуф и висорамнината Витачево со името Бошавица и е десна притока на Вардар долга 49 km со вкупна сливна површина од 467,7 км2 . Изворот и се наоѓа во подножјето на Кожуф Планина на надморска височина од 1070 м а во Вардар се влива кај Демир Капија на 95 м.н.в.. Средната височина на сливот изнесува 930 m. Нејзиниот вкупен пад изнесува 979 m а просечниот пад е со вредност од 19,9 ‰. Низ својот тек од десната страна ги прима двете поголеми притоки: Бохулска Река, долга 23 km и Дошница долга 38,5 km.

Специфично за територијата на Општина Кавадарци е и присутвото на хидролошки облици во регионот на поткожувјето каде се појавуваат неколку помали реки (Стара река,Бошавица,Бохулска река и др).

**Блаштица,** река која се наоѓа меѓу планините Мариовски Козјак и Кожуф, источно од селото Рожден и се влива во Црна Река. Во горниот тек се вика Рожденска Река. Зафаќа сливно подрачје од 184,32 km2 .

**Дренска Река**, се наоѓа на висорамнитата Витачево во пределот на Тиквеш, источно од селото Бегниште јужно од Кавадарци, се влива во Тиквешка Река.

**Каменица**, река на висорамнината Витачево, десна притока на Црна Река. Зафаќа сливно подрачје од 57,5 km2 .

**Луда Мара**, река во областа на Тиквеш, десна притока на Вардар, се споменува и како Ваташка и Курјачка Река. Зафаќа сливно подрачје од 140,47 km2. На почтокот на реката по пат на ерозија е формирано Моклишко ЕЗ.

**Пореница**, повремена поројна река во пределот на Тиквеш, се спушта од ниската планина Лубаш, поминува низ селото Шивец десно од Црна Река. При поголем водостој се влива во Црна Река.

**Радњанска Река**, се наоѓа на планината Кожуф, јужно од градчето Демир Капија, поминува низ селото Радња течејќи кон север и се влива во реката Бошавица

**Рожденска Река**, в. Блаштица.

**Стара Река (Конопишка**), се наоѓа на планинта Кожуф, извира кај границата со Грција се соединува со реката Жерница и кај селото Конопиште се влива во Бошавица. Зафаќа сливно подрачје од 27,8 km2 .

**Тиквешка Река,** се наоѓа на висорамнината Витачево, југозападно од Кавадарци, поминува низ селата: Дабниште, Ресава и се влива во Тиквешкото Езеро.

**Топол Дол**, река на планината Кожуф, јужно од селото Мрежичко и југозападно од селото Конопиште

**Лукар** :Друг важен сегмент на територија на општина Кавадарци е и изворишниот дел на **Лукар (Лукар 1,Лукар 2 ,Косматец**) како и изворишниот дел на Стара река која вода се користи како чиста и питка вода за пиење во општина Кавадарци,неготино и Росоман а самиот предел е прогласен за **заштитено подрчје по законот за води на Република Северна Македонија** заклучно со 2ри Август 2021ва кога одлуката е објавена во службен весник. Важно за општина кавадарци е да се посочи фактот дека се врши метеоролошки и хидролошки мониторинг од страна на службите во општина кавадарци и истиот треба да продолжи со поголема сеопфатност на воденте ресурси и динамика на мерење заради добивање на повеќе статистички податоци за водните ресурси на територија на општина Кавадарци. ЈП Комуналец и Општина Кавадарци отпочнаа мерка за обележување и оградување на заштитното подрачие.

Специфично е и постоењето на **еколошки проток** кај речни капацитети кој бара во предвид да се земат сите аспекти на реката и нејзиното сливно подрачје. Тоа подразбира анализа на сливиот на извориштето до вливот на реката и ги вклучува блатните системи, поплавните рамнини и поврзаните подземни води. Тоа исто така подразбира земање во предвид на еколошките, социјалните и културните вредности поврзани со дадениот систем. Според тоа, при определувањето на еколошките протоци, во предвид треба да се земат цел спектар на можни ефекти – од заштитата на животната средина до задоволувањето на потребите на економијата и луѓето. Но, еколошките протоци не се единствената карактеристика на еден здрав речен екосистем. Постојат и други цели, како што е намалувањето на загадувањето и контрола на активностите во речното корито, како што се рибарењето и рекреацијата. Поради тоа, еколошките протоци треба да се разгледуваат како составен дел на еден современ пристап на управување со речниот слив.

ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРЕДЕЛИ

Според националната стратегија за заштита на природата (2017-2027) територијата на општина Кавадарци спаѓа во **Рамничарско-бреговит субмедитеранско-континентален земјоделски предел на лозја (Тиквешки предел).** Предел на борови шуми (како највисоко вреднувани пределски едници се издвојуваат пределите на борови шуми на Кожуф.

Една од најголемите специфичности на територија на општина Кавадарци е разноликоста на природата која е различна на сите 992,44 км$^2$. Територијата на Општина Кавадарци се простира на подрачјето на средно Повардарие и делот на Црноречието, од браната „Тиквеш“, до сливот во реката Вардар, па се до висорамнината Витачево и зафаќа значителен дел од Тиквешката котлина и секако сите овие природно географски знаменитости имаат своја биолошка разновидност на територијата на општина Кавадарци се наоѓаат природните живеалишта: Строгиот резерват Тиквеш, Планините Кожуф и Козјак,Висорамнините Витачево и Вишешница , Дреновска Клисура и др.

Територијата на општина Кавадарци се мешаат 3 видови на клима и тоа: медитеранската,континенталната и планинската клима.

**БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ**

Според денешните сознанија за проученоста на одделните таксономски групи кои се дел од видовата (специјската) биолошката разновидност, досега на територијата на Република Македонија досега се регистрирани околу 2000 видови алги, над 2000 видови габи и 450 лишаи, 3200 видови васкуларни растенија, околу 500 таксони мовови, 13000 таксони без'рбетници, 85 видови риби и цикло-стомати, 14 видови водоземци, 32 вида влечуги, 335 видови птици и 89 видови цицачи. Посебно значење меѓу нив имаат ендемичните видови - околу 150 ендемични алги, околу 120 ендемични васкуларни растенија, над 700 безрбетници и 27 ендемични видови риби.

На територијата на општина Квадарци имаме присутен значаен дел од оваа национална биолошка разновидност и може да се заклучи дека се потребни нови студии за валоризација на биолошка разновидност како би го специфицирале точниот број на повеќето претставници.

Базата на податоци за биолошката разновидност на Општина Кавадарци е димензионирана со изработката на студиите за валоризација на биолошката разновидност за Подрачјата Тиквеш (строг резерват-заштитено подрачје од прва категорија) и Алшар (споменик на природата). Како и студијата за Дреновска Клисура која е на самата граница со општина Росоман.

**КОЖУФ**

Како планина е една од помладие планини за разлка од Козјак. Планината Кожуф претставува значително живеалиште за претставниците од сите категории на биолошката разновидност. Од поважните знаменитости е тоа што на планината кожуф е

присутна Мечката. Таа ја користи оваа планина и како живеалиште и како коридор Истата е документирана на Камерите на Еко-Живот 2021ва во склоп на проектот „мониторинг на Биолошката разновидност на територијата на Општина Кавадарци“. Има индикации за можно присуство на Балкански Рис кој го имало до почетокот на 80дестите години. Сепак рисот претставува теритроијално осамено животно чие присуство доколку е во помала бројност тешко се докажува. На повисоките предели (врвовите) на планината Кожуф имаме присутно едно стадо од дивокози чие живеалиште е во константна опасност од влијанието на криволовците,а и самите концесионери не им посветуваат внимание за нивната заштатита поради малиот број на ловочувари во својата служба,а истото не е санкционирано од ловите инспектори при Држаниот инспекторат за ловство. Присутнни се повеќе колонии на Пелистерски Бор (Молика). Овие колонии се под закана за уништување од страна на дивосечачите и се предлага нивна заштита од страна на претпријатието Национални Шуми и од страна на локалната самоуправа. Во 2021 година во пределот на планина Кожув прогласена е заштитна зона „Лукар“, во одмаралиште „Михајлово“ во тек е изработка на проект за ски патека и жичара.

## Строгиот резерват Тиквеш

Заштитеното подрачје “Тиквеш” во национални рамки е вклучено во листата на значајни растителни (IPA) подрачја во Република Македонија и во националната Емералд мрежа. Природните вредности на ЗП “Тиквеш”” произлегуваат од големиот диверзитет и видово богатство, пред се на претставниците од орнитофауната. Од посебно значење за подрачјето е присуството на загрозени и ретки птици грабливки, од кои поедини видови и гнездат на просторот на Заштитеното подрачје. На меѓународно ниво, подрачјето на клисурата на Црна Река и пошироката околина е идентификувано како еден од значајните орнитолошки локалитети, со глобално значење. Поедини растителни и животински видови кои се присутни на подрачјето се вклучени во прилозите на ратификуваните меѓународни конвенции и договори од Проект на УНДП: 00058373 „Јакнење на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на национални заштитени подрачја на Македонија” Студија за ревалоризација на природните вредности на ЗП Строг природен резерват “Тиквеш” изработена од експертски тим на Фармахем – Скопј е 4 PM, но и во директивите на ЕУ за заштита на природата и IUCN Црвената листа на загрозени видови. Присуството на 175 видови птици на еден релативно мал простор, укажува на посебното богатство на орнитофауната во ова заштитено подрачје. Педесет и седум видови на птици застапени на територијата на заштитеното подрачје Тиквешко Езеро се вклучени во Анекс I од Директивата за птици, што значи видови кои имаат потреба од посебна заштита на нивните хабитати. На Црвената листа на глобално загрозени видови на IUCN од 2009 година, во категоријата на загрозени се вклучени три видови на птици со релативно голема популација на територијата на заштитеното подрачје Тиквеш.

Заштитеното подрачје Тиквеш се протега по долниот тек на Црна Река, на околу 13 км југозападно од градот Кавадарци. Член 2 од Актот за прогласување на орнитолошкиот локалитет

Тиквеш во клисурата на реката Црна Река за строг природен резерват (Службен весник на Република Македонија бр. 35/97 од 23 јули 1997 година) ја утврдува границата на заштитеното подрачје. Таа започнува во западниот дел на Тиквешкото Езеро кај локалитетот Нерезините, под висинската точка 386, откаде што се качува до врвот Врв (775 m) на југозапад и продолжува на југ директно до селото Праведник, откаде се спушта до долината на реката Дољан. Границата потоа минува преку езерото и се крева кон врвот Варелова Тумба (688 м), каде под прав агол завива кон исток до висинската точка 609. Од оваа точка, границата продолжува на југоисток преку врвот Водена Пеш (807 m) до брегот на реката Блаштица. Границата потоа ја минува реката Блаштица и продолжува на североисток, преку врвот Самовилец (772 m) до врвот Куманичево (917 m). Од оваа точка, границата продолжува на север до локалитетот Плазје и преку висинската точка 660, по 2 km на север врти кон исток кон долината на реката Каменица. Ја сече долината и ја менува насоката во полукруг кон североисток. Го сече Касапски Дол, оди до висинската точка 432, го сече патот помеѓу селото Бегниште и Тиквешко Езеро и врти кон западсеверозапад преку локалитетот Прпљуј, завршувајќи на почетната точка на брегот на Тиквешкото Езеро. Проект на УНДП: 00058373 „Јакнење на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на национални заштитени подрачја на Македонија" Студија за ревалоризација на природните вредности на ЗП Строг природен резерват "Тиквеш" изработена од експертски тим на Фармахем – Скопј е 9 Заштитеното подрачје Тиквеш се наоѓа во Тиквешката Долина, во кањонот на Скочивирската Клисура, по течението на реката Црна, околу 10 km југозападно од градот Кавадарци. Долината е создадена од интензивни тектонски процеси, кои започнале во раниот терцијар (олигоцен) пред околу 30 милиони години и продолжиле сè до доцниот терцијар (од пред околу 5 милиони години). Во текот на геолошката историја на регионот, во езерските фази (плеистоценот), од пред 1,5 милиони години до пред 10,000 години, во Тиквешката Долина постоеле две посебни езера (Тиквешко и Раечко), кои биле меѓусебно поврзани преку кањонот на Дреновската Клисура. Литостратографската структура на теренот се карактеризира со присуство на слоеви карпи кои потекнуваат од периодите на тријас и доцна креда во ерата на мезозоикот, и периодите на палеоген (терцијар) и неоген во ерата на кенозоикот. Во седиментите од палеогенот кои се среќаваат западно од селото Драгожел, забележана е фосилна фауна на школки, полжави и корали кои потекнуваат од ерата на доцниот еоцен (пред 35 милиони години). Најкарактеристична одлика на оваа област е присуството на карпести маси, кои биле создадени со интензивна вулканска активност во поширокиот регион во текот на терцијарот, кој започнал пред околу 65 милиони години. Геоисторијата во рамките на заштитеното подрачје поаргументирано може да се следи од периодот на мезозоикот кога Вардарската Зона се карактеризира со изразито голема лабилност што условило повеќе трансгресии и регресии проследени со базичен магматизам.. Во текот на плеистоцен во веќе оформената долина на Црна Река дошло до истекување на Пелагониското и Мариовското Езеро, односно со пробивање на гредата на јурски варовници кај Демир Капија поради пропаѓањето на Егејското Копно се создава клисурестата долина на Црна Река. Територијата на заштитеното подрачје "Тиквеш" во тектонски поглед припаѓа на Вардарската Зона, т.е. на нејзината западна и средишна субзона. Како резултат на радијалната тектоника подрачјето е расчленето на повеќе

тектонски блокови, грабени и тесни зони. На поширокото подрачје најзначајни се: Козјачкиот и Рожденскиот Блок и грабените Дренско-Витолишки, Галишко-Арнички, ПолошкоРжановски и др. Структурниот (примарен) релјеф во поширокиот дел на заштитеното подрачје е претставен со планината Дрен (Орле, 1.470 m) на север, североисточните ограноци на планината Козјак (Голем Козјак, 1.814 m) на југ и Витачево (700-900 m надморска височина) на исток.

- **Општи карактеристики – Заштита на животната средина, инфраструктура, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија**

- **Заштита на животната средина**

- Општина Кавадарци располага со **богат природен потенцијал**, меѓу кои се вбројуваат: езерото Тиквеш, Широколошка Река, шумските појаси околу селата, и лозарско-овоштарскиот предел кој доминира во Повардарјето.
- Како индустриски и земјоделски центар, општината се соочува со **предизвици поврзани со загадување на воздухот, почвата и водата**, особено во зимскиот период поради греење на дрва и отпадни емисии.
- Сè уште нема **локален Катастар на загадувачи** или постојан систем за мерење на квалитет на воздух.
- Постојат проблеми со **диви депонии**, неконтролирано согорување отпад и отсуство на селекција на отпад во домаќинствата.
- Езерото Тиквеш, иако е заштитено како природен ресурс, е изложено на **акумулација на отпад, ерозија и намалување на биодиверзитетот**.

- **Еколошка инфраструктура**

- Системот за **одведување и прочистување на отпадни води** е ограничен. Градот има развиена канализација, но руралните средини користат септички јами.
- Недостига **пречистителна станица за отпадни води**, и тоа претставува стратешки приоритет за општината.
- Управувањето со отпад е централизирано преку ЈП „Комуналец“, но **нема функционален систем за селекција, рециклирање и компостирање**.
- Во урбаниот дел има инсталирани контејнери, но во селата оваа услуга е ограничена или нерегуларна.

- **Енергетска ефикасност**

- Голем дел од **јавните згради се енергетски неефикасни**, со стари фасади, прозори и системи за греење.
- Не постои сèопфатна стратегија за **енергетска санација на јавни објекти**, но во изминатите години се реализирани неколку поединечни проекти (замена на кровови, изолација и ЛЕД-осветлување).
- Уличното осветлување делумно е модернизирано со **ЛЕД-светилки**, но не во сите месни заедници.
- Сè уште нема локален систем за следење на потрошувачката на енергија или јавно достапни податоци за енергетска ефикасност.

- **Обновливи извори на енергија**

- Општината има природен потенцијал за **сончева енергија (фотоволтаици)** и **мини хидроцентрали**.
- На територијата на Кавадарци работат неколку **мали приватни ХЕЦ**, додека државната хидроцентрала „Тиквеш“ е клучен регионален капацитет за електрична енергија.
- Расте интересот за **домашни и индустриски фотоволтаични системи**, особено од страна на винариите и фармите, но недостига системска поддршка на локално ниво.
- Општината сè уште нема воспоставена **локална програма за поддршка на обновливи извори** (субвенции, мапирање, инвестициски повици).

- **ПОТРЕБИ И НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ИНФРАСТРУКТУРА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

  - **Заштита на животната средина**

**Потреби:**

- Недостаток од систем за континуирано мерење на квалитетот на воздух, почва и вода.
- Постоечко загадување од индивидуални ложишта, индустриски процеси и транспорт.
- Зголемен број на диви депонии и несанитарно отстранување на отпад.
- Загрозен биодиверзитет околу езерото Тиквеш и другите природни зони.

**Насоки:**

- Воспоставување **локален систем за мониторинг на квалитетот на воздух и почва**.
- Изработка на **Катастар на загадувачи** и план за намалување на емисии.
- Развивање на **еко-зони** и заштитени подрачја во околината на езерото Тиквеш.
- Реализирање на едукативни и волонтерски акции за заштита на природата.

---

  - **Еколошка инфраструктура**

**Потреби:**

- Недостиг на пречистителна станица и нефункционално прочистување на отпадни води.
- Делумна или слаба канализациона поврзаност во руралните населби.
- Недоволна покриеност со услуги за собирање и третман на отпад во селата.
- Отсуство на систем за селекција, рециклирање и компостирање на отпад.

**Насоки:**

- Приоритизирање на изградба на **пречистителна станица** во урбано и индустриско подрачје.
- Постепена изградба на **канализациска мрежа во рурални месности**.
- Воспоставување на **зелени острови и мобилни пунктови за селекција на отпад**.
- Поддршка за иницијативи за компостирање во домаќинства, училишта и земјоделски фарми.

---

- **Енергетска ефикасност**

**Потреби:**

- Голем број на јавни и образовни установи со висока потрошувачка на енергија.
- Немање целосна енергетска санација (изолација, прозори, кровови).
- Недоволно ЛЕД-осветлување во уличната инфраструктура.
- Нема локален систем за следење и управување со енергетска потрошувачка.

**Насоки:**

- Изработка на **локален план за енергетска ефикасност и санација** на јавни објекти.
- Поднесување апликации до национални и европски фондови за реконструкција на училишта и детски градинки.
- Замена на постојното јавно осветлување со **енергетски ефикасни ЛЕД-системи**.
- Воспоставување на **општински енергетски менаџмент систем** за следење и анализа на потрошувачка.

---

- **Обновливи извори на енергија**

**Потреби:**

- Недостаток од јавни објекти со фотоволтаични системи.
- Потенцијал за користење на сончева енергија на покривите на јавни згради.
- Слаба поддршка за граѓани и компании што сакаат да инвестираат во обновливи извори.

**Насоки:**

- Развивање на **општинска програма за поддршка на соларни системи** (водичи, мапи, едукативни настани).
- Аплицирање за **ИПА, ЕУ и национални фондови** за соларни панели на училишта, болници и институции.
- Стимулација на соработка со приватен сектор за користење на обновливи извори (јавен–приватен партнерски модел).
- Поддршка за **енергетски задруги** и граѓански еко-иницијативи.

## ➢ УРБАНИЗАМ

Инфраструктурата и урбанистичкото планирање се едни од најзначајните фактори кои влијаат врз развојот на една општина, и претставува континуиран процес што се обезбедува со изработување, донесување и спроведување урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Вклучувањето на целите на заштита и унапредувањето на животната средина особено климатските промени во фазата на подготовка на планските документи ќе обезбеди одржлив

развој и хумани услови за живеење во Кисела Вода, не занемарувајќи го и инфраструктурниот развој и неговиот економско - стопански просперитет како важни предуслови за привлекување на инвестиции.

рбанизмот претставува основен алат за организирање, планирање и уредување на просторот во функција на долгорочниот развој на општината. Тој овозможува рационално користење на природните и инфраструктурните ресурси, урамнотежен развој на урбани и рурални подрачја, како и обезбедување на пристојни услови за живот на граѓаните. Ефикасното урбанистичко планирање не е само технички или правен процес, туку важен дел од визијата за општествено, економски и еколошки одржлива заедница.

Во контекст на Општина Кавадарци, урбанизмот има посебна тежина поради специфичниот просторен, економски и демографски развој на општината. Кавадарци претставува урбан центар кој во себе интегрира индустриски, земјоделски, образовни, културни и туристички функции, со гравитација и влијание врз поширокиот регион на Тиквешијата. Притоа, урбанистичкото организирање на просторот претставува клучен фактор за рамномерен територијален развој, ефикасна јавна услуга, заштита на животната средина и зголемување на квалитетот на живеење.

Во последните децении, општината бележи проширување на урбаното подрачје, особено кон северниот и источниот дел од градот, но и предизвици поврзани со неусогласена изградба, застарена урбанистичка документација и недоволна регулација на одредени зони. Дел од населените места сè уште немаат уредена просторна документација, што претставува пречка за развој и за легализација на постојната состојба. Урбаниот раст се одвивал побрзо од процесите на планско управување, што резултира со потреба од ревизија, модернизација и транспарентност во урбанистичкото работење.

Современите предизвици како климатските промени, миграциите, економската динамика и дигитализацијата бараат нови пристапи во урбанистичкото планирање. Урбанизмот денес треба да биде алатка за создавање функционални, безбедни, достапни и еколошки заедници, кои ќе ги задоволат потребите на сите граѓани – вклучувајќи млади, стари, маргинализирани групи и лица со попреченост.

Во таа насока, урбанизмот како стратешка компонента ги вклучува: уредувањето на просторот, квалитетот на домување, јавната инфраструктура, односот кон зелените површини, заштитата на културното и природното наследство, и одржливата мобилност. Преку сеопфатно согледување на моменталната состојба и дефинирање на конкретни насоки, планот има цел да придонесе кон создавање на инклузивно, уредено и хумано урбано и рурално опкружување.

- Анализа на состојбата

Урбанистичкото уредување на просторот во Општина Кавадарци се одвива врз основа на Генералниот урбанистички план (ГУП) и повеќе Детални урбанистички планови (ДУП) кои ги опфаќаат градските зони и дел од урбанизираните периферии. И покрај тоа што постои планска основа за дел од урбаното подрачје, голем дел од руралните населени места не се опфатени со валидна урбанистичка документација, што претставува значителен лимит за нивен инфраструктурен, економски и просторен развој.

Во последната деценија, се бележи интензивирано градење, особено на индивидуални станбени објекти, како и појава на неконтролирана урбана експанзија во периферни населби (Прждево, Трска, Горна Бошовичка, и делови околу индустриската зона). Недостатокот од регулирани планови води до непланирани приклучоци на инфраструктура, проблеми со комунални услуги и неусогласеност со потребите на заедницата.

Центарот на градот се карактеризира со висока изграденост, недостиг од паркинг-простори и намалени зелени површини, особено околу плоштадот и покрај главните булевари. Истовремено, јавното урбано зеленило е недоволно одржувано и нерамномерно распределено, што се одразува врз квалитетот на живеење и еколошкиот баланс.

Постојните ДУП-ови често не се усогласени со реалната состојба на теренот, а некои се застарени или нецелосно имплементирани. Ова предизвикува административни бариери при легализација, инвестирање или одобрување на нови проекти. Дополнително, граѓаните често немаат пристап до планската документација, што ја ограничува јавната транспарентност и учество во процесите на планирање.

Во делот на урбаната мобилност, недостига системски пристап за пешачки, велосипедски и еколошки транспорт, а јавниот превоз е слабо организиран, особено во насока на селата.

Општината во изминатиот период има преземено активности за ревизија на постојните урбанистички планови и дигитализација на дел од податоците, но потребно е посистематско и координирано дејствување, особено во делот на усогласување со принципите на одржлив урбан развој, климатска отпорност и зелена инфраструктура.

- **Општи карактеристики**

Општина Кавадарци има доминантно **урбанизирано градско подрачје**, со централна зона каде што се сместени административните, образовните, здравствените и културните институции. Градот се развивал историски околу старото градско јадро, а во последните децении се проширува кон периферијата, особено на север и исток.

Во урбаната структура се издвојуваат:

- **Живеалишни зони** (семејни куќи и колективно домување),
- **Зони на јавни функции** (училишта, здравство, култура),
- **Индустриско-економска зона**, како и
- **Зелени површини** (градскиот парк, делови покрај Луда Мара, школски дворови и спортски терени).

На територијата на општината функционира **Генерален урбанистички план (ГУП) за градот Кавадарци** и **Детални урбанистички планови (ДУП)** за повеќе урбани подрачја. За дел од селата се подготвуваат **локални урбанистички планови**, но сè уште постојат рурални населби кои немаат уредена просторна документација.

- **Потреби и насоки за развој**

**Потреби:**

- Ревидирање на постојните ДУП-ови и нивно усогласување со новите потреби и реалности.
- Изработка на урбанистички планови за рурални населби каде недостасуваат.
- Поголема застапеност на **зелени површини и јавни простори** во идното планирање.
- Урбанистичко организирање на **нови стамбени и индустриски зони**, со соодветна инфраструктура.
- Интеграција на **климатски адаптибилни решенија** во планирањето (платформи за одвод, засенчување, заштитни појаси).
- Создавање **одржливи модели на урбан развој**, вклучувајќи пешачки зони, велосипедски патеки и јавен транспорт.

**Насоки:**

- Применување на принципите на **паметно урбано планирање (smart planning)** со дигитализација на податоци и плански документи.
- Воведување на **учество на граѓаните** во фазите на урбанистичко планирање преку јавни расправи и алатки за консултација.
- Развивање на **ГИС-систем (географски информациски систем)** за просторно управување и транспарентност.
- Стимулирање на **јавен–приватен партнерски модел** за развој на нови населби, деловни зони и инфраструктура.
- Разработка на **концепт за одржлив урбан мобилитет** – со приоритет на пешаци, велосипеди и еколошки превоз.
- Воведување на **задолжителни стандарди за енергетска ефикасност и пристапност** при планирање на јавни објекти и домување